ISSN 2671-3764

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# БЕЗБЕДНОСТ

INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL **SECURITY**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**МИНИСТЕРТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
**MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS**

**ПРИМЕНА НА ОДБРАНБЕНИ ТЕХНИКИ ВО СИСТЕМОТ НА ОБУКА...**

**МЕЃУНАРОДНИ АСПЕКТИ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА И БОРБА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНАТА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ...**

**THE ROLE OF NIKOLA TESLA IN THE PREVENTION OF THE THIRD WORLD WAR**

**ПОЛИЦИСКА ОБУКА - ПОИМ И ВИДОВИ**

**ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ЕДИНИЦА МЕРКА ЗА ПЕРФОРМАНСИТЕ**

**КРИМИНОЛОШКО-ВИКТИМОЛОШКИ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ**

**НЕСООДВЕТНИОТ ТРЕТМАН ВО КАЗНЕНОПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ КАКО МОЖНА ПРИЧИНА ЗА ТЕРОРИЗМОТ**

**БР. 4 / 2020**

**ГОДИНА LXI, БРОЈ 4, СКОПЈЕ, 2020 ГОДИНА**

ISSN 2671-3764

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ**

# БЕЗБЕДНОСТ

**БР. 4 / 2020**

**Скопје, декември 2020**

**Издавач:**
Министерство за внатрешни работи
на Република Северна Македонија
ул. Димче Мирчев бр. 9
1000 Скопје

www.moi.gov.mk
e-mail: spisanie@moi.gov.mk
Телефон: +389 (0)2 3 117 222
ISSN 0351-0220

**За издавачот:**
Оливер Спасовски, Министер

**Техничка обработка:**
Никола Дујовски
Зоран Цоцовски

**Главен и одговорен уредник:**
Никола Дујовски

**Лектура:**
Елена Георгиевска

**Заменик главен и одговорен уредник:**

Агим Нихиу

**Печати:** Графо Пром - Битола
**Тираж:** 100 примероци

**Меѓународен уредувачки одбор:**
Оливер Бачановиќ,
Цане Мојаноски,
Наташа Пеливанова,
Снежана Мојсоска,
Фросина Ташевска Ременски,
Трпе Стојановски,
Марина Митревска,
Тони Дескоски,
Гордана Лажетиќ,
Наташа Габер Дамјановска,
Ќебир Авзиу,

Дане Субашиќ
Владимир Цветковиќ
Соња Циндори
Андреј Сотлар
Неџат Корајлиќ
Премисил Росулек
Детлеф Шредер
Норберт Лајтнер
Билбил Мемеј
Неделчо Лазаров Стојчев
Круносдав Боровац

Зоран Цоцовски, Главен советник,
Секретар на Меѓународен уредувачки одбор

Сите права се задржани.

Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одбрение на издавачот и авторите.

# С О Д Р Ж И Н А

Јонче Ивановски, Трајче Николов.......................................................... 5

ПРИМЕНА НА ОДБРАНБЕНИ ТЕХНИКИ ВО СИСТЕМОТ НА ОБУКА КАЈ КАНДИДАТИТЕ ЗА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ ............................................. 5

Иван Ристов Кире Бабаноски ........................................................................ 23

МЕЃУНАРОДНИ АСПЕКТИ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА И БОРБА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНАТА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ ................................................. 23

Stojan Troshanski................................................................................................ 37

THE ROLE OF NIKOLA TESLA IN THE PREVENTION OF THE THIRD WORLD WAR 37

Мартина Неделковска-Инџекарова ................................................................ 49

ПОЛИЦИСКА ОБУКА - ПОИМ И ВИДОВИ ........................................................ 49

Младен Трајков Александар Нацевски........................................................ 65

ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ЕДИНИЦА МЕРКА ЗА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ/ КАДЕТИТЕ/ КУРСИСТИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ................................................................... 65

Стевчо Јолакоски........................................................................................... 93

КРИМИНОЛОШКО-ВИКТИМОЛОШКИ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ И ПРЕВЕНЦИЈА НА СООБРАЌАЈНИТЕ ДЕЛИКТИ.......................... 93

Бојан Христровски......................................................................................... 117

НЕСООДВЕТНИОТ ТРЕТМАН ВО КАЗНЕНОПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ КАКО МОЖНА ПРИЧИНА ЗА ТЕРОРИЗМОТ ВО ЕВРОПА............................................ 117

Јонче Ивановски, Трајче Николов

# ПРИМЕНА НА ОДБРАНБЕНИ ТЕХНИКИ ВО СИСТЕМОТ НА ОБУКА КАЈ КАНДИДАТИТЕ ЗА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

вонреден професор д-р Јонче Ивановски,
Факултет за безбедност - Скопје,
email: jonce_i@yahoo.com

Трајче Николов, самостоен советник
по одбранбени техники и општо физичко,
Центар за обука на МВР, email: trajce_gradsko@hotmail.com

**Апстракт**

Процесот на едукација на полициските кадри во Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи се заснова на Програма која ги задоволува критериумите за квалитет на национално и меѓународно ниво. Оваа Програма нуди нови аспекти во полициската едукација кои се ориентирани кон суштински активности и компетенции поврзани со развој на знаења и вештини во образовната институција и нивна практична имплементација во професионалната средина. Физичката обука којашто е составен дел на оваа Програма, има за цел да овозможи планско и систематско развивање на специфични знаења и способности кај полициските кандидати за примена на одбранбените техники во специфични безбедносни околности. Поради тоа, во трудот целта беше да се утврди оспособеноста и нивото на знаења кое кандидатите успеваат да го постигнат за практична примена на одбранбените техники во текот на едногодишната обука, како и да се процени нивната применливост во реални услови на полициско постапување. За да се добијат

конкретни сознанија за повратните ефекти кои ги предизвикува физичката обука, со примена на посебна методолошка постапка е извршено оценување на тестовите за мерење на компетенции по одбранбени тестови во првиот, вториот и третиот наставен модул кај вкупно 455 кандидати за полициски службеници. По спроведување на сите статистички анализи и постапки е утврдено дека тестираниот модел за физичка обука овозможува кандидатите за полициски службеници да стекнат завиден степен на знаења и вештини за примена на одбранбени техники, но, сепак, кај еден мал број на кандидати едукативниот услов не е исполнет, па затоа од нивна страна не може да се очекува како идни полициски службеници ефикасно да одговорат на безбедносните предизвици во кои е неопходна употреба на средствата за присилба.

**Клучни зборови**: полициска едукација, кандидати за полициски службеници, физичка обука, наставен модул, одбранбени техники

## Основни карактеристики на одбранбените техники за учење во обуката

Полициската обука која се спроведува во Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи во Идризово претставува посебен облик на настава, чија основна цел е да профилира компетентен полициски службеник кој ќе поседува знаења и вештини со висок степен на професионалност, креативност, иницијативност и, пред сѐ, стручност во извршувањето на работните задачи.[1]. Во функција на оваа заложба, еден дел од наставната програма и план се однесува на едукација и тренинг за подобрување на општата и специфичната моторичка структура на кандидатите за полициски службеници[2]. Првиот

[1] Основна обука за човекови права при полициско постапување, (Скопје, Министерство за внатрешни работи -Центар за обука, 2014).

[2] Наставна програма за основна обука за полицаец, (Министерство за внатрешни работи, Скопје 2013), http://arhiva.mvr.gov.mk/Uploads/Nastavna_programa_osnovna_obuka.pdf.

сегмент од програмата вклучува разновидни спортски активности (општо физичко) преку кои се овозможува постепена трансформација и развој на базичните моторички способности во насока на специфичните барања и потреби од оваа програма, а тоа е усвојување и примена на елементарни и применети одбранбени техники и методи, кои во облик на физичка сила или некое друго средство за присилба се применуваат во специфични безбедносни околности од страна на полициските службеници со користење на минимално и разумно количество на сила.

Имајќи ја предвид сложеноста на структурата на наставната програма за физичка обука и потребата да се формира посакуваниот профил на идните кандидати за полициски службеници, фондот од (82+20) часа кој е предвиден за учење на одбранбените техники ги вклучува следните наставни блокови: позиција за легитимирање (3+1) часа; борбени ставови и движења во борбени ставови (3+1) часа; удари со рака и лакот (4+1) часа; удари со нога и колено (4+1) часа; одбрани од удари со рака (4+1) часа; одбрани од удари со нога (3+1) часа; техники на падови (3+1) часа; техники на фрлања (4+1) часа; контролни техники (4+1) часа; транспорт, позиција и совладување на отпор (6+1) часа; совладување на пасивен отпор (3+1) часа; самоодбрана - одбрана од невооружен напаѓач (10+2) часа; самоодбрана - одбрана од вооружен напаѓач (10+2) часа; употреба на гумена палка (4+1) часа; одбрана од фат за гумена палка (2+1) часа; врзување со лисици (8+2) часа; практични сценарија за решавање на конкретни проблемски ситуации (8+1).

Сите наведени групации на одбранбени техники коишто се составен дел од физичката обука претставуваат комплексен едукативен процес, затоа што нивните сегментарни елементи во терминолошка и структурална смисла покриваат широка област од боречките спортови и специфичната полициска практика (употреба на средства за присилба), каде се обработуваат одбранбени техники со проста моторичка структура, но и одбранбени техники со комплексна моторичка структура со кои се решаваат сложени безбедносни задачи во услови на ситуациско-тактичко постапување и реагирање на

полицијата[3]. Во контекст на ова, во кратки црти е прикажан и објаснет системот на одбранбени техники кој се применува во едукација на кандидатите за полициски службеници во текот на обуката.

Во рамките на програмскиот сегмент **позиција за легитимирање**, посебно внимание се посветува на тактичката поставеност и позиционирање на полициските службеници во просторот додека се спроведува постапката за безбедна проверка и утврдување на идентитетот на лицето. Главен акцент, во овој почетен дел од програмата се дава на начинот на заземање на основен природен став, односно ставот за водење на разговор додека се спроведува процесот на легитимирање. Овој став ја претставува најприродната положба на телото и рацете и се применува секогаш кога полициските службеници вршат службени дејствија или преземаат полициски овластувања на јавни места.

Вториот програмски сегмент од програмата се однесува на **техники на борбени ставови и движење во борбени ставови**, кои се применуваат секогаш кога се исполнети законските услови за употреба на средства за присилба. Борбените ставови се формираат со спуштање на тежиштето на телото во пониска положба и со исчекорување на едната нога нанапред или наназад со што се обезбедува поволна позиција за одбрана, напад или контранапад со изведување на разновидни движења во просторот при што се овозможуваат услови за правовремена реакција доколку безбедносните околности го бараат тоа од полициските службеници.

Третиот блок на одбранбени техники од програмата се однесува на **техники на удари** кои се изведуваат со различни делови на горните и долните екстремитети (прсти, дланка, лакот, стапало, колено) и со соодветно синхронизирано учество на останатите делови на телото. Техниките на удари како средства за одбрана или напад се применуваат во разни борбени ситуации во кои се совладува физички отпор на лице со нанесување на соодветен степен на болка врз неговото тело. Техниките на удари се најприменувани средства

[3] Јанко Јакимов, Специјално физичко образование, (Скопје, Факултет за безбедност, 2011), 77-245.

што се користат при контакт со напаѓач, па затоа е важно правилно да се процени безбедносната ситуација и да се избере онаа техника на удар со која успешно ќе се заврши службената задача.

Четвртиот програмски сегмент од програмата ги обработува **техниките на одбрана** (блокади), кои овозможуваат неутрализација и одбивање на напад кој се врши со раце и нозе. Техниките на одбрана се изведуваат со вклучување на различни делови на горните и долните екстремитети со цел да се заштитат виталните делови на телото, и тоа преку подметнување на делови од тело, со пренасочување на ударот и со негово избегнување . Без разлика на кој начин се изведуваат техниките на одбрани, тие мора да се изведат на брз и енергичен начин со цел да овозможат соодветни услови за навремено реагирање и постапување на полициските службеници.

Петтиот програмски сегмент од програмата е предвиден за учење на елементарни **техники на фрлања** кои се наменети за дестабилизација и нанесување на болка на напаѓачот сé до неговата целосна контрола, и **техники на падови** со кои се учи како да се обезбедат поволни услови за паѓање на подлогата без да има опасност од настанување на повреда.

Во шестиот програмски сегмент од програмата се обработуваат **контролни техники** за совладување на отпор на лице кое се приведува, односно се врши негов транспорт, при што посебен акцент во постапката се става на правилната примена на техниките на лостови со кои се воспоставува контрола врз лицето со нанесување на соодветен степен на болка во пределот на рачните зглобови или некои други делови од телото.

Седмиот програмски сегмент **самоодбрана - одбрана од невооружен и вооружен напаѓач**, на некој начин претставува покомплексен програмски дел зошто вклучува голем број на одбранбени техники (комбинации) од претходните програмски сегменти, со кои се спречуваат и одбиваат разновидни видови на физички и вооружени напади во услови на однапред утврден концептуален редослед и начин на дејствување, но и во посебни услови на ситуационо реагирање и постапување при решавање на проблемските ситуации.

Во осмиот програмски сегмент се учи **основната употреба и начинот на користење на полициска палка** при изведување на техники на удари во дозволени делови од телото на напаѓачот, како и одбивање на противправни напади кои имаат за цел одземање на службената палка од рацете на полициските службеници.

Во последниот сегмент од програмата се учи **начинот на употреба на средствата за врзување - лисици**, и тоа во услови кога лицето соработува и кога активно се спротивставува. При спроведување на постапката на врзување, посебно внимание се посветува на правилното поставување на лисиците и на смалување на ризикот од нанесување повреди кај лицето кое се врзува.

## Методологија за оценување на тестовите за мерење на компетенции по одбранбени тестови

Системот на одбранбени техники кој се користи во текот на обуката, а со кој се дава главен акцент на суштинските активности поврзани со развојот на знаењето и вештините за примена на средствата за присилба во практични услови, опфаќа повеќе различни тестови за мерење на компетенции преку кои се врши оценување на кандидатите. Тестовите содржат целосен опис на задачата и лист со критериуми (клучни компетенции) кои кандидадите мора да ги положат (табела бр. 1). Во согласност со утврдената динамика за добивање на позитивна оценка во тестовите, секој кандидат покрај тоа што мора да ги положи клучните компетенции мора да положи и 60 % од неклучните компетенции. Имајќи го предвид ваквиот методолошки пристап за оценување на тестовите во трите наставни модули од обуката, секој кандидат може да освои вкупно 12 бодови во еден модул[4]. Во зависност од бројот на тестови кои влегуваат во состав на модулите, кандидатите можат да освојат најмногу 2, 3 или 4 бодови во еден тест. Според поставените бодовни критериуми се прави

[4] Twinning project in Police academy Skopje, CARDS 2004FYR 04.04/03.01. 04 MAC01/13/002.

реална процена на степенот на усвоени знаења, вештини и однесувања кои кандидатите ги покажуваат при тестирањата, што ја дава целокупната слика за нивните постигнувања и напредок во текот на обуката.

Табела бр. 1. Тестови за мерење на компетенции по одбранбени техники во обуката

| |
|---|
| **Прв модул** |
| **1. Тест за мерење на компетенции – удари со рака и лакот - (2 бода)** |
| 1.1 Дијагонален став и оптимално разделени стапала и стабилна рамнотежа. |
| 1.2 Рацете се оптимално испружени со отворени дланки - клучна компетенција. |
| 1.3 Движењето со нозете е правилно - клучна компетенција. |
| 1.4 Ударите со раце се правилно изведени со оптимална брзина, сила и должина. |
| 1.5 Ударите се изведени во дозволените зони за удар. |
| 1.6 Издавањето на наредби пред и после изведбата на ударите е правилно запазено. |
| **2. Тест за мерење на компетенции – удари со нога и колено - (2 бода)** |
| 2.1 Одржувањето на стабилноста во одбранбениот став пред, за време на ударите со нога и по нивната изведба е оптимална. |
| 2.2 Ударите се изведени во дозволените зони на удар со контролиран интензитет - клучна компетенција. |
| 2.3 Правилно се искористени ударните површини за изведба на ударите со нога. |
| 2.4 Издавањето на наредби пред и по примената на ударите со нога е правилно запазено. |

2.5 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

**3. Тест за мерење на компетенции – одбрани од удари со рака - (3 бода)**

3.1 Правилно движење со нозете и телото пред изведбата на одбраните (блокирањето) на ударите со рака - клучна компетенција.

3.2 Правовремена примена на техниките на блокирање (одбрана) од ударите со рака - клучна компетенција.

3.3 Ефикасен и контролиран изведен контраудар после изведената одбрана од ударите со рака, или примена на конкретна контролна техника.

3.4 Повторно правилно заземање на одбранбениот став по изведената одбрана и контраударите.

3.5 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

3.6 Одржување на стабилноста во одбранбениот став пред, за време и по изведбата на одбраните со рака .

**4. Тест за мерење на компетенции – одбрани од удари со нога - (3 бода)**

4.1 Правилно движење со нозете и телото пред изведбата на одбраните (блокирањето) на ударите со нога - клучна компетенција.

4.2 Правовремена примена на техниките на одбрани од удари со нога - клучна компетенција.

4.3 Навремено и правилно заземање на одбранбен по заканувачки удар со намера да се нападне полицаец.

4.4 Ефикасен и контролиран изведен контраудар после изведената одбрана од ударите со нога.

4.5 Повторно заземање на одбранбениот став по изведената одбрана и контра- ударите.

4.6 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

**5. Тест за мерење на компетенции – позиција за легитимирање - (2 бода)**

5.1 Правилно поставување и визуелна контрола на лицето во просторот - <u>клучна компетенција.</u>

5.2 Правилно поставување на телото во однос на лицето што се легитимира.

5.3 Правилно поставување на нозете.

5.4 Правилно поставување на рацете.

5.5 Правилно користење на вербални комуникации.

**<u>Втор модул</u>**

**1. Тест за мерење на компетенции – контролни техники за совладување на отпор (приведување) - (4 бода)**

1.1 Брзината на влезот за изведба на приведувањето е оптимална за успешно продолжување на техниката.

1.2 Техничката изведба на приведувањата е точна без грешки кои доведуваат до ненарушување на безбедноста - <u>клучна компетенција.</u>

1.3 По изведеното приведување издадени се јасни и недвосмислени наредби.

1.4 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

1.5 Правилно користење на вербални команди.

2. **Тест за мерење на компетенции – совладување на отпор при транспорт - (4 бода)**

   2.1 Транспортот е изведен безбедно - <u>клучна компетенција.</u>

   2.2 Техниките за совладување на отпор се адективни на отпорот, комплетно се изведени со што не ја загрозуваат безбедноста - <u>клучна компетенција.</u>

   2.3 Наредбите се недвосмислени, гласни и конкретни.

   2.4 Движењата се координирани и овозможуваат целосна контрола.

   2.5 Совладувањето на отпор е правовремено и технички издржано.

   2.6 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

3. **Тест за мерење на компетенции – Техники на врзување на лисици - (4 бода)**

   3.1 Тактичко комуницирање помеѓу полицајците овозможува успешна изведба на зададените техники - <u>клучна компетенција.</u>

   3.2 Техниката што ја изведува полицаецот за да го спречи нападот е енергична и точна - <u>клучна компетенција.</u>

   3.3 Техниката на ставањето лисици е брза, безбедна и точна.

   3.4 Правилно користење на вербални команди.

   3.5 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

   3.6 Користење на двојно заклучување на лисици.

**<u>Трет модул</u>**

1. **Тест за мерење на компетенции – Техники на падови - (3 бода)**

1.1 Хармонично и синхронизирано изведување со нагласен ритам, кој ги задоволува основните биомеханички принципи и овозможува безбеден пад - клучна компетенција.

1.2 Остварен правилен контакт со подлогата.

1.3 Постепена промена на точката на наслонување (тркалање на телото).

1.4 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

1.5 Заземање на правилна завршна положба.

**2. Тест за мерење на компетенции – Техники на фрлања - (3 бода)**

2.1 Правилен одбранбен став.

2.2 Правилна фаза на влез за изведување на техника на фрлање.

2.3 Правилно искористена фаза на фрлање - клучна компетенција.

2.4 Правилно поставување на нозете.

2.5 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој.

**3. Тест за мерење на компетенции – Одбрана од напад од невооружен напаѓач - (3 бода)**

3.1 Правилна процена на нападот.

3.2 Правилно заземање на одбранбен став со рацете за изведување на техниката.

3.3 Правилно движење со нозете, телото и рацете.

3.4 Правилно доведување во завршна фаза.

3.5 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој - клучна компетенција.

4. **Тест за мерење на компетенции – Одбрана од вооружен напаѓач - (3 бода)**
   4.1 Правилна процена на нападот.
   4.2 Правилно заземање на одбранбен став со рацете за изведување на техниката.
   4.3 Правилно движење со нозете, телото и рацете.
   4.4 Правилно доведување во завршна фаза.
   4.5 Координирано и експлозивно изведување на сите фази, без застој - клучна компетенција.

За да се добијат конкретни сознанија за ефектите кои произлегуваат од оценувањето на одбранбените тестови, во рамките на ова истражување беа опфатени вкупно 455 кандидати за полициски службеници на возраст од 20 до 25 години, кои едногодишната обука за полицаец ја имаат посетувано во текот на 2018 и 2019 година. Кај овој примерок на испитаници, тестирањата на одбранбените техники беа спроведени по завршувањето на наставата од првиот, вториот и третиот модул од страна на наставници - инструктори задолжени за реализација на физичката обука.

Со цел да се одговори на поставената цел во истражувањето, и да се согледаат реалните ефекти кои произлегуваат од воспоставената методологија за оценување на тестовите за мерење на компетенции по одбранбени техники, извршена е обработка на податоците со примена на дескриптивни статистички постапки и тоа: фреквенциска анализа - (f%) за распределба на резултатите во бодовни категории и за утврдување на степенот на усвоени знаења во наставните модули и аритметичка средина - (X) за утврдување на групен просек на усвоени знаења по модули и за утврдување на вкупен просек на усвоени знаења од обуката[5].

[5] Цане Мојановски, Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка, (Скопје, Факултет за безбедност, 2012).

## Анализа и приказ на податоците од истражувањето

Во табела бр. 2 е прикажана бодовната скала со која е извршено оценување на одбранбените техники кај кандидатите за полициски службеници и степенот на усвоеност на знаења кои тие успеваат да ги постигнат во наставните модули. Според начинот на којшто е извршена распределба на резултатите во бодовните категории, лесно може да се утврди каков е степенот на усвоени знаења кај кандидатите, односно колку од нив поседуваат никакво, мало, средно, високо или многу високо ниво на специфични моторички знаења и вештини во текот на обуката. Следејќи ги дескриптивните показатели во табелата, може да се види дека од 2 % до 9 % од кандидатите немаат никаква усвоеност на знаења за примена на одбранбени техники, од 5 % до 19 % имаат мала усвоеност на знаења, од 14 % до 27 % имаат средна усвоеност на знаења, од 27 % до 45 % имаат висока, а додека од 18 % до 28 % од кандидатите имаат многу висока усвоеност на знаењата за примена на одбранбените техники.

Табела бр. 2. Бодовна скала за оценување на одбранбени техники кај кандидатите за полициски службеници

| **Бодовни категории** | **N=455 I модул (f%)** | **N=455 II модул (f%)** | **N=455 III модул (f%)** | **Степен на усвоеност на знаења** |
|---|---|---|---|---|
| < 4 бода | 9 % | 2 % | 6 % | никаков – оценка (1) |
| 5 – 6 бода | 19 % | 5 % | 8 % | мал – оценка (2) |
| 7 – 8 бода | 27 % | 20 % | 14 % | среден – оценка (3) |
| 9 – 10 бода | 27 % | 45 % | 45 % | висок – оценка (4) |
| 11 – 12 бода | 18 % | 28 % | 27 % | многу висок – оценка (5) |

Во согласност со наодите кои произлегуваат од примената на фреквенциската анализа се и негативните резултати во тестовите кои кандидатите ги покажуваат одделно во секој наставен модул (табела бр. 3). Врз основа на добиените резултати од табелата, може да се констатира дека најголем број на испитаниците поседуваат негативни резултати во тестовите од првиот модул, а потоа следуваат негативните резултати на испитаниците во вториот и третиот модул кои се во многу помал број. Причина за ваквата состојба е сложеноста на моторичката[6] и биомеханичката[7] структура на одбранбените техники за кои реално е потребен поголем временски период за нивно правилно изучување и практична примена, како и ниското ниво на општа физичка подготвеност на кандидатите која е директна последица на пропустите во приемната постапка за селекција што ја спроведува Министерството за внатрешни работи, а истите се одразуваат и при совладување на одбранбените техники во текот на физичката обука[8].

Табела бр. 3. Негативни резултати во тестовите за мерење на компетенции по одбранбени техники кај кандидатите за полициски службеници

| | **Број на испитаници кои имаат негативни резултати во тестовите** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Модули** | Тест 1 | Тест 2 | Тест 3 | Тест 4 | Тест 5 |
| I модул | 7 | 14 | 10 | 15 | 11 |
| II модул | 2 | 3 | 3 | / | / |
| III модул | 3 | 3 | 2 | 6 | / |

[6] Зоран Чирковић и Срећан Јовановић, ,,Примена технике бокса у оквиру садржаја програма Специјалног физичког образовања“, Зборник радова првог саветовања из специјалног физичког образовања, (1994): 71-76.

[7] Јонче Ивановски, ,,Биомеханичка структура и оптималност на основните одбранбени техники предвидени за изучување во наставата по Специјално физичко образование“, Наука&Спорт, 1 (2009): 53-58.

[8] Jonche Ivanovski, ,,Influence of the model of physical training on the education of police officer candidates“,Security Horizins, 2, (2020): 37-49.

Во последниот дел од анализата е утврдена просечната усвоеност на знаењата за примена на одбранбените техники по модули и севкупно за целата обука (табела бр. 4). Од резултатите во табелата може да се види дека во првиот модул, просечната усвоеност на знаења кај кандидатите изнесува X=8,02 бода или оценка 3, а додека во вториот и третиот модул групниот просек на усвоени знаења е нешто поголем X=9,44, X=9,18 бода и истиот е вреднуван со оценка 4. Што се однесува до вкупниот просек на усвоени знаења за примена на одбранбени знаења од обуката, тој е релативно висок X=8,87 бода, затоа што се наоѓа помеѓу бодовните категории што означуваат оценка 3 и 4. Висината на просечната оценка за примена на одбранбените техники од обуката има големо значење за добивање на продлабочени сознанија за повратните ефекти кои ги предизвикува актуелниот модел за физичка обука, кој има за цел да ги исполни основните барања кои се поставени во предметната програма. Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека во голема мера е задоволен едукативниот услов, но, од друга страна, интересно е да се види колку овие кандидати како идни полициски службеници се подготвени да ги применат стекнатите знаења и вештини од обуката во реалната полициска практика, каде одбранбените техники се применуваат како дозволени средства за присилба во професионалното полициско постапување[9]. Имајќи ја предвид сложеноста на безбедносните услови во кои се извршува полициската професија, многу е важно, по завршување на која било полициска институција[10], кандидатите да поседуваат завиден степен на обученост и стручност кој максимално ќе биде во функција на квалитетно извршување на работните задачи, а особено оној дел од работата во кој е неопходна примена на средствата за присилба.

[9] Jonche Ivanovski and Aljosa Nedev, ,,Usage of coercion means for protection of the personal safety of police officers“, International Scientific Conference, The Balkans between past and future: Security, conflict resolution and Euro-atlantic integration, 2 (2013): 279-290.

[10] Мићо Бошковиќ, ,,Некои аспекти угрожавања припадника и утицај полицијског школства на њихову заштиту“, Зборник радова:Угрожавања безбедности припадника полиције - узроци, облици и мере заштите, (2004): 25-34.

Табела бр. 4. Просечна усвоеност на знаења за примена на одбранбени техники кај
кандидатите за полициски службеници

| Групен просек на усвоени знаења по модули | Вкупен просек на усвоени знаења од обуката |
|---|---|
| I модул - (X) = 8,02 бода (оценка 3) | (X ) = 8,87 бода - (оценка 4) |
| II модул - (X) = 9,44 бода (оценка 4) | |
| III модул - (X) = 9,18 бода (оценка 4) | |

## Заклучок

Полициската професија поради специфичната природа и исклучителното општествено значење носи висок ризик и опасност по телесниот и физичкиот изглед на полициските службеници, па затоа многу често во текот на професионалната кариера оваа категорија на овластени лица се изложени на многубројни непријатности од страна на поединци или група на луѓе кои манифестираат одредено незадоволство кое се јавува во форма на вербален, физички или вооружен отпор. Од анализата на работните задачи на полицијата може лесно да се дојде до заклучок, дека полициските службеници мора да имаат одредени знаења, способности и вештини за да можат да се спротивстават на сите непријатни искушенија кои неминовно се случуваат при извршување на професионалните задачи.

Токму поради тоа, полициската едукација е од големо значење за надминување на недостатоците кои се јавуваат при секојдневното полициско постапување, особено во превенирањето на конфликтните безбедносни состојби во кои се исполнети законските услови за употреба на средствата за присилба. Заради овие причини, полицискиот образовен систем во државата треба максимално да биде во функција на создавање на квалитетен и стручен кадар кој ќе биде способен да одговори на сите безбедносни барања и

предизвици кои стојат пред полицијата во современите демократски услови на живеење.

## Користена литература


Чирковиќ, Зоран и Јовановиќ, Срećко, 1994, „Примена технике бокса у оквиру садржаја програма Специјалног физичког образовања“, *Зборник радова првог саветовања из специјалног физичког образовања* : 71-76.

Јакимов, Јанко, 2011, *Специјално физичко образование,* Скопје- Факултет за безбедност.

Ивановски, Јонче, 2009, Биомеханичка структура и оптималност на основните одбранбени техники предвидени за изучување во наставата по Специјално физичко образование, *Наука&Спорт*, (1): 53-58.

Ivanovski, Jonche, 2020, Influence of the model of physical training on the education of police officer candidates, *Security Horizins*, (2): 37-49.

Ivanovski, Jonche and Nedev, Aljosa, 2013, Usage of coercion means for protection of the personal safety of police officer, *International Scientific Conference, The Balkans between past and future: Security, conflict resolution and Euro-atlantic integration*, (2): 279-290.

Бошковиќ, Мићо, 2004, Неки аспекти угрожавања припадника и утицај полицискoг школства на њихову заштиту, *Зборник радова: Угрожавања безбедности припадника полиције - узроци, облици и мере заштите*, 25-34.

Наставна програма за основна обука за полицаец, 2013, Министерство за внатрешни работи, Скопје, http://arhiva.mvr.gov.mk/Uploads/Nastavna_programa_osnovna_obuka.pdf (преземено 10.10.2020).

Основна обука за човекови права при полициско постапување, 2014, Министерство за внатрешни работи - Центар за обука, Скопје.

Twinning project in Police academy Skopje, CARDS 2004FYR 04.04/03.01. 04 MAC01/13/002.

Мојановски, Цане, 2012, *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка*, Скопје: Факултет за безбедност.

Иван Ристов Кире Бабаноски

# МЕЃУНАРОДНИ АСПЕКТИ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА И БОРБА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНАТА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ

**д-р Иван Ристов**

**Министерство за внатрешни работи**

**ivan.ristov@yahoo.com**

**д-р Кире Бабаноски**

**kbabanoski@gmail.com**

**Апстракт**

Секогаш кога ќе се спомене терминот оружје првата асоцијација која секому му паѓа на памет е војна, односно вооружен конфликт. Тоа, всушност, и не е далеку од логиката, ако се има предвид дека најголемиот процент од илегалната трговија со стока и недозволена, но и легална трговија со оружје во светски рамки се јавува како резултат на потребите на некој вооружен конфликт, било да е внатрешен или меѓународен. Оттаму и меѓународната заедница, загрижена од опасноста која ја носи оружјето уште пред Втората светска војна го започнува процесот на консултации кои резултираа со развивање и усвојување значајни меѓународни документи со кои се регулира производството, употребата, трговијата, но и контролата на определени видови оружје.

Во трудот се дава приказ и дескрипција на видовите пазари на оружје во светски рамки, видовите оружје и анализа и елаборација на меѓународните документи кои го таргетираат проблемот со оружјето и тоа од аспект на илегалната трговија со стока и илегалната трговија на оружје, но и низ призмата на вооружените конфликти и човековите права. Затоа фокус е ставен и на анализа на суштината на Протоколот против недозволеното производство и

трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, кој ја дополнува Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал, како најзначаен меѓународен документ на глобално ниво.

**Клучни зборови:**

мало и лесно оружје, пазар, недозволена трговија, договори

## 1. Пазари на оружје и видови оружје

На светскиот економски пазар било да се работи за легален или илегален, оружјето претставува една од најконкурентните стоки, а како што одредуваат економските закони побарувачката на пазарот и самата понуда директно зависат од повеќе фактори. Без разлика дали се работи за легален или нелегален пазар, понудата на секое добро, во случајов оружје, е детерминирана од самата цена на производот, профитот кој се остварува со неговата продажба, трошоците кои се јавуваат по основа на инпут, технологијата и други релевантни фактори кои зависат од видот на самиот производ кој се нуди. Побарувачката, пак, од друга страна, која е или пазарна или индивидуална, исто така, зависи од понудената цена на доброто, висината на доходот (односно парите со кои располагаат) на потрошувачите, големината на пазарот и други релевантни фактори.

Кај трговијата со оружје, муниција и експлозиви, релевантните фактори кои ги одредуваат „потрошувачите“ треба да се бараат во сите подрачја на светот каде се водат меѓународни или внатрешни војни, вооружени преврати или судири на паравоени формации со државните органи[11] и тоа било да се работи за национални, етнички, верски или од идеолошки карактер, при редовното вооружување на регуларните вооружени формации на државите,

[11] Камбовски, В., Организиран криминал, Скопје, 2005, стр. 279.

како и подрачја каде оперираат терористички организации.[12] Треба да се земе предвид дека ниту еден вооружен конфликт не е возможен доколку претходно не е обезбеден пристап до оружје. Откривајќи го начинот на илегална трговија со стока и илегална трговија со оружје во одредено подрачје, голем дел од проблемот наречен - воен конфликт е јасен.

Во светски рамки постојат **три типа пазари на оружје**

***Првиот е легалниот пазар*** на оружје каде оружјето се продава и купува во согласност со државните и меѓународните закони за трговија со оружје. Покрај продажбата на оружје овде е вклучена и воената помош која одредена држава ја дава на друга држава. Продажбата на оружје која се врши во согласност со меѓународните закони подразбира одредена документација која се пополнува од страна на страните кои се вклучени во трансакцијата. Дел од оваа документација е и „Сертификатот за краен корисник", во кој е наведено: што се продава, во која количина, кој продава, на кого продава и под кои услови се продава.

***Вториот тип пазар*** на оружје е оној пазар кој вклучува полулегални трансакции на оружје, односно ***сива зона – прикриен пазар.*** Кај овие трансакции со оружје карактеристична е измамата која е присутна. Легално купено оружје се доставува до трета страна која не е краен корисник според договорот на трансакцијата. Класичен начин на илегална трговија со оружје на прикриен(сив) пазар е преку фалсификување на „Сертификатот за краен корисник", измама на страната која го продава оружјето или поткупување на службено лице од земјата посредник со цел потпишување на „Сертификат за краен корисник", но подоцна дозволување премин на пратката до трета локација. Овој начин често се користи за продавање оружје на земја која е под ембарго, или кога се продава оружје на милитантна група (како, на пример: Револуционерните вооружени сили на Колумбија).

[12] Ристов, И., Феноменолошки карактеристики на илегалната трговија со стока и илегалната трговија со оружје, муниција и експлозиви на територијата на Република Македонија во периодот 2001 – 2010 година, магистерски труд, Факултет за безбедност – Скопје, одбранет на 12.3.2013 година.

***Третиот тип*** пазар на оружје е, всушност, илегалниот ***„црниот" пазар***. Кај овој начин на продажба на оружје имаме јасно кршење на меѓународните договори и домашните законски прописи. Овде како субјекти кои можат да се јават во улога на увозници или извозници на оружје се: режими, државите (преку разузнавачките и безбедносните служби) и организираните криминални групи (вклучувајќи ги и терористичките организации).

Според ***видот на оружјето кое е предмет на трговија*** се разликуваат[13]:

1. Трговија со главни системи (авиони, тенкови, носачи на авиони, хеликоптери итн.);

2. Трговија со мало и лесно оружје (***SALW*** - Small arms and light weapons (SALW) [14] се сите оружја кои се преносливи од страна на индивидуален борец[15], направени или модифицирани според воени спецификации со цел нивна употреба како смртоносни алатки на војната. ***Мало оружје*** - е секое оружје кое е направено за употреба од страна на индивидуални членови на вооружена група. Овде спаѓаат различните револвери, пиштоли, пушки, пушкомитралези итн. ***Лесните оружја*** - се оние оружја кои се направени за употреба од страна на повеќе членови на вооружена група како тим, со калибар на оружје помал од 100 мм.).

3. Трговија со предмети за „двојна употреба" (со цивилна и воена примена), вклучувајќи и опрема која може да се користи за производство на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје.

[13] Вилијамс, П., Студии по безбедност - вовед, Арс Ламина, Скопје, 2012 година.

[14] Organization for Security and Co-operation in Europe, OSCE Document on Small Arms and Light Weapons, FSC.DOC/1/00, 24.11.2000 година.

[15] поточно: сите смртоносни оружја кои можат да се носат од индивидуален борец или лесно возило, кое, исто така, не бара логистика и одржување.

## 2. Меѓународни документи со кои се регулира трговијата со оружје

Документите кои се донесени од страна на меѓународната заедница, а го таргетираат проблемот со оружјето може да се поделат во два дела:

1. Документи кои ***пошироко*** регулираат одредени аспекти од илегалната трговија со стока и недозволената трговија со оружје, муниција и експлозиви, а повеќе се однесуваат на вооружените конфликти и човековите права (тоа се документите во рамките на меѓународното хуманитарно право) и

2. Документи кои ***потесно*** ја регулираат илегалната трговија со стока и илегалната трговија со оружје, муниција и експлозиви.

Најопшто регулирање постои во четирите женевски конвенции[16] од 1949 година и двата протокола[17] од 1977 година кои ги дополнуваат. Други документи кои влегуваат во оваа група, а се донесени од страна на меѓународната заедница се[18]:

1. Протокол за забрана на употреба на задушувачки, отровни или други гасови и бактериолошки методи на војување, Женева, 17 јуни 1925[19] година.

---

[16] 1). Convention (I) for the Amelioration of the Condition of the Wounded and Sick in Armed Forces in the Field. Geneva, 12.8.1949; 2). Convention (II) for the Amelioration of the Condition of Wounded, Sick and Shipwrecked Members of Armed Forces at Sea. Geneva, 12.8.1949; 3). Convention (III) relative to the Treatment of Prisoners of War. Geneva, 12.8.1949; 4). Convention (IV) relative to the Protection of Civilian Persons in Time of War, Geneva, 12.8.1949.

[17] 1. Protocol Additional to the Geneva Conventions of 12.8.1949 and relating to the Protection of Victims of International Armed Conflicts. Geneva, 8.6.1977. (Declaration provided for under article 90 of Additional Protocol I: Acceptance of the Competence of the International Fact-Finding Commission); 2. Protocol Additional to the Geneva Conventions of 12.8.1949 and relating to the Protection of Victims of Non-International Armed Conflicts. Geneva, 8.6.1977.

[18] Тука ќе бидат таксативно наброени дел од нив, бидејќи и самиот нивен назив доста зборува за полето кое го регулираат, така што понатамошна подлабока и поединечна анализа не е неопходна за целите на овој труд.

[19] Protocol for the Prohibition of the Use of Asphyxiating, Poisonous or Other Gases, and of Bacteriological Methods of Warfare, Geneva, 17.6.1925, (Р. С. Македонија не е потписник на овој протокол).

2. Конвенција за забрана на воена или друга непријателска употреба на техники за модификација на околината, Њујорк, 10 декември 1976[20] година.

3. Конвенција за забрана на развој, производство и складирање на бактериолошки (биолошки) и отровни оружја и за нивно уништување. Конвенцијата е отворена за потпишување во Лондон, Москва и Вашингтон на 10 април 1972[21] година.

4. Конвенција за забрана или ограничување на употребата на определени конвенционални оружја кои се сметаат за прекумерно повредувачки и кои можат да имаат недискриминациски ефекти, Женева, 10 октомври 1980 година.[22]

4.1. Протокол за делови што не можат да се детектираат, (Протокол I) 10 октомври 1980 година[23].

4.2. Протокол за забрана или ограничување на употребата на мини, мини стапици и други делови (Протокол II), Женева, 10 октомври 1980 година[24].

4.3. Протокол за забрана или ограничување на употребата на запаливи оружја (Протокол III), Женева, 10 октомври 1980 година[25].

4.4. Протокол за забрана или ограничување на заслепувачки ласерски оружја, (Протокол IV) 13 октомври 1995 година[26].

---

[20] Convention on the Prohibition of Military or any other Hostile Use of Environmental Modification Techniques, New York, 10.12.1976. (Р. С. Македонија не е потписник на оваа конвенција)

[21] Convention on the Prohibition of the Development, Production and Stockpiling of Bacteriological (Biological) and Toxin Weapons and on their Destruction, opened for signature in London, Moscow and Washington, 10.4.1972.

[22] Convention on Prohibitions or Restrictions on the Use of Certain Conventional Weapons Which May be Deemed to be Excessively Injurious or to Have Indiscriminate Effects. Geneva, 10.10.1980.

[23] Protocol on Non-Detectable Fragments,10.10.1980 (Protocol I to the 1980 Convention).

[24] Protocol on Prohibitions or Restrictions on the Use of Mines, Booby-traps and Other Devices, 10.10.1980 (Protocol II to the 1980 Convention).

[25] Protocol on Prohibitions or Restrictions on the Use of Incendiary Weapons, 10.10.1980 (Protocol III to the 1980 Convention).

[26] Protocol on Blinding Laser Weapons, 13.10.1995. (Protocol IV to the 1980 Convention).

4.5. Протокол за забрана или ограничување на употребата на мини, мини-стапици и други средства, 3април 1996 година[27].

4.6. Протокол за експлозивни остатоци од војна, (Протокол V) 28 ноември 2003 година[28].

5. Конвенција за забрана на усовршување, производство, складирање и употреба на хемиски оружја и за нивно уништување, Париз 13 јануари 1993 година[29].

6. Конвенција за забрана на употреба, складирање, производство и трансфер на антиперсонални мини и за нивно уништување, 18 септември 1997 година[30].

За борбата против илегалната трговија со стока и илегалната трговија со оружје, муниција и експлозиви важни се оние меѓународни документи преку кои меѓународната заедница го инкриминира и дефинира ова дејствие. Во последните години направено е значајно меѓународно досие во следењето на пролиферацијата и контролата на малото и лесно оружје. Мерките за зајакнување на безбедноста и управувањето со националните резерви на вооружувањето се неопходни компоненти на меѓународната акциска програма за спречување и намалување на ширењето на малото и лесно оружје.

Потпишани се бројни договори и обврски за суштински дијалог и преземање акции на меѓународно и регионално ниво, па во контекст на тоа, донаторите и земјите корисници на помошта преземаа голем број на специфични проекти. На пример, земјите од Југоисточна Европа се договорија да се справат со пролиферацијата на мало и лесно оружје низ регионот под заштита на бројни меѓународни договори иницирани под закрилата на

---

[27] Protocol on Prohibitions or Restrictions on the Use of Mines, Booby-Traps and Other Devices as amended on 3.5.1996 (Protocol II as amended to the 1980 Convention).

[28] Protocol on Explosive Remnants of War, 28.11.2003 (Protocol V to the 1980 Convention).

[29] Convention on the Prohibition of the Development, Production, Stockpiling and Use of Chemical Weapons and on their Destruction, Paris, 13.1.1993.

[30] Convention on the Prohibition of the Use, Stockpiling, Production and Transfer of Anti-Personnel Mines and on their Destruction, Oslo, 18.9.1997.

Европската Унија, НАТО, ЕАПС, ОБСЕ или Обединетите нации[31]. Овие документи можеме да ги поделиме во (5) пет дела:

***Инструменти на ООН*** кои се однесуваат на мало и лесно оружје се:

1) Протоколот против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција;[32]
2) Програмата за акција на ООН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со оружје;[33]
3) Договор за трговија со оружје[34] и
4) Regional programme for South Eastern Europe, 2020-2023[35].

***Процеси на ОБСЕ:***

1) Lisbon Document 1996[36];
2) Документ на ОБСЕ за МЛО[37];
3) Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција;[38]

---

[31] SEESAC, МЛО во Југоисточна Европа, парламентарен прирачник, 2007 година.

[32] United Nations, Protocol against the Illicit Manufacturing of and Trafficking in Firearms, Their Parts and Components and Ammunition, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, General Assembly resolution 55/255 of 08.6.2001.

[33] Акциона програма за спречување, борба и уништување на недозволената трговија со мало и лесно оружје во сите нејзини аспекти (UN Document A/CONF.192/15) јули 2001 година.

[34] Усвоен од Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации, во Њујорк на 2 април 2013 година, потпишан од страна на Република Македонија на 25 септември 2013 година. Закон за ратификација на Договорот за трговија со оружје, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 13 од 23.1.2014 година.

[35] The Regional Programme for South Eastern Europe foresees cooperation with Albania, Bosnia and Herzegovina, Montenegro, North Macedonia and Serbia, as well as Kosovo under United Nations Security Council Resolution 1244 which is associated at expert level and in terms of delivery of activities, allowing for a comprehensive and integrated UNODC response throughout the region.

[36] Organization for Security and Co-operation in Europe, Lisbon Summit, 1996, Lisbon Document, DOC.S/1/96, 3.12.1996.

[37] Organization for Security and Co-operation in Europe, OSCE DOCUMENT ON SMALL ARMS AND LIGHT WEAPONS, FSC.DOC/1/00, 24 November 2000; and FSC.DOC/1/00/Rev.1 20.6.2012.

[38] Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција (FSC.DOC/1/03). 19 ноември 2003 година.

4) Одлука на ОБСЕ за преносливи системи за противвоздушна одбрана (MANPADS);[39]
5) Одлука на ОБСЕ за потврди за крајни корисници[40] и
6) Одлука на ОБСЕ за посредување при трговија со оружје.[41]

**Југоисточна и Источноевропска клириншка куќа за контрола на малото и лесно оружје (SEESAC)** [42]

1. Патоказ за изнаоѓање одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО)/огнено оружје и муниција за истото во Западен Балкан[43]; Целта на овој Патоказ е да послужи како документ подготвен и во сопственост на регионалните власти со кој се согласни сите и кој ќе обезбеди насоки во изнаоѓањето одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО)/огнено оружје и муниција во Западен Балкан.

***Инструменти на Европската Унија и процеси:***

1) Директива на ЕУ за контрола на набавката и поседувањето на оружје;[44]

---

[39] Одлука на ОБСЕ за преносливи системи за противвоздушна одбрана (MANPADS). (Одлука бр. 7/03). (FSC.DEC/07/03). 23.7.2003 година.

[40] Одлука на ОБСЕ за стандардни елементи на потврди за крајни корисници и процедури за верификација при извоз на МЛО. (Одлука бр. 05/04). (FSC.DEC/5/04). 17.11.2004 година.

[41] Одлука на ОБСЕ за принципите на контрола на посредувањето при трговија со МЛО (Одлука бр. 08/04). (FSC.DEC/8/04). 24.11.2004 година.

[42] Југоисточната и Источноевропската клириншка куќа за контрола на малото и лесно оружје (SEESAC) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и Советот за регионална соработка (RCC) која има за цел да ги зајакне националните и регионалните капацитети за контрола и намалување на пролиферацијата и злоупотребата на малото и лесно оружје и на тој начин да придонесе кон зајакнување на стабилноста, безбедноста и развојот во Југоисточна и Источна Европа.

[43] Roadmap for a sustainable solution to the illegal possession, misuse and trafficking of Small Arms and Light Weapons (SALW)/firearms and their ammunition in the Western Balkans (Roadmap), High-level Regional Meeting of the Deputy Ministers of Interior and Foreign Affairs from Tirana, Sarajevo, Pristina, Chisinau, Podgorica, Belgrade and Skopje, 1.2.2018 in Podgorica, Montenegro.

[44] Одлука на Советот на ЕУ 91/477/EEC од 18.6.1991 година за контрола на набавката и поседување на оружје, OJ L 256, 13.9.1991година.

2) Заедничка акција на ЕУ за мало и лесно оружје (МЛО);[45]
3) Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје (претходно Кодекс на однесување за извоз на оружје на ЕУ);[46]
4) Стратегијата на ЕУ за борба против незаконското натрупување и трговија на малото и лесно оружје (МЛО) и муниција;[47]
5) Заеднички став на Европската Унија за контролата над посредувањето во трговијата со оружје.[48]

***Пактот за стабилност[49] за процесите во Југоисточна Европа:***

1) Регионален план за спроведување на Пактот за стабилност во однос на малото и лесно оружје (МЛО).[50]

Секако дека најважен и основен меѓународен инструмент со кој се санкционира разгледуваната криминална активност е *Протоколот против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција*, кој ја дополнува *Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал*[51]. Овој Протокол се однесува на забраната на лесно, односно преносливо оружје со цевка за испалување на проектили, делови и компоненти, како и муниција за такво оружје. Во Протоколот[52] е наведено дека државите страни, ***свесни*** за потребата за

---

[45] Заедничка акција на Советот на Европската Унија за придонесот на ЕУ кон борбата против дестабилизирачкото натрупување и ширење на малото и лесно оружје 1999/34/CFSP. (2002/589/CFSP). 12.7.2002 година.

[46] Кодекс на однесување за извоз на оружје на Европската Унија, 8.6.1998 година.

[47] Стратегијата на ЕУ за борба против незаконското натрупување и трговија со малокалибарско и лесно оружје и малокалибарска муниција, Совет на Европската Унија 5319/06 од 13.1.2006 година (Усвоена 15-16.12.2005).

[48] Заеднички став на Советот 2003/468/CFSP од 23.6.2003 година за контрола на посредување во трговија со оружје. OJ L 156, 25.5.2003 година.

[49] Усвоен во Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора, Молдавија, Романија и Србија.

[50] Борба против пролиферацијата и влијанието на малото и лесно оружје - Регионален план за спроведување на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, 28.11.2001година (Ревидиран во мај 2006). (www.stabilitypact.org).

[51] United Nations. Convention against Transnational Organized Crime. 15.11.2000 [http://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf].

[52] Закон за ратификација на Протоколот за борба против недозволеното производство на огнено оружје и трговија со него, негови делови и компоненти и

спречување и искоренување на недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, што се должи на штетните влијанија од овие активности врз безбедноста на секоја држава, регион и светот како целина, загрозувајќи ја добросостојбата на народите, нивниот општествен и економски развој и нивното право на живот и мир, ***убедени***, од потребата сите држави да ги преземат сите соодветни мерки за оваа цел, вклучително и меѓународна соработка и други мерки на регионално и глобално ниво, ***повикувајќи*** се на Резолуцијата 53/111 на Генералното собрание од 9 декември 1998 година[53], ***убедени*** дека со надополнувањето на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал со меѓународен инструмент за борба против недозволеното производство на огнено оружје и трговија сонего негови делови и компоненти и муниција е од корист за спречувањето и сузбивањето на овие видови на криминал, го донесоа Протоколот со основна ***цел***[54] да ја унапреди, да ја олесни и да ја зајакне соработката меѓу државите страни со цел да ги спречи, сузбие и искорени ваквите недозволени активности.

Притоа, јасно се гледа дека основната цел на овој документ е спречување на производството на огнено оружје и трговијата со него, негови делови, компоненти и муниција и за истрага и гонење на кривични дела утврдени во членот 5 од овој Протокол. Членот 5 (кој сметаме и дека е најважен)

---

муниција, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал, „Службен весник на Р. Македонија", бр. 86 од 10.7.2007 година.

[53] Во неа Собранието донесе одлука да формира отворен меѓувладин ad hoc комитет заради елаборирање на сеопфатна меѓународна Конвенција за борба против транснационалниот организиран криминал, како и за дискусија по елаборацијата на, меѓу другото, Меѓународниот инструмент за сузбивање на недозволеното производство на огнено оружје и трговија со него, негови делови и компоненти и муниција.

[54] Протокол за борба против недозволеното производство на огнено оружје и трговија со него, негови делови и компоненти и муниција, член 2, донесен на 31.5.2001година на 55-та сесија на Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации, Њујорк, ратификуван во Република Македонија на 10.7.2007 година со Законот за ратификација на Протоколот за борба против недозволеното производство на огнено оружје и трговија со него, негови делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал.

се однесува на препораки до државите потписнички да ги инкриминираат наведените дејствија во домашните кривични законодавства. Така, државите се обврзани да го инкриминираат недозволеното производство, недозволената трговија, фалсификувањето или нелегалното бришење, отстранувањето или менувањето на ознаките на огненото оружје, обидот, соучесништвото и организирањето на ваквите дела.[55]

## ЗАКЛУЧОК

Трудот е конципиран како една целина составена од два логичко поврзани дела. Во *првиот дел од трудот е* извршена анализа на видовите на пазари на оружје кои постојат денес во светски рамки, со цел издиференцирање на тоа што, всушност, претставува нелегалната трговија со оружје, како и самата поделба на видовите оружје, односно да се види кои оружја, воопшто, можат да бидат предмет на легална понуда и побарувачка на пазарот на оружје, а кои не. Вториот дел од трудот е, всушност, логичко надоврзување и поткрепа на првиот дел. Овде се наведуваат меѓународните документи кои се однесуваат на превенцијата и борбата против нелегалната трговија со оружје, како и документи кои забрануваат легална понуда и побарувачка (употреба) на одредени типови на оружје, кои под ниту еден услов не смеат да бидат предмет на пазар. Посебен акцент е ставен на Протоколот против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, кој ја дополнува Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал. Прикажаните меѓународни документи ги определуваат правилата и условите поврзани со контролата на мало и лесно оружје, кои понатаму на државите им служат како патоказ при воведување на повисоки заеднички стандарди и процедури за негово производство, трговија, но и безбедно чување, контрола и постапување.

[55] Камбовски, В., Организиран криминал, Скопје, 2005, стр. 279.

Во истражувањата и анализите на релевантни организации кои се однесуваат на илегалната трговија со мало и лесно оружје во земјите на Западен Балкан се констатира дека овој регион претставува огромен магацин на илегално оружје, кое граѓаните го поседуваат без дозвола и без контрола од страна на државните власти. Една од причините за ваквата состојба е нестабилноста на овој регион во изминатите три децении, како и конфликтите кои се одвиваа во некои од овие земји. Притоа се покажа и дека долгогодишните обиди преку агенциите на Обединетите нации и билатералните напори на одредени земји членки на Европската Унија не вродиле со доволен плод. Иако постои искажана силна политичка волја и е констатиран извесен прогрес, сепак, сé уште треба многу да се работи во целиот регион на владино ниво. Затоа во последно време и Европската Унија во преговорите со земјите од овој регион врши притисок за засилена систематска контрола и намалување на малото и лесно оружје и зајакнување на регионалната безбедност и безбедноста во Европа. Милионите парчиња неконтролирано мало оружје во Западен Балкан, кои се проценети низ повеќе анализи и извештаи, не ја загрозуваат само безбедноста во овој регион, туку претставуваат и голем ризик и за Европската Унија.

За таа цел, земјите од Западен Балкан, особено, треба да работат на значително намалување на количините огнено оружје кое незаконски се поседува во земјите од Западен Балкан, како и намалување на ризикот од пролиферација и негово циркулирање во земјите од Европската Унија. Сите влади од државите во Западен Балкан, треба да се заложат за исполнување на целите наведени во меѓународните документи, но и да работат посветено на зголемена заедничка соработка заради спречување на илегалната трговија со оружје, со цел регионот да се направи побезбеден за живеење за сите граѓани.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Бик, К., Фергусон, Л., Гроневалд, Х., Хатон, Л., Мобек, Е., Осом, Л., Рупија, М., Расел, В. и Скинер, С., Контрола на мало и лесно оружје, Прирачник за обука, Сејферворлд, 2012 година.
- Вилијамс, П., Студии по безбедност - вовед, Арс Ламина, Скопје, 2012 година.
- Влада на Република Северна Македонија, Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје и Акциски план за периодот 2017-2021 година.
- Закон за ратификација на Протоколот за борба против недозволеното производство на огнено оружје и трговија со него, негови делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал, „Службен весник на Р. Македонија", бр. 86 од 10.7.2007 година.
- Камбовски, В., Организиран криминал, Скопје, 2005 година.
- ОБСЕ, Прирачник за најдобри практики за мало и лесно оружје, Одлука бр. 5/03 - Водичи со најдобри практики за мало и лесно оружје, 2003 година.
- Organization for Security and Co-operation in Europe, OSCE Document on Small Arms and Light Weapons, FSC.DOC/1/00, 24.11.2000.
- Регионален центар за мало и лесно оружје, Водич со најдобри практики за имплементација на Декларацијата и Протоколот од Најроби за мало и лесно оружје, 2005 година.
- Ристов, И., Феноменолошки карактеристики на криумчарењето и илегалната трговија со оружје, муниција и експлозиви на територијата на Р. Македонија во периодот 2001 – 2010 година, магистерски труд, Факултет за безбедност – Скопје, одбранет на 12.3.2013 година.
- SEESAC, МЛО во Југоисточна Европа, парламентарен прирачник, 2007 година.

# THE ROLE OF NIKOLA TESLA IN THE PREVENTION OF THE THIRD WORLD WAR

## Explaining the cosmological causes of war through the activity of the sun

Stojan Troshanski, Ph.D
Teslalogist
E-mail: stojantroshanski@yahoo.com

## ABSTRACT

We live in a time when the world is changing. The new age is a time of highly developed technology that must have the ethical component. The time of great wars of a classic nature is over. It also changes qualitatively. Nikola Tesla's contribution to the field of science will increasingly be seen. Today's methods of warfare aim to eliminate the physical presence of man in military conflicts as much as possible, and to replace it with artificial intelligence. Tesla saved the world from a new global war. Its role in preventing the long-awaited World War III aims to fracture it into more regional conflicts that will play a role in reducing its harmful effects and even preventing it altogether. This research addresses precisely this issue. It incorporates something more than standard science. Knowing the cosmic cycles proves the indisputable cause-and-effect relationship between the man and the natural cosmic processes. For the purposes of this research, a historical method, a comparative and a method of content analysis were used.

**Key words**: Nikola Tesla; WW3, cosmic processes; theory of war; information.

# INTRODUCTION

In modern conditions the nature of warfare changes significantly. The reason for this is the shift from the territorial and economic objectives of the war to the level of information exchange. With the establishment of the world telecommunications and information system, it is impossible to control it completely. Through this system, each individual has unlimited potentials for intellectual development, as it contains all the ideas that flow across the world. The classic sense of conquering territories and seizing power, from the Paleolithic to Tesla, harbors two components: a harsh power combined with political cunning and a heroic ethic of self-sacrifice for a military ideal. The physical elimination of the people was the basis of every military process, and the permanent exploitation of economic goods and at the same time the control of relations in the production process, the goal of every postwar occupation.[56]

If we take into account Nikola Tesla's analytical views on his understanding of war and the future of military processes, then we can assume the future military trends that lie ahead and influence them.

# HOW WARS ARE STARTED

The laws of the cosmos that Nikola Tesla discovered and transformed into apparatus are, without exception, respected as the only information form in the foundations of the world telecommunications system. The structural features of the modern information system are literally Tesla`s:

-each individual, through different types of terminals, can easily send their information to the global information network;

---

[56] Abramovic, Velimir. (2015). “TESLA & THE RISE OF SPIRITUAL PHYSICS”. TESLAPATENS INSTITUTE PUBLISHING BELGRADE. Beograd., 107.

Abramovic, Velimir. (2016). “TESLA EVOLUCIJA SVESTI COVECANSTVA”. DRASLAR. Beograd., 81.

-due to the density of information, the speed of reaction and the selectivity of information networks, it is impossible to centralize control of information globally, without damaging or excluding the system itself;

-the value of the information obtained and how it is used depends very much on the intellectual capacity of the user of the information network.[57]

The modern way of warfare has shifted to the field of information. This means that nowadays, the winner is not the one who has the best bombs, nuclear warheads, the best climate / geophysical weapons, etc., but the one who has the best idea! And the idea is information that finds its own address. If the shared idea has the best features that is in accordance with the cosmic processes at a specific time in a specific place, then it guides the future processes. Military strategists have known cosmic processes, and based on them they have been creating their military strategies for thousands of years.

**Nowadays, the constant exchange of information increases the number of low-intensity "energy discharges" in an ever shorter time interval, thus preventing the formation of "large differences in energy potentials" and, as Tesla points out, will do so, remove the possibility of major military conflicts physically.[58]**

According to Tesla, the planet Earth should be seen as a living being. Only then will we have peace in the relationship between the individual and society, society and the planet, and the planet and its galactic environment. Every living system has the properties to respond to the energy impulses of the environment, preserving its functions and structure. The problem of mankind in relation to the ethical component of scientific and technological development should essentially be the highly accomplished evolution of the central nervous system, that is, the human brain, which is characterized by equivalence. Man has the opportunity to reach that goal in different ways. That is why Tesla will state in a letter sent to J. Pierpond Morgan that

[57] Ibid., 143.

[58] Troshanski, Stojan. (2019). "TESLALOGY – Quest after Nikola Tesla`s scientific legacy". Student Service LLC - Skopje., 221.

peace on Earth can not be achieved if the entire planet "does not become a sensitive creature through which thoughts radiate as through the human brain."[59]

## NATURAL FORCES INFLUENCE US

"A war can never be caused by arbitrary acts of man. It is invariably the direct result of cosmic disturbance in which the sun is chiefly concerned", says Tesla. "Natural forces, the Sun and the activity of other cosmic bodies, greatly affect us. In many international conflicts of historical record which were precipitated by famine, pestilence or terrestrial catastrophes the direct dependence of the sun is unmistakable. But in most cases the underlying primary causes are numerous and hard to trace". This was stated by Nikola Tesla for the American newspaper "New York American" on February 7, 1915.[60] Using simple mathematical calculations, he argued that man as an automaton of cosmic forces, yet gifted with the ability to move, is part of the entire system of the universe and behaves in balance with it.

Looking for astrophysical causes for cyclical earth collisions between nations, Nikola Tesla developed a theory according to which the solar magnetosphere, the regular cycles of sunspots, protuberances, magnetic disturbances and storms, i.e., in other words, **through the magnetic induction of the Sun changes occur in the earth ionosphere, which due to the nature of the currents flowing directly through it, are in resonant relationship with the human brain.** Tesla established a mathematical correlation of wars with cyclical solar activities.[61] He observed these connections between the human brain and electromagnetic fields as early as 1899 in Colorado Springs. His letter to Robert Underwood Johnson is well known, in which he states: "I have discovered the traces of the mind in the crevices of strong electromagnetic discharges." High-strength, double-induced direct current

---

[59] Abramovic, Velimir. (2016). "TESLA EVOLUCIJA SVESTI COVECANSTVA". DRASLAR. Beograd., 144.

[60] Tesla, Nikola. (1915). How Cosmic Forces Shape Our Destinies. *New York American.* February 7.

[61] Ibid, 108.

ion currents flow through the ionosphere - with the activity of the Sun and the rotation of the earth. Through the axons, nerve fibers and neural networks of the human central nervous system, nerve electrical impulses flow at a speed of 30 km / sec, which corresponds to the speed of rotation of the Earth. **Solar magnetic induction and its disturbances change the electromagnetic parameters of the ionospheric shell, and these, in turn, directly affect the work of the human brain.** In electroencephalography it is known that the so-called Schumann resonances in the Earth's atmosphere, especially in the ionosphere, correspond to the frequencies of brain waves, in the range of 1.5 to 20 Hz. These are extremely low frequencies.[62] Furthermore, when Tesla talks about war, he envisions replacing human warfare with machine warfare. According to him, the machines will perform that energy discharge to the level of equilibrium, and people will be left out of the collisions. Because, **according to Tesla, war occurs when there is a large enough difference in potentials, and it stops when these potentials are equalized.** Now, let us explain the effect of the sun on humans and their actions. Here we will understand how it affects, when its action is strongest and how to recognize and deal with those moments. According to Tesla, this is one of the crucial things when it comes to this issue. This theory is confirmed and proven by him personally.

[62] Ibid. 109.

Diagram: Solar Cycles (1756-2001).




Source: (http://www.grandunification.com/hypertext/Heliometeorology.html)

This graphic presents the solar cycles for the period from 1756 to 2001. The bounces of the red line represent the increased number of sunspots (solar maximum), while the decrease of this line represents the reduced number of observed sunspots or

the so-called solar minimum. As we can see, **the frequency of sunspots correlates with the great wars ever seen in human history**. Take World War I, World War II, and the 2001 Iraq and Afghanistan wars in the Middle East, for example. These are periods when man is easily susceptible to external influences and manipulations of various kinds.

Graphic: Excerpt from the previous graphic display. No. 15 refers to the First World War. No. 17 and 18 refer to World War II. No. 23 refers to the so-called "War on Terror".




Source: (http://www.grandunification.com/hypertext/Heliometeorology.html)

Why was it necessary to present this diagram with the solar cycles? The German Max Planck Institute for Solar System Research, in September this year (2020) reported that our star, the Sun, has entered a new 25-year cycle (with 11 years of solar minimums and maximums), and announced that the intensified and frequent solar activity will start to be noted sometime between November 2024 and March 2026.[63] Exactly in the period ahead, i.e. in which we have already entered, the possibility of military conflict is cosmically enabled. During this period, more intense

[63] Max Planck Institute, (2020). Solar Cycle 25 Has Begun. *Spaceref.* September 15.; A1on. (2020). Сонцето влезе во нов 25-годишен циклус. 17 Септември.

military operations around the world are possible. The esoteric societies that rule the world have known these processes for thousands of years and set the military processes that lie ahead. The idea is for us to understand the effects of these solar cycles, and at the moment when the Sun is at its solar maximum, to know how to resist the "temptation" and the daily challenges.

The new moment that the public needs to know is the following. The esoteric nucleus of the so-called the world government has already decided that the need for classic large-scale global wars is inappropriate, harmful and it is holding back the development of humanity, so it has been decided that any future military conflict that is urgent will be fractalized into several smaller regional conflicts. Just like the rule in the exchange of energy potentials. The esoteric government of this world is already following Tesla's idea, and it is purely white magic. Tesla's theory of war is used by the most powerful countries in the world. Considering that the information war is being waged on a daily basis, the possibility of increasing the difference in potentials would be reduced, and as a consequence there would be military conflicts of lower intensity, also of a regional type. Even if a war broke out between two superpowers (like the United States and People`s Republic of China), it would be considered a regional war.

There is another research that supports what has been said so far. In the research titled "*Solar Activity and Human History*" by Adam Michalec, is stated that dates of historical events are matched and compared with moments of solar maxima, beginning from the year 1750. It turns out that violent occurrences in Europe (like revolutions) are correlated with the periods of enhanced solar activity. From the list below, curious correspondence is seen between historical events and moments of maxima of solar activity.[64]

Diagram. Does the Sun influence historical events? The Wolf number is a quantity that measures the number of sunspots and groups of sunspots present on the surface of the Sun.

[64] Michalec, Adam. (1990) *Solar Activity and Human History*.




Source: Michalec, Adam. (1990) *Solar Activity and Human History*.

Michalec have noted some historical events (from Encyklopaedia Britannica), and how they relate to sunspot maxima. He took the period which refers to Europe and Poland since 1750.

Table no.1. Historical events in correlation with the sunspot maxima.

| **The cycle number** | **Year of maximum** | **Historical events** |
|---|---|---|
| 0 | 1750.3 | |
| I | 1761.5 | |
| II | 1769.7 | |
| III | 1778.4 | American Revolution 1776-87 |

| | | |
|---|---|---|
| IV | 1788.1 | Great French Revolution |
| V | 1804.8 | Emperor Napoleon |
| VI | 1816.4 | Vienna Congress |
| VII | 1830.3 | July Revolution in France and August Revolution in Belgium November Insurrection in Poland |
| VIII | 1837.2 | |
| IX | 1848.1 | Springtide of Nations 1848-49, Communist Manifesto |
| X | 1860.5 | Union of Italy, War of Secession |
| XI | 1870.6 | French-Prussian War, Paris Commune |
| XII | 1883.9 | |
| XIII | 1893.9 | The affair of Dreyfus - 1894 |
| XIV | 1907.1 | Revolution 1905-1907 in Russia |
| XV | 1917.6 | Great October Revolution |
| XVI | 1928.4 | Development of fascism |
| XVII | 1937.4 | "Munich" |
| XVIII | 1947.5 | Communist take-over in Poland |
| XIX | 1957.9 | "October 56" in Poland, Soviet invasion in Hungary, Cuban Revolution |
| XX | 1968.9 | "December 1970" in Poland |
| XXI | 1980.0 | August 1980- December 1981: Solidarirty Trade Union - imposition of martial law |
| XXII | 1991.1 | End of communism era |
| XXIII | 2001.8 | Terrorism, Al Kaida |
| XXIV | 2012.9 | EURO 2012 ? |
| XXV | **2023** | **???** |

Source: Michalec, Adam. (1990) *Solar Activity and Human History*.

In this way, the random distribution of occurrences of the mean Wolf numbers was obtained. It can be seen that the historical events presented here cannot be generated in any accidental way. Thus, it can be accepted that there exists a close connection between the solar activity and historical processes on the Earth. In

conclusion of the lecture, let us remind the dates of the minimum (1998.5) and maximum (2002.5) of solar activity. “History likes to repeat” - goes the popular saying. If something should repeat itself - there arises the question of how often, and one is immediately tempted to look for a pattern of these recurrences.[65] But look at his forecast for 2023! This should be a period when we should expect social events that would be of a similar nature. That means we have to be ready for the next pick.

## CONCLUSION

> “What has been will be again, what has been done will be done again; *there is nothing new* under the sun.”
>
> King Solomon

The scientific approach used by Nikola Tesla in his research proved to be the most correct when it comes to the nature of war. The very fact that it is a consequence of a long process that transcends the boundaries of the planet, is a challenge for long-term and extensive scientific research, this time of a transdisciplinary nature. The cyclical phases of the Sun's activity can be predicted with great precision. This precision can further be the basis for predicting future military trends.

When we are in the field of prevention, we must be very careful because we can often make a wrong assessment. Therefore, in the analysis of scientific theories, we must not be guided by emotions, but by universal principles and laws, and these are the cosmic principles. It is the same as the law of gravity, and all the other laws that apply in the universe. We need to understand and apply those same natural laws and processes in science. It is utopian to expect wars to be eradicated, but our task is

[65] Michalec, Adam. (1990) *Solar Activity and Human History*.

to make them as low-intensity and frequent as possible. Nikola Tesla left us a good theoretical approach that we can follow. The scientific predictions that we give in this research, should be proven very soon. Thus, this research will gain more importance.

# REFERENCES

## BOOKS


1.Abramovic, Velimir. (2015). “TESLA & THE RISE OF SPIRITUAL PHYSICS”. TESLA PATENS INSTITUTE PUBLISHING BELGRADE. Beograd.

2.Abramovic, Velimir. (2016). “TESLA EVOLUCIJA SVESTI COVECANSTVA”. DRASLAR. Beograd.

3.Troshanski, Stojan. (2019). “TESLALOGY – Quest after Nikola Tesla`s scientific legacy”. Student Service LLC - Skopje.


## ARTICLES


1.Michalec, Adam. (1990) *Solar Activity and Human History*.

2.Tesla, Nikola. (1915). How Cosmic Forces Shape Our Destinies. *New York American.* February 7.


## INTERNET SOURCES


1.A1on. (2020). Сонцето влезе во нов 25-годишен циклус. *A1on.* 17 Септември. Retrieved from: [https://a1on.mk/magazin/sonceto-vleze-vo-nov-25-godishen-ciklus/] [03.11.2020]

2.Max Planck Institute, (2020). Solar Cycle 25 Has Begun. *Spaceref.* September 15. Retrieved from: [http://spaceref.com/news/viewpr.html?pid=56265] [03.11.2020]

# Мартина Неделковска-Инџекарова

# ПОЛИЦИСКА ОБУКА - ПОИМ И ВИДОВИ

м-р Мартина Неделковска-Инџекарова,
докторанд на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
m_nedelkovska@hotmail.com

**Апстракт**

Постојаното унапредување на стручните компетенции на полицискиот службеник е цел на, речиси, сите полициски организации во светот, кои ги следат современите демократски тенденции. Квалитетните стратегии за развој на полицијата во себе неопходно го вклучуваат делот за обука на кадрите кои се дел од Министерството на сите нивоа, во насока на задоволување и унапредување на предвидените критериуми и карактеристики, неопходни за што е можно поквалитетно извршување на работните задачи. Различните видови полициски задачи, пак, бараат различни предиспозиции кај кадрите вработени во полициската организација и за нивно успешно реализирање се потребни различни видови обука. Приспособувањето на видот, времетраењето и структурата на обуката се од клучно значење за зголемување на професионалноста и стручноста на полициските службеници, што придонесува за подигнување на квалитетот на полициското работење во целост, а со тоа и подигнување на квалитетот на живот на граѓаните преку задоволување на една од основните човекови потреби – потребата за безбедност.

**Клучни зборови:** полиција, обука, поим, видови.

# ПОИМ ЗА ПОЛИЦИСКА ОБУКА

Поимот „обука“, генерално, подразбира систематско учење заради усвојување на определени знаења и искуства кои се потребни за извршување на определена работа или активност. За разлика од образованието на поединецот, кој нашироко сфатено е процес за стекнување општо знаење од определена област, обуката овозможува стекнување на определени психомоторни вештини и знаења од определена област која е потесна и поконкретно определена. Полициската обука според Рој Роберг (Roy Roberg) означува и „засновање на носењето на одлука ‘зошто’ е нешто направено во текот на вршењето на должноста“. Според истиот автор поимот „обука“ може да се дефинира како „процес на подучување на поединецот ‘како’ да ја извршува својата работа така што му се овозможуваат релевантни информации за таа работа“.[66]

Полициската обука се развива низ три компоненти кои се суштински битни за нејзина ефикасност и ефективност. Станува збор за три меѓусебно поврзани елементи кои се суштински битни за реализација на кој било вид на полициска обука и тоа:

- знаење
- вештини
- однесување.

Под поимот знаење, генерално, се подразбира вештина која се состои од познавање на фактите од определена област. Кога станува збор за полициската обука, во зависност од тоа дали станува збор за основна или друг вид обука, тука е опфатена законската регулатива, односно правните прописи кои ја регулираат конкретната проблематика.

Вештините кои се стекнуваат за време на обуката се способност на поединецот да ги изврши работните задачи од областа на полициското

[66] Roberg, Roy, John Crank, Jack Kuykendall. *Policija i društvo*. ( Sarajevo: Office of public affairs of Embassy of USA, 2004), наведено според Taib Spahić, *Razvoj nacionalnih policija u Evrop*i. (Sarajevo:CPU, 2012), 251.

работење со највисоко ниво на професионалност и стручност, која има тенденција за постојано зголемување во текот на работниот стаж. Современите полициски организации преку секторите за човечки ресурси големо внимание посветуваат токму на овој дел, овозможувајќи што е можно потесна специјализација во определена област на полицискиот службеник, а за која област истиот има поголеми предиспозиции од останатите полициски службеници.

Однесувањето особено е битно во современата полициска организација. Начинот на комуникација во услови кога стратешка определба на најголем број од полициските организации во светот е концептот „Полиција во заедницата" („Community policing") е клучен за воспоставување на повратната „feed back" врска помеѓу полицијата и граѓаните. Без приспособен начин на комуникација на полициските службеници во секојдневното постапување, таа врска, која подразбира партнерство на граѓаните и полицијата во решавањето на безбедносните проблеми во заедницата, нема да постои.




*Графички приказ бр.1. Компоненти на полициската обука*[67]

Целите на обуката, како и целите на образованието, генерално, се:

[67] Наведено според: Taib Spahić, *Policijska obuka u Evropi Jedinstvo u raznolikosti*. (Holzkirchen/Obb:Felix, 2005), 129.

– *хуманистички* – формирање и развој на оние особини на личноста за кои постојат соодветни предиспозиции,
– *економски* – унапредување на економската положба на поединецот и придонес на образованието/обуката во постигнување на индивидуална, организациска и општествена продуктивност од работата,
– *социолошки* – изедначување на шансите за социолошко напредување на поединецот, идејна хомогенизација на општеството низ политичка социјализација и развој на доминантен општествен однос.[68]

# ВИДОВИ ПОЛИЦИСКА ОБУКА

Анализата на моделите за полициска едукација и обука на европските, но и на другите држави, укажува на тоа дека не постои еден унифициран модел на полициска обука и едукација. Специфичноста на полициската професија произлегува од неколку клучни карактеристики и тоа:

- извршување одредени работи и задачи во секоја прилика, па и во случаите кога тоа е поврзано со опасност по сопствениот живот;

- во вршењето на работите и задачите да се применуваат овластувањата поврзани со остварувањето на уставните слободи и права на граѓаните;

- континуирана изложеност на критички став на јавноста;

- континуирана изложеност на психоемоционални стресови во работата;

- стеснети права и слободи (ограничено право и слобода во изборот на место на живеење и работа, слобода на движење и патување, воздржаност од учество во политичка активност, стеснето право на стекнување приход надвор од занимањето и др.);

[68] Josip Šentija urednik, *Opća enciklopedija, dopunski svezak*. (Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod, 1982),480.

- тешкотии во адаптирањето во животната средина со оглед на специфичностите на полициската професија;

- влијание на професијата во приватниот и семејниот живот на полицискиот службеник и членовите на неговото потесно и пошироко семејство[69].

Поради претходно наведеното селекцијата за обука на кандидати за полициски службеници е еден од најбитните фактори за успешна обука, најпрво, на основната (полициска) обука, а потоа и на сите други видови обука.

Во полициските организации ширум светот, генерално, се застапени следните видови обука:

- основна обука,
- специјалистичка обука,
- обука на средно-раководен кадар,
- обука на високо-раководен кадар,
- перманентна (постојана) обука.

## ➢ ОСНОВНА ОБУКА

Основната обука е предуслов за влез во полициската организација и се состои од организирано обучување на канадидатите кои се пријавиле за работа во полиција, а кои успешно го поминале процесот на селекција. Станува збор за точно утврден концепт на теориска и практична настава, кој треба да се реализира во конкретно утврден период, а во кој се изучуваат основите на полициското постапување и кандидатот за полициски службеник го развива позитивниот однос кон полициската организација, правните прописи и државата. Основната обука е застапена во, речиси, сите држави во светот, но начинот на којшто се спроведува е различен и, генерално, зависен од општествено- економските услови на државата.

[69] Трпе Стојановски „Некои размислувања за полицискиот образовен модел“. *Годишник на Факултетот за безбедност*. (Скопје: Центар за образование на кадри за областа на безбедноста, , 1998.), 51.

Така, времетраењето на овој вид обука се разликува во зависност од економската развиеност на државата. Економски послабо развиените земји најчесто спроведуваат интензивни едногодишни обуки за полициски службеници, кои се „влез“ за истите во полициската организација. Она што е суштински битно да се напомни е дека интензивната обука како основен предуслов за нејзина успешност ја има добрата и квалитетна селекција на кандидатите, кои на тој начин ќе можат брзо, но и ефикасно да навлезат во полициската професија. Земјите со добро развиен систем на полициска обука, се движат во насока на кратка основна обука, но развивање на системот на специјалистичка и постојана или перманентна обука, кои би овозможиле специјализирање на полицајците во разни области на полициската професија.

Бидејќи станува збор за кандидати кои преку оваа обука треба да започнат да работат во полициската организација, селекцијата на истите треба да биде организирана и спроведена на највисоко можно ниво, исфрлајќи ги на површина најсоодветните кадри, односно кадрите кои имаат најголеми предиспозиции за работа во полиција. Почитувањето на поставените критериуми кои се услов за влез треба да биде задолжително, а нивното надминување - тенденција. Критериумот возраст и покрај тоа што во некои земји не е определен во смисла на максимална возраст на кандидатите, се покажало дека треба да биде точно определен од причина што вештините и способностите во најголем дел од полициската работа не може да се стекнат во кое било возрасно доба.

Соодносот на кандидатите од двата пола, како и севкупниот број на кандидати кои ќе бидат дел од обуката треба да одговара на моменталните потреби на службата. Тоа значи дека добрата стратешка анализа е клучен фактор кога станува збор за потребите на полициската организација во поглед на профилот и бројот на кандидати. Во поглед на физичките предиспозиции најчеста потребна минимална висина за кандидатите - мажи е 175 см, а за кандидати – жени 165 см. Високата лична физичка подготвеност на кандидатите е уште еден од битните предуслови за ефикасна обука. Таа

најчесто се мери низ проверка на моторичките способности на кандидатите како што се склекови, стомачни подигања, трчање и слично.

Во поглед на останатите предуслови потребно е кандидатите да задоволуваат определени психолошки и интелектуални карактеристики кои низ тестови ќе ја покажат нивната погодност за работа во полиција. Во поглед на образованието завршеното средно образование е законски минимум. Успехот со кој кандидатот го има завршено образованието, исто така, е битен бидејќи е показател на претходните знаења кои лицето ги има стекнато. Сепак, најбитна од сѐ е желбата за работа во полиција. Мотивацијата за работа, која произлегува од желбата за припадност кон служба која е во заштита на основните човекови слободи и права и демократските вредности на општеството, а не од финансиски причини, треба да биде еден од најбитните елиминаторни услови, која, секако, треба да биде надополнета од останатите потребни предуслови. Интервјуто и психолошките тестирања се најсоодветни за утврдување на мотивите за работа на кандидатот во полиција.

Објектите во кои ќе се спроведува обуката треба да бидат специјално наменети за таа цел. Потребно е тоа да биде инфраструктурен комплекс кој ќе биде надвор од градската средина, а во кој ќе има предвидено простор за училници, спортски сали, сала за боречки вештини, но и простор за сместување на кандидатите. Исто така, потребно е комплексот да содржи и дел предвиден за ситуациона настава како импровизиран стан, полициска станица, булевар и слично.

Наставничкиот и инструкторскиот кадар е еден од најбитните фактори за ефикасна полициска обука. Потребно е тоа да бидат истакнати професионалци во полициската организација, кои поседуваат педагошки предиспозиции за пренесување на богатото практично искуство. Полициската обука треба да ја спроведуваат:

- постојано вработени наставници и инструктори;

- времено ангажирани наставници и инструктори кои работат во полициската организација;

- гостински предавачи.

Она на што треба да се внимава е соодносот на кадарот кој ја спроведува обуката. Институцијата која ја врши полициската обука несомнено дека мора да има постојано вработени наставници и инструктори кои најчесто се ангажирани околу базичните полициски предмети. Наставничкиот и инструкторскиот кадар кој е ангажиран околу стручните предмети, кои се дел од наставниот план и програма, пожелно е да биде ангажиран од наставниците и инструкторите кои работат во полициската организација и непосредно се вклучени во процесот на работа, а кои времено се ангажираат со цел да го пренесат стекнатото искуство од терен. Оптималниот временски период на ангажирање на овој тип кадар се движи од една до две години, што овозможува да не се изгуби континуитетот во полициската работа на терен. Гостинските предавачи позитивно влијаат на процесот на обука бидејќи овозможуваат размена на искуства во оваа област, што придонесува за нејзино генерално подобрување.

Наставниот план и програма треба да бидат прецизно и јасно определени и треба да вклучуваат теориска настава, практична (ситуациона) настава и практика во полициска станица. Распоредот треба да биде наизменичен, односно кога ќе се совлада дел од теоретските аспекти на предметот кандидатот за полициски службеник да го совлада и увиди теоретскиот дел преку симулирани ситуациони вежби и на тој начин да се имплементираат методите кои имаат најголем степен на ефикасност при процесот на учење.

## ➢ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ОБУКА

Специјалистичката обука на полицискиот службеник му овозможува специјализација, односно стручно усовршување во конкретна област од полициското работење во континуитет. Станува збор за современа тенденција на сите развиени полициски организации, која на поединецот му овозможува напредок во областа за која има најдобри предиспозиции, секако, врз основа на процена на службите надлежни за управување со човечки ресурси.

Специјализирањето во определена област е резултат на потребата од што е можно подобро спротивставување со современите облици на криминал кои ги надминуваат можностите на конвенционалното полициско постапување. Специјалистичката обука може да се реализира на повеќе начини, кои се покажале како поекономични и поедноставни за организација во споредба со конвенционалното централизирано обучување од страна на една институција. Курсевите, работилниците, семинарите и слично се еден вид на вежби кои преку интерактивност на кандидатот може да придонесат за зголемување на неговите знаења во конкретна област, за релативно краток временски период. Овој вид на настани најчесто вклучуваат истакнати професионалци во определена област, кои го систематизирале нивното теоретско и практично знаење со цел негово полесно и поефикасно пренесување. Овој вид на настани обично се организирани од надворешни субјекти, односно субјекти кои не се дел од полициската организација од каде потекнува полицискиот службеник кој се обучува.

Вториот вид на активности преку кој вработените во полициската организација може да ги продлабочат нивните знаења се „теренските" обуки од страна на истакнати професионалци од службата од која потекнуваат. Станува збор за полициски службеници, особено, истакнати во својата област, кои освен богатото практично искуство имаат и педагошки предиспозиции, со што се овозможува систематизирано споделување на знаењето кое го поседуваат. Разликата во однос на претходниот тип обука е во мобилноста на инструкторите, односно полициските службеници кои обучуваат, за сметка на полициските службеници кои остануваат во организациската единица каде работат и привремено се исклучени од стандардните полициски задачи. Овој тип на обучување се организира со претходно подготвена агенда на движење низ организациските единици на Министерството и вклучување на целната група во единицата каде се присутни инструкторите. Овој вид на обука во себе вклучува инструктори конкретно специјализирани во определена област (на пример: имотни деликти, дрога, трговија со луѓе и слично), а од друга страна, пак, работата во мали групи овозможува поголема активност на учесниците на

обуката. Некои истражувања на германските полициски школи покажале дека прераскажувањето е најефикасен метод на учење, после практиката, со степен на ефикасност во учењето од дури 70 %. [70] Токму заради ова селекцијата на кадри кои ќе ја вршат оваа, но и кој било друг вид обука е од особено значење.

## ➢ ОБУКА НА СРЕДНО-РАКОВОДЕН КАДАР

Средно-раководниот кадар е врската помеѓу високо-раководниот кадар и полициските службеници кои се реализатори на полициските активности на терен. Станува збор за полициски службеници кои се непосредни старешини на полициските службеници, односно началници, командири, сменоводители, раководители на безбедносни реони. Овој тип на „старешински кадар" битно се разликува од кадарот кој на највисоко ниво ги поставува, дефинира и дава насоките за постапување, поради што овој вид на обука мора да се приспособи на подобрување на полициските задачи во чија реализација е вклучен овој тип на кадар. Исклучително битно е да се дефинираат активностите на кадарот кој се обучува, бидејќи различниот тип на полициска работа бара и различен тип на организација на работата.

Обуките на средно - раководниот кадар, генерално, имаат за цел унапредување на знаењата од следните области:

– *Менаџирање со човечки ресурси* – раководење со тим, мотивација на вработените, подобрување на работните перформанси на вработените и слично;
– *Планирање на полициски активности* – раководење со акции, проекти, но и секојдневни активности кои подразбираат инволвираност на повеќе луѓе,

[70] Според истото истражување најголем процент на ефикасност при учење има практиката и тоа 90 %. (Наведено според Taib Spahić. *Partnerstvo sa zajednicom preduslov uspešnog rada savremene policije*. ( Zenica: MUP Zeničko-dobojskog kantona, 1997), 17).

- *Надгледување на квалитетот на извршување на задачите* – контрола на работата на полициските службеници, начин на евалуација на нивната работа и слично;
- *Рутински административни активности* – водење на распореди, административни книги и слично.

Примената на точно определени методи на учење е битна и при овој вид обука. Бидејќи истражувањата покажале дека визуелното учење има, исто така, висок степен на ефикасност, пожелно е при обуката на овој вид кадар да бидат прикажани реални сценарија за конкретни ситуации во работењето, секако, проследени со начини на справување и решавање на истите. Всушност, овој вид на обука, најмногу треба да биде насочен кон подобрување на менаџерските способности на средно - раководниот  кадар, од причина што овој кадар може да биде вклучен и во дополнителни специјалистички обуки.

## ➢ ОБУКА НА ВИСОКО-РАКОВОДЕН КАДАР

Овој вид кадар е дел од највисокото раководство на Министерството за внатрешни работи и е задолжен за креирање и спроведување на стратешките цели на Министерството. Реализацијата на целите дефинирани во стратешките документи, всушност, се спроведува преку средниот раководен кадар, од страна на полициските службеници на терен, кој, всушност, е врската помеѓу највисокото ниво на раководен кадар и полициските службеници на терен. Овој вид на обуки се спроведува повремено и има основна цел следење на светските трендови и достигнувања во областа на полициското работење. Бидејќи практиката, секојдневното полициско работење и јавното мислење на граѓаните за полицијата се главен показател на функционалноста на полициската организација во целост, споделувањето на позитивните искуства од овој вид се од особено значење, посебно за економски послабо развиените земји, кои не може да си дозволат иновативност во оваа област.

Економски развиените земји преку експериментални активности ги развиваат оперативните капацитети на полицијата, со цел постигнување на што е можно подобри резултати во полициското работење, односно намалување на стапката на криминал, а кај криминалот кој веќе е сторен што е можно повисок степен на откривачка дејност. Токму заради тоа одржувањето на соработката помеѓу институциите кои ги спроведуваат обуките на меѓународно ниво е од особено значење за подигнување на нивото на обуките во целост, што, пак, има позитивно влијание како на индивидуално (за безбедносната состојба на секоја држава одделно) така и на колективно ниво (за одржување на безбедноста на регионално и светско ниво). Битно е да се напомни дека предуслов за успешност во спроведувањето на овој тип на обука е претходно кандидатот да ги има реализирано останатите типови обука (основна и обука за средно-раководен кадар).

## ➢ ПЕРМАНЕНТНА (КОНТИНУИРАНА) ОБУКА

Современото полициско работење не може да функционира без постојана обука на кадрите кои се дел од полициската организација. Флексибилноста на криминогените фактори придонесува за развој на сите форми на криминал, што неопходно бара организиран пристап, кој го надминува конвенционалното справување од страна на органите задолжени за борба со криминалот. Соодветниот пристап на полициските службеници подразбира професионалност и стручност во областа во која постапуваат, а која постојано треба да се развива. Овој тип на обука го бара и постојаната промена на законските прописи, пристапите во работењето, но и промената на биомоторичките способности на полициските службеници, кои не се фиксна категорија.

Во поглед на био-моторичките способности, мошне битно е да се поставаат минимални критериуми кои треба да се задоволат, а кои полицискиот службеник треба да биде мотивиран да ги подобри, на тој начин што ќе знае дека компетитивноста ќе му биде соодветно вреднувана во работната средина.

Законските прописи се, исто така, предмет на постојана промена, заради што и обуката со кратко запознавање на последните законски измени треба да биде дел од перманентната обука на работникот. Тоа се краткотрајни обуки кои службата треба постојано да ги спроведува, со цел да ги подобри перформансите на полициските службеници. Притоа, најдобро е тоа да биде краткотрајна обука со времетраење од најмногу една недела во која полицискиот службеник ќе биде одвоен од работните задачи. Се покажало дека децентрализираниот тип на перманентна обука е поекономичен, односно организацијата на обуките со мал број на кадри кои на регионално ниво ќе опфатат повеќе полициски организации чини помалку финансиски средства.

## ЗАКЛУЧОК

Поимот „обука", генерално, подразбира систематско учење заради усвојување на определени знаења и искуства кои се потребни за извршување на определена работа или активност. И покрај тоа што обуката и образованието, генерално, ги имаат истите цели кои се од хуманистичка, економска и социолошка природа, сепак, се смета дека знаењата, вештините и однесувањето кои се стекнуваат при обуката се насочени кон тесно определена област. Самото спроведување на обуката не значи и нејзина ефикасност. Токму заради тоа современите полициски организации развиле повеќе видови обуки кои овозможуваат подобрување на професионалноста и стручноста на полициските службеници. Во полициските организации ширум светот, генерално, се застапени следните видови обука: основна обука, специјалистичка обука, обука на средно-раководен кадар, обука на високо-раководен кадар, перманентна (постојана) обука. Основната обука е темелот на полициското постапување, бидејќи е прва и неопходна за влез во полициската организација. Станува збор за точно определен концепт на теориска и практична настава, која се спроведува со цел кандидатите да ги стекнат потребните квалификации за полициски службеници.

Тенденција на сите развиени полициски организации е специјализација на полициските службеници во конкретна област заради што е предвидена специјалистичка обука, која може да се спроведе од надворешни и внатрешни кадри. Сложената организација на полицијата, која во себе опфаќа различни видови на старешински кадар наметнува потреба од различен вид на обука во зависност од видот на работното место во хиерархијата на Министерството, поради што постои обука за средно-раководен и високо-раководен кадар. Обуката на средно-раководниот кадар, најчесто, е насочена кон унапредување на менаџерските способности на старешинскиот кадар кој непосредно е поврзан со полициските службеници на терен (како што се началници, командири, сменоводители и слично), за разлика од обуката на високо-раководниот кадар која се спроведува повремено, а која има за цел следење на светските трендови и достигнувања во областа на полициското работење. Особено битна за оваа, но и за другите видови обука е меѓународната соработка во оваа област која на економски послабо развиените земји им овозможува да следат дел од иновациите во полициското работење.

Постојаната промена на законските прописи, пристапите во работењето, но и биомоторичките способности на полициските службеници бараат постојана, односно перманентна обука која ќе ги развива нивните перформанси и ќе ја унапредува нивната професионалност и стручност. Тоа се краткотрајни обуки кои полициската организација постојано треба да ги спроведува , а при кои полицискиот службеник треба да биде мотивиран да ја подобри својата компетитивност знаејќи дека тоа ќе му биде вреднувано во организацијата во која работи.

Но, она што е неспорно во полициската теорија е дека основите на полициската етика и деонтологија полицискиот службеник ги стекнува при основната обука, а потоа во текот на работењето постојано ги развива, градејќи секогаш позитивен однос кон државата, правните прописи, полициската организација, средствата за работа и граѓаните. Поголемата професионалност значи и намален број на злоупотреби, бидејќи професионалноста на полицискиот службеник значи примена на најсоодветните средства при

примената на дискреционите овластувања, во ситуација кога истиот располага со средства за присила кои имаат особена тежина при нивната употреба ако се земе предвид фактот дека, од една страна, се легитимни, а од друга страна, се тесно поврзани со пречекорување и на тој начин со повреда на основните човекови слободи и права.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Гаговска, Божна, „Профилирање на кадри во областа на безбедноста“. *Годишник на Факултетот за безбедност*. Скопје: Центар за образование на кадри за областа на безбедноста, 1998: 33-38.

Milosavljevič, Bogoljub, *Nauka o policiji*. Beograd: Policijska akademija, 1997.

Spahić, Taib, *Partnerstvo sa zajednicom preduslov uspešnog rada savremene policije*. Zenica: MUP Zeničko-dobojskog kantona, 1997.

Spahić, Taib, *Policijska obuka u Evropi Jedinstvo u raznolikosti*. Holzkirchen/Obb:Felix, 2005.

Spahić, Taib, *„Razvoj nacionalnih policija u Evropi“*. Sarajevo:CPU, 2012.

Стојановски, Трпе, *Полицијата во демократско општество*. Штип: „2 Август С“,1997.

Стојановски, Трпе, „Некои размислувања за полицискиот образовен модел“. *Годишник на Факултетот за безбедност*. Скопје: Центар за образование на кадри за областа на безбедноста, 1998:47-55.

Šentija Josip urednik, *Opća enciklopedija, dopunski svezak*. Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod, 1982.

Младен Трајков Александар Нацевски

# ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ЕДИНИЦА МЕРКА ЗА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ/ КАДЕТИТЕ/ КУРСИСТИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

м-р Младен Трајков
пензиониран виш полициски советник – обучувач
Министерство за внатрешни работи (Центар за обуки)
071 31 21 62
**e-mail:mladen.trajkov@gmail.com**
м-р Александар Нацевски
Министерство за внатрешни работи
072 305773
**aleksandarnacevski@hotmail.com**

## Апстракт

Мерит системот е претставен низ една развојна димензија во полициското образование, обука и, секако, во полициското работење. Преку вака поставениот труд се обидуваме да го доближиме системот на оценување во образовниот и работниот сегмент на полициските службеници за еден подолг временски период од 1946 година до денес. За постигнување на оваа цел, во трудот ќе бидат претставени следниве содржини: Вовед; 1. Општо за оценувањето како процес; 2. Оценување на учениците - кадетите во Средното училиште за внатрешни работи; 3. Оценување на курсистите учесници на основна обука за полицаец; 4. Оценување на полицајците на работното место

во Министерството за внатрешни работи; Заклучок и користена литература. Преку овој труд ќе дадеме добра основа на прегледен начин да се види како се одвивале овие процеси некогаш и денес и да ги мотивираме денешните менаџери на соодветен начин да го третираат процесот на менаџирање во полицијата.

**Клучни зборови:** оценување, образование, обука, полиција.

## ASSESSMENT AS A MEASURE UNIT OF STUDENTS / CADETS / COURSES STUDENTS AND EMPLOYEE'S PERFORMANCE IN THE MINISTRY OF INTERIOR

### Abstract

The merit system is represented through a developmental dimension in police education, training, and of course in police work. Through this work, we try to bring the evaluation system closer to the educational and work segments of the police officers for a longer period of time from 1946 to the present day. In order to achieve this goal, the following contents will be presented in the paper: Introduction, 1. Generally for assessment as a process, 2. Evaluation of pupils-cadets in the Secondary School of Internal Affairs, 3. Evaluation of the course participants in basic training for a police officer, 4. Assessment of the police officers at the workplace in the Ministry of Interior, conclusion and literature used. Through this paper we will provide a good basis in a transparent way to see how these processes have taken place then and now and to motivate today's managers to handle the process of managing the police properly.

**Key points**: assessment, education training, police

# Вовед

Успешноста на секоја организација од каков било вид е мерлива, а мерењето треба да претставува основа за натамошен развој и напредок на истата. Системот на мерење во зависност од типот на работата која се извршува е различен. Токму заради тоа во трудот паралелно ќе бидат претставени два мериторни процеса кои се клучни за успешно работење на полицијата што, пак, е услов за задоволството на граѓаните од сервисирањето на нивните потреби од страна на полицијата.

Првиот, е процесот на образование на полицискиот кадар и мерењето на образовната успешност некогаш и денес и вториот, е процесот на успешноста во извршувањето на поставените задачи на работното место. Иако зборуваме за два различни процеса кои се одвиваат во два различни сегмента од општествениот живот, сепак, нивната каузална поврзаност и успешноста изразени преку задоволството и незадоволството на граѓаните и тоа како треба да го интересира полицискиот менаџмент во образовниот и работниот процес. Но овде, неопходно е да појасниме дека во периодот од 1958 до 2000 година може да зборуваме за образование на основниот (милициски) полициски кадар, додека за периодите од 1946 до 1957 и од 2001 година до денес, станува збор само за обука на основниот полициски кадар.

Токму заради ова и различен е пристапот и методите на оценување, а, секако, и ефектите кои ги постигнуваат учениците, курсистите и вработените во полицијата, а со тоа и во Министерството за внатрешни работи. Заради можно подобрување на погореспоменатите процеси, во трудот се претставени добрите и слабите страни на одредени сегменти од процесите, а во заклучокот се дадени и одредени сугестии за надминување на слабостите и подобрување на процесите што е една од обврските за обезбедување на квалитет во работењето според меѓународните стандарди.

# 1. Општо за оценувањето како процес

Менаџментот воопшто и конкретно, образовниот и безбедносниот менаџмент, треба добро да ја познаваат и обработуваат менаџерската обврска ***оценување*** *(Suša, 2009:251, Буџакоски, 2003:107)***,** на способностите или компетенциите на кандидатите во процесот на селекцијата, образованието, работењето и развојот на кадарот *(Петковски,Стоилковска 2010:111).* Во овој контекст заради самиот наслов на темата нема да пишуваме за процесот на оценување кој е поврзан со процесот на селекција и изборот на кадарот за посетување на полициските обуки. Оценувањето како процес во образованието и обуката е тема на нашиот интерес во делот на образованието и тоа за еден подолг период, обработени преку: *историско-компаративниот метод (Мојаноски, 2012:344), методот на анализа на содржината на документите (Мојаноски, 2012:397), дескриптивниот метод (Мојаноски, 2012:387) и каузалниот метод (Мојаноски, 2012:388)* документите до кои успеавме да дојдеме во процесот на истражувањето.

Од друга страна, ќе го објасниме и системот на оценување на работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи особено на униформираниот дел – полицијата. Почетоците на полициското – тогаш милициското образование во сегашната Република Северна Македонија ги пронаоѓаме во периодот после 1945 година или по завршување на Втората светска војна. Во своите зачетоци процесот на оценување на лицата кои се наоѓале на курсевите за милиционери, немал некој развиен специфичен систем за оценување и токму заради тоа, се применувало искуството од образовниот систем во државата (кој, исто така, бил во своите почетоци) и начинот на оценување. Имено, бидејќи најчесто се работело за курсеви со траење од 6 месеци, после истекот на четири месеци теоретска обука во училиштето - Центарот за обука на милицијата, курсистите заминувале на двомесечна практична обука во милициските станици или воените единици каде што требало да работат. По истекот на практичната обука се враќале во училиштето

и го полагале ***завршниот испит,*** кој се состоел од полагање на сите стручни предмети кои ги изучувале и странски јазик за што добивале соодветна оценка.

## 2. Оценување на учениците - кадетите во Средното училиште за внатрешни работи

Во процесот на образованието во времето на постоењето на Средното стручно училиште за внатрешни работи (1958-1971) и Средното училиште за внатрешни работи „Елисие Поповски - Марко“ (од 1971 год.), подоцна Центар за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита (ЦОКБОС) „Елисие Поповски - Марко“ и Центар за образование на кадри за областа безбедност (ЦОКОБ), процесот на оценување е стандардизиран како и во останатите средни училишта. Дополнително, во овој процес се вклучени оценувања во делот: воена обука, стручно физичко, криминалистичка техника, безбедност на сообраќајот, дактилографија и странски јазик за кои е неопходна нивна практична примена (ова се однесува на ***кадетите*** од Средното училиште за внатрешни работи „Елисие Поповски - Марко“). После завршувањето на средното училиште од четиригодишно образование, учениците имаат обврска да изработат ***писмена матурска тема*** по еден од стручните предмети и да полагаат ***завршен матурски испит*** *(Правилник, „Службен весник на СРМ“, 20/1975).* Од полагањето на матурскиот испит се ослободени оние ученици кои последните две години покажале одличен успех. Овде е вредно да се напомни податокот дека за првпат во текот на 1980 година по приемот на работа на милиционерите од Средното училиште за внатрешни работи „Елисие Поповски -Марко“, во Министерството за внатрешни работи беа обврзани да го полагаат **државниот испит (Испит за стручна способност),** (Закон за внатрешни работи „Службен весник на СРМ“, бр.45/1972, член 83) по истекот на приправничкиот стаж од 6 до 12 месеци и дури тогаш можеа да добијат решение и да почнат самостојно да ги извршуваат работните обврски.

## 3. Оценување на курсистите учесници на основна обука за полицаец

За курсевите небитно дали траеле: три, шест или дванаесет месеци во Полициска академија, Центар за обука на Министерството за внатрешни работи, значајно е дека на крајот се спроведува завршно оценување. Погоре во општиот дел видовме дека курсистите полагале завршен испит на сите стручни предмети кои ги учеле. Оваа состојба е променета од времето на постоењето на Полициската академија и, секако, особено после имплементацијата на двата Европски проекта 2004/2005 и 2006/2008. Оттогаш, оценувањето се спроведува како дводелен паралелен процес којшто е меѓусебно зависен *(Петковски, Стоилковска 2010:111)*. На секој завршен квартален циклус (4 месеци), прво се полага писмен тест за стекнатите ***теоретски компетенции*** и се оценуваат ***компетенциите за одбранбените техники*** од специјалното физичко образование, а кога ќе се положи тоа, пред оценувачи од практика се оценувааат ***практичните компетенции*** за имплементација на стекнатите знаења и вештини. Ова може да се подразбере како заедничка одговорност на обучувачите од институцијата за обука на Министерството за внатрешни работи, Центарот за обука и теренските обучувачи од органите за внатрешни работи за комплетната обука и оценување на идните полициски службеници. На крајот, би сакале да претставиме дел од текстот на Алексовски со наслов: „По завршување на учебната 1963/64 година во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје, каде на крајот е содржината со наслов:***Збор-два за критериумот на оценување.***

„...За да добие одлична оценка (5), слушателот по сите поставени прашања треба самостојно да одговори без каква било помош од наставникот, до крај да ги исцрпи прашањата и при одговорот да не се служи со изнесените примери од наставникот туку со свои. Секако, потребно е точно и логично излагање.

За оценката многу добар (4), слушателот треба да го исцрпи целото прашање со мала помош на наставникот, да даде точно и логично излагање.

За оценката добар (3), односно доволен (2), (овде градацијата е малку потешка) неопходно е слушателот да ги знае основните, суштинските елементи на секое поставено прашање, односно треба добро да ги знае основните прашања од предметот па да добие преодна оценка..“ *(Алексовски, 1964, стр. 416).*

Заради покажување на состојбите со процесот на оценување од периодот на шеесеттите години ќе претставиме одредени просечни резултати за полесно компарирање.

Резултати на слушателите во ***прва година*** Средно стручно (СС) училиште, имало 42 слушатела, просечен успех (3,52). Во втора година (V-та генерација редовни матуранти) вкупно 29 слушатели, просечен успех (3,60) а матурскиот просечен успех (4,06). За приправничкиот курс од останатите 57 курсисти, 49 завршиле со успех, а 8 се упатени на поправен испит. „Во учебната 1961/62 година за првпат откако постои Средното стручно училиште почната е настава со ***вонредни слушатели***. Беа организирани центри за вонредни слушатели при СВР Скопје, Битола, Охрид, Штип и Тетово, каде имало повеќе од 80 слушатели од кои еден дел се откажувале. Интересни се резултатите кои се постигнати при оценувањето на вонредните слушатели:

1. Од вкупниот број (73) слушатели, ***45 % се упатени на поправен испит***, и тоа сите од по еден предмет,
2. Во сите центри е постигнат приближно ист просечен успех,
3. Просечниот успех на матурските испити е доволен (2,52)““ *(Алексовски, 1964, стр. 416).*

Според директорот на Центарот за стручно образование во Идризово, Димитар Грков „оваа класа, ***IV класа на приправничкиот курс за милиционери*** за разлика од другите, изминатите генерации слушатели милиционери, нешто заостанува со успехот, општата оценка на курсот изнесува 3,40“ *(Заштита бр.3, мај-јули 1965).*

# 4. Оценување на полицајците на работното место во МВР

Во Министерството за внатрешни работи од периодот после Втората светска војна до денес, постои и се користи процес на оценување на работењето на поранешните милиционери и денешните полицајци. Кога и да било работењето на поранешните милиционери и денешните полицајци морало да биде и нормативно регулирано и поткрепено за да се постигне посакуваниот ефект. Од аспект на пропишаноста или законската определеност на овој процес, постоеле следниве прописи по кои се постапувало:

1. **Општ колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност**, „Службен весник на РМ“, бр.39/1994;
2. **Колективен договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија**, „Службен весник на РМ“, бр.53/1995;
3. **Колективен договор на Министерството за внатрешни работи, „**Службен весник на РМ“, бр. 8/1998;
4. **Исправка на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи**, „Службен весник на РМ“, бр. 11/1998;
5. **Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „**Службен весник на РМ“, бр. 12/2000;
6. **Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи,** „Службен весник на РМ“, бр. 2/2003;
7. **Спогодба за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „**Службен весник на РМ“, бр. 3/2004;
8. **Општ колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија**, „Службен весник на РМ“, бр. 10/2008;

9. **Општ колективен договор за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија**, „Службен весник на РМ", бр. 85/2009;

10. **Колективен договор на Министерството за внатрешни работи**, „Службен весник на РМ", бр. 69/2015;

11. **Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи**, „Службен весник на РМ", бр. 227/2015;

12. **Колективен договор за изменување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи,** „Службен весник на РМ", бр. 177/2016;

13. **Колективен договор за изменување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи,** „Службен весник на РМ", бр. 269/2019;

14. **Колективен договор за изменување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи,** „Службен весник на РМ", бр. 279/2020.

Истовремено во Министерството за внатрешни работи се подготвени и подзаконски акти во кои се пропишани постапките по кои ќе биде спроведен процесот на оценување на вработените.

Такви подзаконски акти има неколку кои се надградувани и осовременувани со осознавањето на проблемите при нивното спроведување. Овде се претставени поновите.

1. **Правилник за критериумите и начинот на оценување на работата на полициските службеници, образецот на оценувачкиот лист и начинот на водење на евиденцијата,** „Службен весник на РМ", бр.42/07.
2. **Правилник за начинот и постапката на оценување на овластеното службено лице, содржината на извештајот за извршеното оценување, образецот за оценување и начинот на водење на евиденцијата**, „Службен весник на РМ", бр.126/2009.

3. **Правилник за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на писменото укажување во постапката за подобрување на ефектот, како и формата и содржината на извештајот за полугодишното интервју во континуирано следење на ефектот на работниците во Министерството за внатрешни работи**, „Службен весник на РМ“, бр.183/2014.
4. **Правилник за начинот на оценување на работниците, формата и содржината на образецот за оценување и образецот за годишно кариерно интервју, како и формата и содржината на извештајот за извршено оценување на работниците во министерството,** „Службен весник на РМ“, бр.32/2015.

Акцентот на оценувањето како процес во текот на работењето е многу значаен, бидејќи, на одреден начин ги принудува вработените да бидат во образовна, законска, физичка, практична и друг вид кондиција, која е неопходна за успешно завршување на годишното оценување. Вториот елемент кој е значаен за процесот на оценувањето во минатото е дека (оценувачи) биле претставници од Секторот за внатрешни работи (СВР), Министерството за внатрешни работи (МВР) и старешината на органот каде што се спроведува оценувањето. Во делот на оценувањето неопходно е да се претстави целокупниот процес на оценувањето којшто е поприлично строг и поставен на хиерархиска основа.

Имено, **првата група** во процесот на оценување е секојдневна обврска во организациската единица на сите раководители или одговорни од најниският до највисокиот во органот за внатрешни работи (ОВР). Овој процес е секојдневно оценување и контролирање на работењето на секој вработен, постојани секојдневни укажувања за одредени недоследности, посебно оценување на секоја употреба на средство за присилба, редовни - задолжителни контролни активности од страна на раководниот кадар на ОВР, Секторот за внатрешни работи и Министерството за внатрешни работи.

**Втората група** на оценување на работните активности беше ***процесот на варијабила*** (променлив - „варијабилниот“ дел на платата од 30 %, а подоцна 15 % од личниот доход) *(Колективен договор, 1998, член 73)* којшто вработениот може но не мора да го добие, доколку во текот на еден или три месеци не покаже задоволителни работни резултати (според личниот картон за работа на секој поединец) и ефикасност во работењето, а произлегуваат од ***Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 8 од 17 февруари 1998 година, во членовите од 73 до 75.***

Во однос на платата на вработените и нејзиното зголемување или намалување за износ од 30 % или подоцна од 15 %, поставени се следниве критериуми:

За ***неостварување на просечните, односно очекуваните резултати во работата*** може да се предложи платата за тековниот месец да му се утврди во намален износ во следните случаи;

- Недоволно ангажирање во извршувањето на работните задачи;
- Извршување на работите и задачите без потребен квалитет и начин како е програмирано и планирано или даден налог за работа;
- Неизвршување на работите и задачите во утврдените рокови;
- Покажана недоволна стручност и професионалност во примената на законските и други прописи;
- Неефикасно користење на работното време и
- Некоректно однесување кон работниците или трети лица и предизвикување на оправдани реакции и забелешки, што негативно се одразува врз извршувањето на работните задачи *(Колективен договор, 1998, членови од 73 до 75).*

Во случаите кога работникот остварил ***натпросечни резултати во работата***, односно работата ја извршил со особен успех и квалитет, може да се предложи платата за тековниот месец да му се утврди во зголемен износ, особено во следниве случаи:

- Особено ангажирање во извршувањето на работите и задачите од работното место или други определени работи и извршување на истите со посебен квалитет;
- Покажана иницијативност во работата која се манифестира со давање корисни предлози и решенија кои придонесуваат за поголема ефикасност и остварување на поголеми резултати во работата;
- Извршување на посеопфатни работи и задачи во однос на работите и задачите кои обично се извршуваат;
- Покажана особена стручност и професионалност во примена на законските и други прописи;
- Значителен придонес во спречување на сторување на кривични дела и други недозволени дејствија;
- Извршување на работи и задачи во случаи кога е потребно одлучување од поединец со што придонесува за зголемување на угледот на Министерството;
- Успешно и во текот на подолг временски период извршување на работи и задачи од отсутен работник и
- Учество во изведување на групни или поединечни, локални или републички акции и постигнување на особен успех во истите *(Колективен договор, 1998, членови од73 до 75).*

Раководителот на организациската единица за секој изминат месец врши *анализа на работата* на организациската единица и на секој работник, и утврдува дали конкретниот работник ги остварил просечните резултати во работата.

Чекор 1.: Предлог за утврдената плата на секој поединец поднесува раководителот на организациската единица каде работи работникот, а се поднесува *до организациската единица на Министерството надлежна за кадровски работи,* која го разгледува предлогот и дава мислење за неговата усогласеност со критериумите.

Чекор 2.: Доколку се утврди дека предлогот се заснова на пропишаните критериуми, истиот се доставува на мислење до соодветната *организациска единица во седиштето на Министерството која врши надзор над извршувањето на работите од соодветната област.*

Чекор 3.: По добиеното мислење предлогот се доставува до потсекретарот, односно директорот на Дирекцијата, заради нивна согласност и конкретен предлог за донесување решение *(Колективен договор, 1998, членови од 74 до 77).*

Чекор 4.: Против донесеното решение за зголемување или намалување на платата работникот има право на приговор до надлежната комисија при Владата на Република Македонија, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението *(Колективен договор, 1998, член 82).*

**„ВАРИЈАБИЛАТА“**, како алатка за вреднување на стручноста и работењето на секоја индивидуа посебно, имаше изразен психолошки ефект, особено над онаа категорија на милицајци/полицајци којашто не ги реализирала поставените цели и задачи, заради тоа биле казнувани, а истовремено претставуваше дополнителен мотив за оние полицајци кои успешно ги завршиле месечните обврски и биле финансиски стимулирани за 5, 10, 15 или 30 % зголемување на личниот доход. Но, сепак, како инструмент, покрај казната која ќе ја добиел милицаецот/полицаецот, психолошкиот ефект се рефлектирал во поглед на *неговото подобрување во извршувањето на работните задачи* кои му претстоеле за наредниот месец, од причина што, кај дел од нив се јавувало непријатно чувство, предизвикано од лошата постапка од работењето, особено од колегите со кои секојдневно работел, а истовремено и желбата за достигнување на нивното ниво, односно претензии кон награда со која сакал да се стекне. Ова бил мотивот кој ги стимулирал вработените на еден ***континуиран натпревар*** кој ќе биде подобар и на крајот на годината да биде прогласен и како најдобар милиционер/полицаец во градот. Во однос на оценувањето на физичките способности на вработените на пролет и есен задолжително е спроведувано пролетно оценување од аспект на: трчање на 1000 метри, трчање на 100 метри, скок во далечина, фрлање рачна бомба, и, секако,

оценување на стручно физичките способности – примената на одбранбените боречки вештини (овие оценувања ги спроведуваа вработени од Секторот за внатрешни работи кои беа задолжени за физичката подготвеност на вработените). За успешноста на сите овие процеси за развој на кадарот беа организирани: а) секоја недела задолжителна настава (теоретска изведувана од старешините од полициската станица, Секторот за внатрешни работи или Министерството за внатрешни работи) и б). Секоја недела два часа стручно физичко за секој вработен а на пролет и есен се спроведуваа заеднички маршеви **(во согласност со одобрената програма од министерот)** *(Колективен договор, 1998, членови 92 и 93).*

На крајот ја претставуваме и **третата група** на завршно годишно оценување, кое се спроведува пред следниве членови (оценувачи): претставници од Секторот за внатрешни работи (СВР), претставници од Министерството за внатрешни работи (МВР) и старешината на органот каде што се спроведува оценувањето (заради елиминирање на можноста од субјективност на поединец), *(Колективен договор, 1998, член 22).* Методологијата на оценување е следната: однапред се закажува денот на полагањето (годишното оценување во месец декември), се определува почетокот и просторијата каде ќе се спроведува и во определениот термин започнува процесот. Системот е како полагање на испит на високообразовна установа: на поголема маса се поставени наопаку испитни прашања најчесто по 3 или 5 од сите области на работењето, вработениот влече една комбинација и има можност за околу 5 минути да си подготви одреден концепт, а потоа кога ќе дојде на ред го предава испитното прашање и почнува со одговарањето, при одговарањето, речиси на секое прашање му се поставуваат уште по неколку дополнителни прашања и на крајот сите членови се изјаснуваат како поминал со давање на одговорите. Овде е особено важно да се каже дека, иако ***после три години незадоволителни завршни оценки*** вработените требаше да го изгубат работното место или да бидат прераспоредени на пониско работно место, ***овој сегмент не се спроведуваше*** и затоа не го даваше потребниот очекуван ефект. Денес, или во поново време од 2007 година до денес, овој процес е многу

поразличен и се спроведува на следниот начин. Процесот на оценување на работењето на „работниците“ во Министерството, се спроведува унифицирано за сите подеднакво на истиот начин според истата методологија која е предвидена во:

1. Правилникот за начинот и постапката на оценување на ***овластеното службено лице***, содржината на извештајот за извршеното оценување, образецот за оценување и начинот на водење на евиденцијата, „Службен весник на РМ“, бр.126 од 16 октомври 2007 година;
2. Правилникот за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на писменото укажување во постапката за подобрување на ефектот, како и формата и содржината на извештајот за полугодишното интервју во континуирано следење на ***ефектот на работниците*** во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 183 од 12 декември 2014 година;
3. Правилникот за начинот на оценување на работниците, формата и содржината на образецот за оценување и образецот за годишно кариерно интервју, како и формата и содржината на извештајот за извршено ***оценување на работниците*** во Министерството, „Службен весник на РМ“, бр.32 од 4.3.2015 година.

Според приложените правилници по кои функционира системот или методологијата на оценување, можеме да забележиме дека само во 2007 година се оценувале овластените службени лица, додека подоцна започнува процесот на истородно оценување за сите „работници во Министерството“, бидејќи веќе нема професија полицаец иако имаме Закон за полиција но нема полицајци туку има само ***полициски „службеник“*** - кој е овластено службено лице во согласност со одредбите од Законот за внатрешни работи, униформиран и неуниформиран припадник на Полицијата со полициски овластувања, кој врши полициски работи во согласност со закон *(Закон за полиција, 2015, член 2, точка 2)*. Од друга страна, ***работник во Министерството*** – е овластено службено лице во согласност со одредбите на овој закон *(Закон за внатрешни*

*работи, 2015, член 3, точка 3).* Ако се ова е вака тогаш се прашуваме што претставуваат останатите вработени во Министерството за кои нема посебни овластувања а не се во групата на државни службеници. Сепак, како и да е, да го објасниме процесот откако го дадовме неопходниот вовед. Според Правилникот за начинот на оценување на работниците, формата и содржината на образецот за оценување и образецот за ***годишно кариерно интервју,*** како и формата и содржината на извештајот за извршено ***оценување на работниците*** во Министерството, „Службен весник на РМ", бр.32 од 4.3.2015 година.

Според членот 19 точка 2 „работата на работниците се оценува еднаш годишно, најдоцна до 1 декември во тековната година". Оценувањето го врши *непосреден раководен работник* ***(изложено на субјективност)*** кој континуирано има можност да ја следи работата на работникот и двајца други работници во организациската единица во која работи работникот кој се оценува, од редот на работници со кои работникот непосредно соработувал (предвидено во членот 4, точка 1). Контролирањето му овозможува на раководниот кадар да го мери и оценува работењето во организацијата и исполнувањето на предвидените активности *(Малиш-Саздовска, 2014, 16).* Вака предвидениот член на раководителот му овозможува многу големи и само нему дозволени овластувања а за останатите двајца други работници (оценувачи) не е дефинирано дали тие двајца може да бидат оценувачи на сите останати вработени или само на еден или неколку и што со оние кои не се во најдобри (нарушени) професионални, меѓучовечки или други односи. Од друга страна, во текот на 2014 година, со Правилник за начинот на спроведување на ***полугодишното интервју***, формата и содржината на писменото укажување во постапката за подобрување на ефектот, како и формата и содржината на извештајот за полугодишното интервју во континуирано следење на ***ефектот на работниците*** *(Драгишиќ, 2007: 136)* во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ", бр. 183, се воспоставува нов институт или нов механизам **„полугодишно интервју"***(Петковски, Стоилковска 2010:161),* кое е предвидено во членот 2, став 1, кое е потребно да се спроведе со сите вработени најдоцна до 31 мај во тековната година. Ова полугодишно интервју

се зема предвид при утврдување на конечната годишна оцена од страна на оценувачот, за работењето на работникот во текот на целата година (член 22, точка 3). Овластувањата на ***оценувачот, стануваат безгранични*** бидејќи сега има овластување и тој: „... го пополнува образецот за годишното кариерно интервју (образец бр. 2), што е предвидено во членот 26 став 1. Сè ова, во процесот станува уште покомплицирано од повеќе причини: посебните овластувања на оценувачите, односот на оценувачот со поединец вработен и обратно, комплицираниот и недефиниран систем во кој е дозволено давање лични паушални оценки од оценувачот бидејќи не е дефинирано што е: **ефект** *(Миќуновиќ 1990: 215 – 1. резултат од некоја работа, последица, резултат, успех, корист, добивка; 2. силен впечаток),* а го има дури и во наслов на правилник, што е **кариера** *(Миќуновиќ 1990: 280 - 1. успешно унапредување во службата или знаењето, животен пат; 2. занимање, професија, знаење),* бидејќи има кариерно интервју, **интервјуто** *(Петковски, Стоилковска 2010:161),* како алатка е менаџерска алатка која најчесто се користи при прием за нови вработени или за вертикални или хоризонтални поместувања на вработените во една организација, фирма или корпорација, и на крајот, а можеби најзначајно е кои се резултатите од годишното оценување? Можеби најважно од сè би било следново: оценувачот, ако го работи само тоа во организациската единица, но тој е и раководен работник кој треба да го направи следново како оценувач:

- Прави распоред за оценување (член 20, точка 1) *(процес на планирање Драгишиќ, 2007:46);*
- Определува ден за оценување на секој работник поединечно и со лично присуство (проблематично за оние кои одат во смени);
- Определува колку е потребното време за поединечното оценување, пополнување и потпишување на потребниот образец;

- Спроведува полугодишно интервју, за што е неопходно претходно добро да ги проучи сите поединечни резултати за секој вработен;
- Пополнува образец за кариерно интервју;
- Подготвува планови за лично унапредување на секој вработен *(Драгишиќ, 2007:46),* неговото распоредување или унапредување, потребата од обука, како и давање сугестии и забелешки за начинот на функционирање во организациската единица;
- Подготвува Извештај со ранг-листа на годишните оценки, ја доставува до организациската единица за управување со човечки ресурси;
- Како и кога ги спроведува останатите работни обврски на раководител во организациската единица?

Бидејќи ова е многу комплициран и сложен процес, би дале еден измислен пример за некој оценувач во организациска единица во која има 100 вработени. За да се оценат 100 вработени кои одат во смени неопходно е потребно да се поседува одлична организациска способност, да се менува распоредот за работа, да се имаат предвид слободните денови, празници, други непланирани отсуства од работа и годишните одмори а, секако, и вонредното ангажирање на секој поединечен работник и во период од најмалку 3 месеци да се спроведе **„полугодишно интервју“,** потоа да се среди потребната документација - обрасците за да може веднаш потоа да се отпочне со процесот на **годишното оценување,** кое се спроведува еднаш во годината најдоцна до 1 декември во тековната година, да ги подготви потребните извештаи да ги архивира и да ги достави секаде каде е обврзан. Се поставува прашањето за ***ефектот од работењето како раководител на оценувачот***, ако за секое интервју се потребни во просек од 15 до 30 минути и го помножиме со 100 вработени, тоа се 3000 минути или поделено со еден час, тоа би биле 50 часа само за спроведување на интервјуто без потребните подготовки за истото или во

идеални услови (неможни) тоа се околу 6,25 дена по 8 часа ефективно работно време без пауза за ручек.

Истата постапка со малку подолго времетраење би ја повторил и за **полугодишното интервју** и за **годишното оценување**, а каде е времето за подготовка, проверка на евиденции, осмислување, пишување, испраќање на подготвените обрасци, извештаи, ранг-листи, планирање за подобрување на секој работник поединечно, планирање и спроведување на обуките и, секако, останатите работни обврски, користењето на годишниот одмор, непланирани отсуства, државни празници и други неработни денови а годината има само 365 дена.

Клучно е прашањето, колку оценувачот може да биде: **објективен, стручен, непристрастен, без надворешни притисоци од раководни работници или многу позначајно колку има време за сè ова да го спроведе соодветно, а истовремено успешно да ги извршува и преостанатите службени обврски?** Од друга страна, во Законот за внатрешни работи во членот 137 точка 6 е предвидено следново: „На работник кој две години последователно, односно три години во текот на пет години на оценување, ќе биде оценет со оценка ***„не задоволува“*** му престанува работниот однос, во постапка утврдена со закон и колективен договор“, колкава е одговорноста на оценувачот?

## Заклучок

Како заклучок од сè што погоре е претставено за процесот на оценување во еден поширок дијапазон, од примањето на кадрите за полициски службеници до нивното работење во Министерството за внатрешни работи, секако, дека процесот е премногу комплициран особено за вработените, посебно за оценувачите, а од друга страна, е изложен на многу субјективност, оставена во моќта на едно лице раководител на коешто дополнителните двајца членови илузорно е да се очекува дека ќе му се спротивстават.

Во Заклучокот би предложиле три клучни работи:

1. Враќање на системот на образование на основниот полициски кадар преку четиригодишно планирано и стручно образование на кадрите. Прво и основно, затоа што квалитетот на образовниот процес од четиригодишното основно полициско образование и постигнатите резултати од излезениот кадар не може да се постигне со ниту еден од погоре спомenатите курсеви или дополнителни обуки на работното место.

2. Враќање на ***системот за мотивирање*** *(Буџакоски, 2003: 46)* во работењето и воспоставување на натпреварувачки дух и постигнување поголема ефикасност и ефективност преку системот на **„ВАРИЈАБИЛА на личниот доход“**. Потребата од враќање на системот на варијабилата или месечното вреднување на постигнатите резултати на менаџментот му овозможува континуирано да го следи работењето на своите вработени и брзо да реагира на негативните ефекти. Од друга страна, системот за наградување за покажани резултати е дополнителен мотив за ефикасно работење а не, како сега: **„натпревар во неработење, за да не се погреши затоа што е изгубен професионализмот и владее незнаењето“,** резултатите за ова тврдење секојдневно ги гледаме во средствата за јавно информирање а посебно во извештаите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, Јавното обвинителство и Народниот правобранител. Можеби би било добро да се проучат и теоретските искажувања на Буџакоски, за „Ефикасниот модел на полициски менаџмент“ *(Буџакоски, 2003: 59-90).*

3. Процесот на оценување да не биде само од раководителот на организациската единица и уште двајца вработени од истата, туку да се воспостави надграден систем на оценување од Министерството за внатрешни работи, Секторот за внатрешни работи, и организациската единица, што ќе го принуди секој поединец задолжително да се подготви за годишното оценување, да го освежи и обнови сопственото знаење и вештини и да ги следи секојдневните законски промени а истовремено ќе ги надградува и сопствените комуникациски вештини преку усното одговарање. Овие се неопходните механизми за успешно справување со растечкиот криминал и слабеењето на

образованието на основната полиција надополнето со прекинот на комуникацијата со граѓаните, а позитивните ефекти ќе се постигнат преку ***враќање и вистинско функционирање на системот на секторско работење*** и ***примена на позорната и патролната служба*** но и многу помалку користење на службените возила за да се обезбеди ***успешна комуникација со граѓаните и да се стекне и поврати нивната изгубена доверба.***

## Поимник

**Воспитување** – подразбира интегрално развивање на личноста, нејзините сознанија и развојно-работните способности. Подразбира и развој на верувања, формирање и менување на ставовите, вредностите и погледот на светот. Некои автори, овој процес го дефинираат како развој на поединецот*(Suša, 2009, 209).*

**Едукација** – eng.(education) – поим кој е преземен од англискиот јазик, вообичаено се преведува како образование, што е погрешно бидејќи овој поим го опфаќа и поимот воспитување, како компонента од единствениот процес на образование и воспитување *(Suša, 2009, стр.209).*

**Ефект** – лат. 1. резултат од некоја работа, последица, резултат, успех, корист, добивка; 2. силен впечаток *(Миќуновиќ,1990, 215).*

**Ефект** - (лат. efficere, effectus) дејство, резултат, успех; физичка работа за единица време (секунди), (норма), работа која може да се изврши со работната способност на еден човек, машина, водопад и слично во единица време, односно во една секунда; номинален ефект, добивка или работа по пресметка; тотален ефект, вкупна активност, вкупна работа *(Вујаклија, 1980, 306).*

**Ефектен -** лат. што остава впечаток, уверлив, забележлив, силен *(Миќуновиќ,1990, 215).*

**Кадет** - фр. 1. питомец на воена школа, 2. помлад син, галениче во благородничко семејство, *(Миќуновиќ,1990, стр. 270).*

**Кадет** - фр. cadet, лат. caput) ученик, питомец на воена академија, офицерски приправник, помлад син, син миленик, особено во имотните семејства, кој се спрема за војна вежба, член на младата екипа на спортски клуб, *(Вујаклија, 1980, 382)*

**Компетенција** – (лат. competentia) надлежност, меродавност, способност (или: повиканост на судија за судење или оценување), поле на работење (или: подрачје) некоја надлежност, натпреварување на повеќе лица за некое место, тоа што се остава на должникот од тоа да живее *(Вујаклија, 1980, 442).*

**Компетенција** – репертоар на способности, активности за постигнување на посакуваните резултати, цели. Тие се контекстуално определени и произлегуваат од определено занимање и професионалните услови во кои се спроведува. Така компетенциите се во корелација со ефектот од работењето, кој може да биде измерен врз основа на некои прифатени стандарди и кој може да биде унапреден преку обука *(Курц и Бартрам- Kurtz & Bartram, 2002), (Кораћ, Б. И., 2014, 64).*

**Компетенција –** способност да се задоволат потребите на работното место и специфичните работни обврски (Европска фондација за обука – European Training Foundation), (Ivanković V., Obuka i razvoj zaposlenih, str.4 ).

**Компетентен** (лат. competens) надлежен, меродавен, формално или стварно оспособен (квалификуван) за некоја работа, способен *(Вујаклија, 1980, 442).*

**Обука** – стекнување нови практични знаења и вештини потребни за работа, раководење, управување и организациско однесување кон поставените правила, прописи и стандарди во краток временски период *(Suša, 2009, 209).*

**Обучувач** – е работник на Министерството за внатрешни работи кој работи на одредено работно место во конкретна организациска единица во Министерството по претходно завршена обука за обучувач, во согласност со одредбите на овој правилник *(Правилник за обука во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр.42/2015).*

**Образование** – организирано, рационално и економично стекнување и постојано обновување на широки теоретски знаења од применетите научни дисциплини и успешна работна практика, соодветна за активноста и целите на претпријатието заради унапредување на содржините и методите на работење, раководење и управување. Подразбира долгорочна активност на учење и подготовка на поединецот за различни улоги во општеството *(Suša, 2009, 209).*

**Оценувањето на перформансите на вработените** се дефинира како процес на организирано и континуирано следење, вреднување, насочување и приспособување на нивните резултати и однесување, заради постигнување на организациските цели, базирано врз соодветни критериуми, методи и системи на следење *(Кулиќ, 2005, преземено од Suša, 2009, 252).*

**Работни компетенции** – се збир од знаења, вештини и способност на работникот да ги извршува работите и работните задачи на работното место и истите можат да бидат општи и посебни *(Закон за внатрешни работи-пречистен текст 2015, член 3 точка 10).*

**Работник** – во смисла на колективниот договор е лице кое: 1. заснова работен однос на работно место со статус на овластено службено лице врз основа на склучен договор за вработување на неопределено или определено време, со полно, со пократко од полното и со скратено време во Министерството, 2. работи на работно место со статус на овластено службено лице со полно, односно со скратено работно време во Министерството (Колективен договор, 2015: член 3).

## Користена литература


1. Алексовски, М., 1964 По завршување на учебната 1963/64 година во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје, орган на Народната милиција на Народна Република Македонија, бр.4.
2. Буџакоски, С., 2003 Полициски менаџмент, Летра, Охрид.
3. Вујаклија М., 1980 Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд.

4. Драгишиќ, З., 2007 Безбедносни менаџмент, Јавно предузеќе „Службени гласник“, Универзитет у Београду - Факултет безбедности, Београд
5. Ivanković, V., Obuka i razvoj zaposlenih, Centar za razvoj ljudskih resursa I menadžment, MNG Centar d.o.o. (http://www.mngcentar.com/site/FileContent/PageProizvod/Sertifikacija/SertifikacijeZaMngCert/SertTrenMen524/Fajlovi/03.pdf).
6. Кораћ, Б. И., 2014 Различити приступи дефинисању компетенција наставника, Иновације у настави, часопис Учитељског факултета Универзитета у Београду, бр.4.
7. Малиш-Саздовска, М., 2014 Прирачник за безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје.
8. Миќуновиќ, Љ., 1990 Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје.
9. Мојаноски, Т. Ц., 2012 Методологија на безбедносните науки - основи, книга прва, Факултет за безбедност – Скопје.
10. Мургоски, Б., 2006 Некои аспекти на реформите во полицискиот и во едукативниот систем на полицијата, Современа македонска одбрана, бр.13.
11. Петковски, К., Стоилковска, А., 2010 Менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје.
12. Suša, B., 2009 Menadžmet ljudskih resursa, „CEKOM“ – books d.o.o. Novi Sad
13. Трајков, М., 2017 Развој на основното полициско образование во Република Македонија, 40 години високо образование од областа на безбедноста (концепти и практики), Меѓународна научно-стручна конференција, Факултет за безбедност – Скопје.
14. Трајков, М., 2017 Вистината и заблудите на проектот „community policing“ или „работење во заедница“ во Македонија, споредeн со традиционалниот модел на секторско работење, Ван Гог, Скопје.

# ЗАКОНСКИ И ДРУГИ ПРОПИСИ И ДОКУМЕНТИ


1. Закон за средно образование, „Службен весник на СРМ“, бр. 24 од 10 октомври 1970 година.
2. Закон за задолжително примање на приправници, „Службен весник на СРМ“, бр. 45/1972, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.
3. Списание на Државниот секретаријат за внатрешни работи на Народна Република Македонија, **ЗАШТИТА,** бр.3, мај-јули 1965).
4. Правилник за содржината и начинот на полагањето на завршниот испит во Средното училиште за внатрешни работи, „Службен весник на СРМ“, бр. 20/1975 година.
5. Закон за насочено образование, „Службен весник на СРМ“, бр. 16 од 22 мај 1985 година.
6. Општ колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, „Службен весник на РМ“, бр.39/1994 година.
7. Колективен договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија, „Службен весник на РМ“, бр.53/1995 година.
8. Колективен договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 8/1998 година.
9. Исправка на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 11/1998 година.
10. Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 12/2000 година.
11. Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи„Службен весник на РМ“, бр. 2/2003 година.

12. Спогодба за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 3/2004 година.
13. Општ колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, „Службен весник на РМ“, бр. 10/2008 година.
14. Општ колективен договор за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, „Службен весник на РМ“, бр. 85/2009 година.
15. Колективен договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 69/2015 година.
16. Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 227/2015 година.
17. Колективен договор за изменување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 177/2016 година.
18. Колективен договор за изменување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РСМ“, бр. 269/2019 година.
19. Колективен договор за изменување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РСМ“, бр. 279/2020 година.
20. Правилник за психофизичките способности што треба да ги поседува лице што се прима за работник во милицијата, „Службен весник на СРМ“, бр. 32 од 6 октомври 1967 година.
21. Правилник за критериумите и начинот на оценување на работата на полициските службеници, образецот на оценувачкиот лист и начинот на водење на евиденцијата, „Службен весник на РМ“, бр. 42 од 4 април 2007 година.
22. Правилник за начинот и постапката на оценување на овластеното службено лице, содржината на извештајот за извршеното оценување,

образецот за оценување и начинот на водење на евиденцијата, „Службен весник на РМ“, бр.126 од 16 октомври 2007 година.

23. Правилникот за критериумите и начинот на оценување на работата на полициските службеници, образецот на оценувачкиот лист и начинот на водење на евиденцијата, („Службен весник на РМ“, бр.42/07, член 2).
24. Правилник за начинот и постапката на оценување на овластеното службено лице, содржината на извештајот за извршеното оценување, образецот за оценување и начинот на водење на евиденцијата, („Службен весник на РМ“, бр.126/2009 година.
25. Правилник за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на писменото укажување во постапката за подобрување на ефектот, како и формата и содржината на извештајот за полугодишното интервју во континуирано следење на ефектот на работниците во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр.183/2014 година.
26. Правилник за начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр.13 од 28.01.2015 година.
27. Правилник за начинот на оценување на работниците, формата и содржината на образецот за оценување и образецот за годишно кариерно интервју, како и формата и содржината на извештајот за извршено оценување на работниците во Министерството, „Службен весник на РМ“, бр.32/2015 година.
28. Правилник за рамка на општи работни компетенции за работниците во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр.38 од 11.3. 2015 година.
29. Правилник за обука во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр.42 од 17.3.2015 година.
30. Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на

системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи, „Службен весник на РМ“, бр. 44 од 19.3. 2015 година.

## ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦИ

http://www.mvr.gov.mk/ (пристапено 12.6.2014)
www.slvesnik.com.mk (пристапено 13.6.2014)
www.inovacijeunastavi.rs (пристапено 10.7.2014)
http://www.mngcentar.com/Site (пристапено 10.07.2014)
www.mngcentar.com/Site/FileContent/Resource/Menu/BazaZnanja/Kompetencije/Fajlovi/PojamKompetencije.pdf (пристапено 10.7.2014)

Стевчо Јолакоски

# КРИМИНОЛОШКО-ВИКТИМОЛОШКИ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ И ПРЕВЕНЦИЈА НА СООБРАЌАЈНИТЕ ДЕЛИКТИ

Д-р Стевчо Јолакоски
Министерство за транспорт и врски
e-mail: stevcejolak@yahoo.com

**Апстракт**

Безбедноста во сообраќајот е тесно поврзана со безбедноста и здравјето на луѓето, како и со нивниот имот. Сообраќајот е во функција на брзиот развој на човештвото, но и причина за сериозни загуби на човечки животи, сериозни последици по човековото здравје, но и огромна материјална штета.

Потребно е научно анализирање и претставување на проблематиката на безбедноста во сообраќајот, особено од аспект на кривичните дела, кои се најчести кривични дела извршени од човекот, кои оставаат сериозни последици. Имајќи ја предвид сериозноста и масовноста на оваа општествено негативна појава, востановени се посебни методи и техники за следење на состојбите и за предлагање мерки за намалување на видот и бројот на извршени кривични дела од областа на сообраќајот. Со користење на дескриптивен метод, целта на овој труд е да се истакне дека со систематизираното следење на

состојбите на безбедноста во сообраќајот, водењето прецизна и точна евиденција и познавањето на современите светски трендови значително може да се влијае на намалување на последиците.

Секој учесник во сообраќајот носи одговорност за својата, како и за безбедноста на останатите учесници во сообраќајот, и тоа како возач, совозач, сопатник, пешак, мотоциклист, велосипедист. Безбедноста во сообраќајот е прашање од огромна важност за секого и неопходност којашто постојано треба да се унапредува и актуализира. Особено се поставува прашањето: Како да се обезбеди сигурност и безбедност во сообраќајот за оние кои се изложени на најголеми ризици – децата?

Превентивните активности во сообраќајот се разновидни и се применуваат со поддршка од многу државни органи и институции, како и од многу невладини организации. Безбедноста на сообраќајот на патиштата претставува состојба на оптимално, нормално одвивање на сообраќајот и на заштитата на учесниците и материјалните добра во сообраќајот, со елиминирање на можните извори на опасност или нивна контрола во однапред поставени граници. Во современите услови на живеење безбедноста во сообраќајот е еден од најкомплексните проблеми на општественото живеење на кој влијаат многу фактори.

**Клучни зборови**: сообраќај, безбедност, фактори, жртви на сообраќајни деликти.

## Вовед

Безбедноста во сообраќајот е тесно поврзана со безбедноста и здравјето на луѓето, како и со нивниот имот. Сообраќајот е во функција на енормниот и брз развој на човештвото, но и причина за сериозни загуби на човечки животи, сериозни последици по човековото здравје, но и огромна материјална штета. „Безбедноста во сообраќајот е таква состојба

на сообраќајот која значи негово одвојување без настапување на штетни последици (несреќи)“.

Оттука, потребно е научно анализирање и претставување на проблематиката на безбедноста во сообраќајот, особено од аспект на кривичните дела, кои дела се извршени од човекот и оставаат сериозни последици. Имајќи ја предвид сериозноста и масовноста на оваа општествено негативна појава, востановени се посебни методи и техники за следење на состојбите и за предлагање мерки за намалување на видот и бројот на извршени кривични дела од областа на сообраќајот. Систематизираното следење на состојбите на безбедноста во сообраќајот, водењето прецизна и точна евиденција и познавањето на современите светски трендови значително може да влијае на намалувањето на последиците.

Феноменолошките аспекти на науката за безбедноста во сообраќајот, сообраќајните деликти ги препознава како вид на престап условен од примената на сообраќајно средство и непочитувањето на сообраќајните прописи. Таа ги опфаќа кривичните дела од главата Кривични дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот. Особено е значајно да се напомни дека терминот сообраќајни деликти се користи за да се означат, единствено, кривичните дела од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, кои се однесуваат на безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот. „Кога станува збор за другите казниви (забранети) дела во нашиот правен систем, односно прекршоците и престапите, се користи терминот сообраќајна деликвенција“ (Бачановиќ 1997). Истражувањата за сообраќајната деликвенција може да бидат криминолошки и виктимолошки. Криминолошката анализа има за цел да претстави појава, причините за настанување на последиците, мерките кои треба да се преземат имајќи го

предвид однесувањето на сторителот, како би можело превентивно да се дејствува во сузбивањето и спречувањето на сообраќајните несреќи, а особено на сообраќајната деликвенција. Виктимолошката анализа, пак, има малку поинаков пристап. Виктимологијата или науката за жртвите ги изучува жртвите на кривичните дела и незгодите, со други зборови, го проучува страдањето на луѓето во ситуациите во кои учествува (или ги предизвикува) човекот. Виктимолошкиот пристап е значаен и може да биде корисен за сериозен пристап кон проучувањето на оваа проблематика, особено за:

1. Опсегот на страдањето на луѓето (виктимизацијата во сообраќајот);
2. Механизмите, причините и сторителите на тоа страдање;
3. Мерките за сузбивање и спречување на сообраќајните несреќи и намалување на последиците кај повредените во тие несреќи.

Превозните средства во современиот сообраќај станале средство, место и предмет на извршување на кривични дела и прекршоци, загадување на околината, нарушување на јавниот ред и мир, застој и прекин на сообраќајот. Превозните средства, прометот и учесниците во сообраќајот по последиците секогаш претставуваат латентна опасност на загрозување на општествените вредности. Најчести прекршувања на сообраќајните правила и прописи се: непочитување на ограничувањата за брзината на движење на возилата, возење под дејство на алкохол, непрописно престигнување, недржење на доволно растојание во колона, непочитување на прописите за сообраќај во зона на крстосница итн. Преовладува мислењето дека не постои личност со биолошки предиспозиции и генетски предодредувања да биде сообраќаен деликвент, но постои склоп на заеднички карактеристики на оние личности кои често прават сообраќајни прекршоци (Кралев 1996).

Секој учесник во сообраќајот носи одговорност за својата, како и за безбедноста на останатите учесници во сообраќајот, и тоа како возач, совозач, сопатник, пешак, мотоциклист, велосипедист. Безбедноста во сообраќајот е прашање од огромна важност за секого и неопходност којашто постојано треба да се унапредува и актуализира. Особено се поставува прашањето како да се обезбеди сигурност и безбедност во сообраќајот за оние кои се изложени на најголеми ризици – децата? Со други зборови – Како поефикасно да бидат заштитени од секојдневните закани во урбаниот сообраќаен метеж. Секој човечки живот е скапоцен. Секој изгубен млад живот е трагедија, не само за семејствата, туку и за целото општество. Затоа, децата уште од најрана возраст треба да се едуцираат за соодветно безбедно однесување во сообраќајот.

Таквата едукација би требало да започне од семејството, да продолжи во училиштето и да се спроведува во континуитет. Министерството за внатрешни работи е нераскинлив дел од безбедноста во сообраќајот, особено преку преземањето превентивни мерки и активности, совети и едукација. Министерството за внатрешни работи постојано води кампањи кои се однесуваат на превенцијата. Кампањите не се однесуваат само на возачите, туку и на децата од предучилишната и училишната возраст. Анимирањето на јавноста со кампањите, за жал, не го постигнуваат саканиот ефект, а не се постигнати поголеми ефекти ни со впишување казнени поени. Ниту еден друг вид деликти не се извршуваат толку често, ниту со толкав број на мерки и активности што се преземаат на превентивен план, како што е тоа случај со сообраќајните деликти.

Превенцијата на сообраќајната деликвенција се врши организирано, но и покрај сите заложби, ефектот е мал, дури и

незадоволителен, а показател за тоа се големиот број на сообраќајни несреќи, повредени или загинати лица и материјална штета.

Последиците од сообраќајните деликти се поврзани со сигурноста на човекот. Колку е поголема виктимизацијата на луѓето во сообраќајот, толку е поголемо и нивното чувство на несигурност, загрозеност, беспомошност. Оваа ситуација ја наметнува потребата да се проучува безбедноста во сообраќајот, а проучувањето поминува низ две фази: во првата фаза се посветува внимание на техничките аспекти на патот и возилото, а во втората фаза се посветува внимание на општествениот, односно хуманиот аспект. Ваквиот мултидисциплинарен пристап во проучувањето на безбедноста во сообраќајот е од големо значење, бидејќи за неа се интересираат и криминолозите и виктимолозите, а и многу други науки и тоа не само општествени, туку и технички, медицински и др.

## 1. Превентивна дејност во спречувањето на сообраќајните деликти

При превентивното постапување на полицијата, кога станува збор за сообраќајните деликти, се настојува да се проучува феноменологијата и етиологијата на виктимизацијата и криминализацијата поврзана со овие деликти. Постојат три групи на фактори кон кои треба да се насочи превентивната дејност на полицијата, а тоа се учесниците во сообраќајот, односно човекот, патот и возилото. Секако, треба да се посвети внимание и на улогата на жртвата, со што таа придонела да стане жртва и нејзината улога во сообраќајниот деликт.

Кога станува збор за факторот **учесници во сообраќајот**, тој не се однесува само на потенцијалниот сторител, туку, пред сè, и на потенцијалната жртва, особено што во одредени случаи тие се една иста

личност. Кога е во прашање виктимизацијата на лицата поврзана со сообраќајните деликти, како типични жртви се јавуваат пешаците, кои спаѓаат во категоријата најризични, односно најзагрозени учесници во сообраќајот (Јолакоски 2014). Правени се бројни истражувања со цел да се утврдат карактеристиките на пешаците кои најчесто се јавуваат како жртви на кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај. Николиќ-Ристановиќ во истражувањата за жртвите во сообраќајот тргнува од полот, возраста, занимањето и вработеноста на пешаците, како и на сторителите кај кои се зема предвид и евентуалната претходна осудуваност.

Со цел успешна превенција, без разлика на кој било криминал, потребно е полицијата своето работење да го темели на принципот на партнерство. Полицијата во секое партнерство се гледа како клучен партнер. Таа има значајна улога во идентификување и адресирање на конкретни проблеми поврзани со криминалот. Полициските службеници, кои се дел од едно мултисекторско тело, треба да имаат способност да работат со другите членови, претставници на другите институции и здруженија. За да се дејствува превентивно, потребно е да се обезбеди физичко присуство на полициските службеници на оние места на кои е зачестено вршењето на криминал, односно во овој случај станува збор за места на кои почесто се случуваат сообраќајни несреќи. Анализирајќи ги случените сообраќајни незгоди, според нивните карактеристики, облиците на сообраќајните прекршоци и кривичните дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот, се планираат, насочуваат и спроведуваат соодветни мерки и активности во функција на подобрување на безбедносната состојба во сообраќајот.

Една од превентивните мерки и активности, кои полицијата во соработка со другите служби за безбедност на патниот сообраќај, би

можела да ги преземе е дејноста да се насочува според местото и времето во кое најчесто се случуваат сообраќајни незгоди и сообраќајни прекршоци.

За да се намали бројот на сообраќајни деликти, исто така, треба да се посвети внимание и на техничката исправност на возилата, навремено вршење технички преглед на возилата, и да се спречи учество на технички неисправни или нерегистрирани возила во сообраќајот. Дел од превентивните мерки треба да се однесуваат на контрола на спроведувањето на возачките испити и обуката за возачи, со цел унапредување на сообраќајната култура и образование на возачите.

Кога се споменува превенцијата на сообраќајните деликти (и на сообраќајната деликвенција, воопшто), со право се истакнува дека превенцијата на ниту еден друг вид деликт не може да се пофали со толкав број на активности и преземени мерки. „Веројатно досега ниту на едно друго подрачје на превенција немало толку свесни и плански акции и пропаганда како во јавниот патен сообраќај. Активностите што се преземаат во сообраќајот можат да служат за пример за многу други области на криминална превентива. Превенцијата на сообраќајните несреќи и сообраќајната деликвенција се спроведува најорганизирано“ (Бачановиќ 1997).

Улогата на полицијата во превенцијата на сообраќајните деликти е голема. Полицијата се занимава со контрола и регулирање на сообраќајот, контрола на возачите и возилата, увид на местото на сообраќајните несреќи, санкционирање на прекршоците и др. Превенцијата се поврзува со факторите од кои зависи безбедноста во сообраќајот, а тоа се човекот (возачот), возилата и патот.

Превентивните активности во сообраќајот се разновидни и се применуваат со поддршка од многу државни органи и институции, како

и од многу невладини организации. Свесни дека превенцијата на толку значајното прашање на безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот не е ни малку едноставна активност, која бара вклучување на многу фактори на општественото живеење, многу држави во светот посветуваат исклучително големо внимание на воведувањето и развивањето на мерките и активностите за сузбивање и контрола на сообраќајните деликти и сообраќајната деликвенција. Во превенцијата во сообраќајот не треба да бидат вклучени само органите за внатрешни работи и органите на правосудниот систем, туку целокупното општество, општествено одговорните компании како и секој поединец.

Има повеќе примери кои укажуваат како и на кој начин науката, односно научните работници преку своите истражувања и анализи може да се вклучат во предлагањето превентивни активности и да помогнат на вистински начин да се користат придобивките од превенцијата во сообраќајот. За да покажеме што значи научната работа за превенцијата, го изнесуваме примерот од Институтот за научни истражувања на сообраќајните несреќи на Универзитетот во Станфорд, Соединетите Американски Држави. Констатациите до кои дошле научниците од Станфорд се објавени во студијата „Драстични мерки за намалување на бројот на загинати во сообраќајните несреќи“, според која во една општа кампања за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата би можеле да се спречат дури 95 % од сообраќајните несреќи, со што во САД би се спасиле 45.000 човечки животи годишно. Предложените мерки се однесуваат на намалување на бројот на лица кои управуваат возило под влијание на алкохол и намалување на просечната брзина на движење на возилото:

1. Доколку се одземат возачките дозволи на лица помлади од 21 година и на лица постари од 70 години (кои се вклучени во 40 % од сите сообраќајни несреќи во САД); доколку се одземат возачките дозволи на лицата кои управуваат со возилото под влијание на алкохол и тоа по првото сторување на делото одземање на три месеци, по второто на една година, а по третото сторување на делото, односно возење под дејство на алкохол – доживотно одземање на возачката дозвола. На овој начин, според процените би можеле да бидат одземени околу 20 милиони возачки дозволи, што претставува 1/5 од вкупниот број дозволи.
2. Доколку се намали брзината на сите сообраќајници за 20 % во однос на просечната брзина, со што секој возач во просек би поминувал по единаесет минути повеќе зад воланот; доколку просечниот американски возач би возел во просек побавно отколку денес, бројот на смртно настрадани би се намалил пропорционално со намалување на брзината. Како мерка се зема просечното време што просечниот возач го поминува во автомобилот. Намалувањето на брзината резултира со продолжување на времето на возење. Предложените резултати би изгледале вака:

- 5 минути дневно подолго зад воланот – 15.000 смртни случаи помалку;
- 10 минути дневно подолго зад воланот – 24.000 смртни случаи помалку;
- 15 минути дневно подолго зад воланот – 30.500 смртни случаи помалку;
- 20 минути дневно подолго зад воланот – 35.000 смртни случаи помалку.

3. Доколку се пристапи кон усовршување на патиштата, на тој начин ќе се зголеми безбедноста, ќе се прошири патната мрежа, ќе се зголемат капацитетите на постојните патишта, со што би се спречиле големите метежи и застои во сообраќајот. Научниците од Станфорд свесни дека големите автопати сами по себе привлекуваат сообраќај, не заговараат нивно зголемување; тие повеќе се за подобрување на условите за возење на кратки релации – по еднонасочни улици, отстранување на крстосници и воведување на кружен тек, изградба на пешачки подвозници или надвозници, поставување на средства за смирување на сообраќајот.[71]
4. Доколку би се презеле драстични мерки во поглед на конструкцијата на автомобилите, за таа цел ќе се примени сеопфатен нормативен зафат за задолжителна примена на прописите за безбедност на автомобилот. Конструкциското усовршување на автомобилот би го намалил бројот на загинати во сообраќајни несреќи за една третина.

Сепак, доколку би се намалиле максималните дозволени брзини и се заострат критериумите за тоа кој може да биде возач и под кои услови, бројот на смртни случаи во сообраќајот би се намалил за три четвртини.

Примерот на научниците од Институтот за научни истражувања на сообраќајните несреќи на Универзитетот во Станфорд го изнесовме:

1. е пример за примена на науката во истражувањето на безбедноста во сообраќајот;
2. ја покажува модерната концепција која може да се следи: дека решавачки фактор е човекот, дека најчеста грешка е брзината,

[71] Со што се отстрануваат колизионите места помеѓу возачите и пешаците.

дека за истражување на причините за несреќа е потребна примена на техниката, дека најефикасната превентивно-репресивна мерка е отстранување на сторителите на кривични дела и прекршоци од сообраќајот со одземање на возачката дозвола (трајно или привремено);

3. ги опфаќа сите битни зафати во системот човек-возило-пат-околина;
4. уверливо покажува дека вложувањата во сообраќајот се потребни и оправдани и водат кон зголемена безбедност во сообраќајот на патиштата и дека се „исплатливи“ дури и тогаш кога изгледаат дека се претерано високи.

## 2. Виктимогени предиспозиции

Истражувањата покажуваат дека пешаците-жртви најчесто постапуваат во согласност со законот и нивната виктимизација настанува како резултат на непрописното однесување на возачите. Придонесот на жртвата се состои од неправилно поминување на улицата надвор од пешачкиот премин, невнимателно излегување од автобус, непочитување на правилата на движење на пешаците во колона, како и улогата на алкохолот кој има значаен придонес за виктимизација на пешаците. Превентивните мерки и активности треба да се преземаат континуирано.

Одамна се надминати сфаќањата дека само возачот со своето возило, кое содржи огромна моќ и енергија, може да предизвика и да е главен виновник за сообраќајна незгода, а другите учесници во сообраќајот имаат споредна улога и можат да бидат само жртви. Бидејќи денес целокупното население учествува во сообраќајот, сè повеќе се посветува внимание на улогата, карактеристиките на пешакот, патникот, сопатникот дури и во ситуација кога самите стануваат жртви на

сообраќајна несреќа. Без разлика за какво кривично дело станува збор, многу е важна улогата на жртвата во делото и нејзиниот придонес да стане жртва. Кога станува збор за сообраќајните деликти и за придонесот на жртвата за настанување на сообраќајна несреќа, се истакнуваат лекомисленоста, недисциплината, непочитувањето на сообраќајните правила, како однесувања на едно лице кои најчесто придонесуваат тоа лице да стане жртва на сообраќајна несреќа. Во врска со улогата на жртвата и можноста таа да биде потенцијален сторител, во овој вид деликти постои една специфичност. Имено, кај овој вид деликти доаѓа до полн израз динамичното сфаќање на деликтот и односот деликвент – жртва, како и еден од трите типови жртви и со нив поврзаните фундаментални поими на жртвата што ги востановил Хентинг, а тоа е поимот: криминалец – жртва. Тој поим, всушност, означува исто лице кое во зависност од околностите, истовремено или сукцесивно, може да стане и криминалец и жртва (Бачановиќ 1997) .

Виктимизацијата на сообраќајните деликти ги препознава младите (децата од предучилишна и училишна возраст, како и возачите помлади од 25 години) и пешаците како најзагрозени и најнезаштитени категории учесници во сообраќајот.

Во сферата на сообраќајната деликвенција, значи дека секој учесник е потенцијален сторител на сообраќаен деликт, но и негова жртва. Денес во улога на предизвикувачи и на жртви, најчесто, се јавуваат децата, старите лица, како и лица кои во своите подоцнежни години се стекнуваат со право за управување со моторно возило или оние кои немаат доволно возачко искуство. Сè повеќе се посветува внимание и на пешакот и неговата улога во предизвикување на сообраќајна незгода. Покрај возачите, и пешаците се најзастапени учесници во

вкупниот број на субјекти во сообраќајот и многу често се јавуваат во улога на предизвикувачи на сообраќајни незгоди.

### 3. Придонесувачко однесување на жртвата

Возачите најчесто се во ситуација да предизвикаат сообраќајна незгода. Претходно во текстот веќе беше претставено дека факторот човек (возач) е најзастапен од сите фактори за безбедност во сообраќајот, кога станува збор за предизвикување на сообраќајни незгоди. Но, покрај возачите, многу често и другите учесници во сообраќајот (пешаците, мотоциклистите, возачите на велосипеди со мотор, велосипедистите, совозачите, патниците и други) самите придонесуваат да станат жртви во сообраќајни незгоди. Како најчести причини се бележат консумирањето алкохол, дрога, разговорот на мобилен телефон, друго невнимание на возачот, пешакот, велосипедистот или кој било друг учесник во сообраќајот (Јолакоски 2014).

Здравствените институции предупредуваат дека денес консумирањето на алкохол не е само привилегија на возрасните лица, туку и на младите чиј број станува сѐ поголем. Сѐ поголем е бројот на консументи на алкохол и меѓу жените. Ако се зголемува употребата на алкохол, тоа значи дека се зголемува и возењето под дејство на алкохол. Со зголемувањето на бројот на возачи под дејство на алкохол ќе биде зголемен и бројот на несреќите и жртвите како резултат на управувањето возило под влијание на алкохол. Секој трет возач под влијание на алкохол е на возраст од 18 до 24 години. Во секоја држава дозволената граница на присуството на алкохол во крвта кај возачот ја регулираат специјални закони. Според Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата не е дозволено да се управува со какво било возило ако дозволената граница на присуство на алкохолот во крвта е надмината.

Дозволената концентрација на алкохол во крвта во нашата држава е 0,0 5% за возачите аматери и 0 % за професионалните возачи (таксистите, возачите на товарни возила, возачите на автобуси, на работни машини и сите возачи на кои возењето им е основно занимање). Кога концентрацијата на алкохол во крвта е 0,05 % (односно 0 %) или поголема, тогаш се случуваат и оштетувања на психомоторните перформанси: возачот има побавно движење на очите и со тоа побавна визуелна перцепција; подолго време на реакција и обработка на информациите во мозокот. Ризикот за сообраќајна несреќа се зголемува со зголемување на концентрацијата на алкохол во крвта. Само една чаша алкохолен пијалак ја зголемува можноста за возачот да биде учесник во фатална несреќа за повеќе од 70 %.[72] Во однос на виктимизацијата на најзагрозените учесници во сообраќајот која е поврзана со алкохолот, истражувањето на Николиќ-Ристановиќ открива дека меѓу сторителите на кривичните дела од областа на безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот, дури 11,94 % биле под влијание на алкохол. Загрижува фактот дека 2,48 % од пешаците биле под дејство на алкохол (Ристановиќ н.д.) во моментот на нивната виктимизација. Утврдениот процент во реалноста е сигурно поголем, но алкохолизираноста не е секогаш утврдувана.

Дрогата, исто така, претставува сериозен проблем за учесниците во сообраќајот. По своите својства и карактеристики силно влијае на можноста за перцепција и процена на можната опасност во сообраќајот. Движењата се забавени, сетилата неактивни, па учесникот во сообраќајот кој е и под влијание на дроги и прекурсорни супстанции претставува потенцијална опасност за безбедноста и уредно одвивање на

[72] http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=384/ пристапено на 11.2.2016 година

сообраќајот и доколку биде затекнат под влијание на дрога, полицијата веднаш ќе го исклучи од сообраќај и ќе преземе соодветни мерки тој учесник да не се наоѓа на сообраќајниците.

Невниманието на учесниците во сообраќајот е една од најзначајните причини за предизвикување на сообраќајни незгоди. Овде предничат возачите, велосипедистите и пешаците, кои со своите дејства директно влијаат на безбедноста во сообраќајот. Најчесто станува збор за користење на мобилни телефони за време на управување со моторно возило, како и за користење на истите од страна на велосипедистите и пешаците кога се принудени да се движат по коловозот, а со тоа го одвлекуваат сопственото внимание и лесно може да се случи да станат жртва на сообраќајна незгода.

## 4. Пешаците во сообраќајот

Често се говори за улогата на пешаците во сообраќајот. Тие се најзагрозената и најранливата категорија учесници во сообраќајот. Нивната виктимизација зазема голем дел од црната статистика на повредени и загинати лица во сообраќајот. Како што видовме од досегашните примери, во најголем број од сообраќајните несреќи, пешаците стануваат жртви на сообраќајните деликти, но постојат бројни ситуации или поведенија на пешаците преку кои тие самите придонеле за случување на сообраќајната несреќа.

Најчести грешки во кои пешаците не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи се: движење по патот, невнимателно претрчување по патот надвор од обележан пешачки премин, движење по десната страна од патот, невнимателно излегување од автобус, невнимателно преминување или преминување на пешачкиот премин со двоумење,

невнимателно претрчување во зона на пешачки премин, непочитување на правилата за движење на пешаците во колона, поминување на пешачки премин на црвено светло и друго (Јолакоски 2014).

За да се надмине или да се ублажи состојбата во која пешаците се среќаваат како предизвикувачи на сообраќајни несреќи, полицијата презема сеопфатни превентивни, но и репресивни мерки.

Мерките кои на располагање ги имаат надлежните органи често се недоволни за подобрување на состојбата со безбедноста на пешаците, особено на најнезаштитената категорија – децата. Она што во светски рамки е потврдено, а е искуство предлагано со години, а понекаде и имплементирано како и кај нас, е поставувањето на средствата за смирување на сообраќајот на најчувствителните места каде се движат децата како пешаци и велосипедисти. Податоците дека нема регистрирано жртва или потешко повреден пешак во зоните на смирен сообраќај, дополнително ја потврдува тезата дека со поставувањето на средствата за смирување на сообраќајот во зоните пред детските градинки, основните, па и средните училишта, значително ќе влијае на безбедноста на децата во сообраќајот. Препорачувам почитување на целокупната законска процедура, следење на светските текови во однос на видот, материјалот и димензиите на средствата за смирување на сообраќајот и нивно соодветно поставување на најкритичните места. Превентивните мерки нема да бидат целосни ако изостане кој било елемент од сите битни фактори за безбедност во сообраќајот.

## 5. Средства за смирување на сообраќајот како превентивна мерка

Постојат бројни начини за контрола на сообраќајните текови, како и за превенција и репресија на сообраќајните деликти и сообраќајната

деликвенција. Во трудот стана збор за повеќе такви мерки и активности. Овде би се задржале повеќе на исклучително значајното прашање, кое како такво е препознаено и од научниците од Станфорд, а се однесува на поставувањето на средства за смирување на сообраќајот кои ќе одат во прилог на намалување на штетните последици преку елиминирање на колизионата зона помеѓу пешаците и возачите.

Општопознат факт е дека неприспособената брзина на движење во голем процент учествува во причините за случување на тешките сообраќајни несреќи. Предизвиците како да се контролира и намали брзината на движење секогаш се актуелни. Надвор од населените места се поставуваат сообраќајни патроли кои вршат редовно мерење на брзината на движење.[73] На автопатите и на другите патишта од повисока категорија се поставуваат камери кои ја регистрираат брзината на движење, а ги снимаат регистарските таблички, односно возилото на прекршителите, кои подоцна добиваат покана за наплата на глоба или друга мерка во зависност од прекршокот, на домашна адреса. На поголемите раскрсници се поставени камери кои го следат сообраќајот во зоната на раскрсницата и во догледно време ќе се активираат репресивните мерки против возачите кои прават прекршоци во зоната на раскрсницата.

Останува отворено прашањето како да се контролира брзината на движење на возилата во зоните каде е зголемено присуството на пешаци, особено на децата како најнезаштитена и најранлива категорија. На местата каде е можно тоа се пристапува кон изградба на пешачки мостови, надвозници или подвозници. Сепак, ограничениот простор и

[73] Истото е применливо и во населено место, особено на широките и пространи булевари каде се забележува масовна појава на пречекорување на ограничувањето на брзината на движење.

средствата не даваат можност да се градат такви сообраќајни површини на сите места каде за нив има потреба. Некаде се ограничува движењето на возилата во целост, односно се воведуваат пешачки зони или зони за пешачки сообраќај. Тие места, обично, зафаќаат големи сообраќајни површини и се наоѓаат во близина на плоштади, големи трговски центри, болници, отворени или затворени пазари, седишта на државни органи, како и на места каде се забележува зголемено движење на пешаци.

Според Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата предвидена е можноста за поставување на средства за смирување на сообраќајот. Според практичните искуства, средства за смирување на сообраќајот се поставуваат најчесто на улиците во близина на детски градинки, основни и средни училишта и по правило на секундарната патна мрежа. Не е дозволено поставување на вакви средства на примарната патна мрежа. Поставувањето на средствата за смирување на сообраќајот е оправдано и потребно поради многу причини (се зголемува безбедноста во сообраќајот на сите учесници на соодветните места; на улиците каде се поставени средствата за смирување на сообраќајот интензитетот на сообраќај се намалува во просек до 11 %[74]; поставувањето средства за смирување на сообраќајот на места каде е можно невнимателно преминување на деца преку коловозот, значително влијае на намалување на последиците по децата; последиците од несреќите се минимални, што позитивно влијае на намалување на материјалната штета предизвикана во сообраќајните несреќи, како и на штетата исплатена за повреди на пешаци; вкупната слика за безбедноста на сообраќајот се подобрува, особено во поглед на настрадани пешаци, како и деца во сообраќајот; позитивно влијае на намалување на

[74] Искуствата од Соединетите Американски Држави, улицата „Дорман“, пример на страница 170.

репресивните мерки против возачите кои ја пречекоруваат дозволената брзина во населените места, со што возачите помалку се оптоварени со казни и ограничувања на правото за управување со моторно возило; поставувањето на средства за смирување на сообраќајот претставува трајно решение за безбедноста на сообраќајот на местото каде се поставени, особено на безбедноста на пешаците).

Постојат и многу други оправдани причини за поставување на средствата за смирување на сообраќајот. Потребата од нивно воведување е евидентна, значително влијае на намалување на сообраќајните несреќи во кои страдаат пешаците, а позитивно влијае и на штетата од евентуалните несреќи. Потребно е понатамошно развивање на методите и средствата за смирување на сообраќајот и негова контрола, сè со цел поголема безбедност на сите учесници во сообраќајот и намалување на последиците од несреќите. Целосен успех и корист од поставените средства ќе има само доколку сите надлежни државни и локални органи на власт се посветени на превентивните мерки за безбедност во сообраќајот, даваат стручни процени за потребата од поставување на такви средства, навремено планираат средства за нивно поставување, квалитетно ја изведуваат работата за поставување – со соодветен и квалитетен материјал итн. Без целосна вклученост на сите одговорни, не е можна добра превенција во сообраќајот, а со тоа ќе изостане и потполната корист од средствата за смирување на сообраќајот.

**Заклучоци и предлози**

Безбедноста на сообраќајот на патиштата претставува состојба на оптимално, нормално одвивање на сообраќајот и на заштитата на учесниците и материјалните добра во сообраќајот, со елиминирање на можните извори на опасност или нивна контрола во однапред поставени

граници. Во современите услови на живеење безбедноста во сообраќајот е еден од најкомплексните проблеми на општественото живеење на кој влијаат многу фактори. Во структурата на сообраќајниот систем (човек-возило-пат-околина) според криминолошките истражувања сѐ уште доминантен е субјективниот фактор, односно возачите како активни причинители на разновидни состојби на загрозувања, опасности и сообраќајни несреќи (Мургоски 2013).

Сообраќајот е една од најзначајните гранки на општествениот и економскиот развој на човештвото. Без соодветни инвестиции во сообраќајот не може да се очекува развој на ниту една друга општествена гранка и не може да се очекува раст на бруто-домашниот производ и на намалување на невработеноста. Предизвиците кои претстојат се насочени кон поголеми инвестиции во патната и сообраќајната инфраструктура, што на среден и долг рок ќе резултира и со целосен развој на општеството.

Во овој контекст ги предлагаме следните превентивни мерки и активности:

- да се подобри едукацијата на децата во градинките и училиштата во однос на познавањето на сообраќајните правила и прописи, а посебно и на опасностите во сообраќајот;
- да се подобри сообраќајната сигнализација во државата;
- да се предвидат санкции и казни за неправилно поставување на средства за смирување на сообраќајот (да се пропише постапка за отстранување на средствата за смирување на сообраќајот доколку истите се поставени без одобрение и да се пропише казна и кривично дело за поставување на средства за смирување на сообраќајот без одобрение);

- поставувањето на средствата за смирување на сообраќајот да биде од привремен карактер, а времетраењето да биде во зависност од безбедносните услови во даден момент на патната мрежа каде истите се поставуваат;
- поставување на средства за смирување на сообраќајот во сите урбани општини на Република Северна Македонија, доколку за тоа има потреба.

Референци

Јусуфраниќ, Ибрахим, 2007, *Основи друмског саобраћаја.* Травник: Универзитет у Травнику.

Traffic calming schemes (Opportunities and implementation strategies) - Ingrid van Schagen, for Swedish Road Administartion (http://www.vv.se/PageFiles/14901/traffic_calming_schemes%5b1%5d.pdf?epslanguage=sv) [Accessed 11-11-2013].

3. Мургоски, Б., 2014, Сообраќајно безбедносна состојба и улогата на возачите во безбедноста во патниот сообраќај во Република Македонија. Зајечар.

4. Бачановиќ, Оливер, 1997, Полицијата и жртвите, „2 август- С“, Штип.

5. Јолакоски, Стевчо, 2014, Значењето на средствата за смирување на сообраќајот во насока на подобрување на безбедноста на секундарната патна мрежа (безбедносно – практичен и економски аспект), докторска дисертација, Факултет за безбедност, Скопје.

6. Јосифовски, Д., 2006, Сообраќајна психологија, Автомото сојуз на Македонија, Скопје.

7. Кралев, Тодор, 2004, Сообраќајна деликвенција, „Криминологија - преглед на основните поими“ НИП, Студентски збор, Скопје, , страница 219.

9. Ристановиќ-Николиќ В., 1987, Виктимизација пјешака у саобраќају и мере за њено сузбијање, Jugoslovenska revija za kriminologiju i krivično pravo, 2, str. 113-130.
10. Ротим, Ф., 1990, Експертизе прометних незгода, Znanstveni savjet za promet JAZU, Zagreb.
11. Копевски, Марјан, 2009, Елементи за смирување на сообраќајот. Скопје: Зборник на трудови од стручен собир, Средства и методи за наменско смирување на сообраќајот, Републички совет за безбедност на сообраќајот и патиштата, Скопје.
12. Council Decision 93/ 704/ EEC on the setting- up of Community data base on road traffic accident.
13. Department for transport, Traffic calming. London: Local transport note 1/07.
European Commission Working Group 5: Inventory of noise mitigation methods, Brussels,
14. Kooperatives Lärmsanierungsverfahren, initiirung und begleitung der pilotprojekte, Endbericht, SYLVIE - SYstematisch Lärm-sanierung von innerstädtischen WohnVIErteln, Wien, October 2002.
15. NCCHPP, Urban Traffic Calming and Health: A Literature Review, National Collaborating Centre for Healthy Public Policy. This series includes.
16. PBIC, Image Library by the Pedestrian and Bicycle Information Center provides an extensive collection of photographs related to walking and cycling.
17. Presto, Smirivanje prometa I biciklizam, Give Cyrcling a Push, Intelegent Energy Europe, str.1-5.
18. PTI, Slow Down You're Going Too Fast, Public Technology Incorporated. Good introduction to traffic calming.

19. Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на РМ, Зборник на трудови од стручното советување - Одржување на патиштата од аспект на безбедноста на сообраќајот на патиштата, Скопје, 2008 година.

20. http://www.rsbsp.org.mk/mk/galerija2.asp [Accessed 13-01-2014].

21.Traffic calming measures in built-up areas Literature Review - Tom Hummel, Archie Mackie and Pat Wells, for Swedish Road Administartion (http://www.vv.se/PageFiles/14895/traffic_calming_measures_in_built_up_areas%5b1%5d.pdf?epslanguage=sv) [Accessed 15-12-2013].

22. Traffic calming schemes (Opportunities and implementation strategies) - Ingrid van Schagen, for Swedish Road Administartion (http://www.vv.se/PageFiles/14901/traffic_calming_schemes%5b1%5d.pdf?epslanguage=sv) [Accessed 11-11-2013].

# НЕСООДВЕТНИОТ ТРЕТМАН ВО КАЗНЕНОПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ КАКО МОЖНА ПРИЧИНА ЗА ТЕРОРИЗМОТ ВО ЕВРОПА

**м-р Бојан Христовски**

Министерство за внатрешни работи

e-mail: hristovski.bojan@gmail.com

**Апстракт**

Тероризмот базиран на верско-политичката идеологија на „Исламската Држава“ е реалност на современите безбедносни системи која со голема веројатност долго ќе биде присутна во современото општество. Целта на овој труд е да се даде посебен осврт на опасноста од насилен екстремизам и тероризам, кои, како појави и активности, меѓу другото, произлегуваат од несоодветен третман во пенитенцијарните установи. Во таа насока, во трудот се истакнати повеќе аспекти и конкретни случаи на радикализација и тероризам како резултат од непримена и/или несоодветна примена на специјални програми на дерадикализација, како и неефикасна процена на ризик од рецидивизам и потреби на осудени лица. Притоа, обработени се случаи на терористички напади и други активности кои укажуваат на проблемот кој се истакнува во трудот и потребите за изнаоѓање конкретни решенија. Иако казненопоправните установи треба да се суштински партнер/субјект во безбедносниот систем во однос на дерадикализација и исклучување на насилство кај осудените терористи, се констатира дека, всушност, токму затворите во

многу случаи одиграле клучна улога во остварувањето на целите на многу екстремистички организации. Имено, несоодветниот третман во затворите овозможува прогрес на насилниот екстремизам и придобивање на нови следбеници, вмрежување на терористи и останати криминалци, размена на искуства, регрутирање на потенцијални напаѓачи итн. Казненопоправните установи се „нож со две острици“, од една страна, институции за ресоцијализација на осудени лица, а од друга страна, „Safe haven“ за терористи или училишта за екстремизам. Одговорноста во однос на тоа што ќе доминира, останува кај политичките фактори и надлежните пенитенцијарни установи.

**Клучни зборови**: тероризам, екстремизам, дерадикализација, ресоцијализација, третман

## Abstract

Terorism based on the religious and political ideology of “Islamic State” is a reality of modern security systems and as such it will likely continue to be present in our contemporary society. The goal of this paper is to provide an overview of the dangers from violent extremism and terorism, known among other things as occurrences and activities resulting from inadequate treatments within penitentiary institutions. This paper presents multiple aspects and specific cases of radicalization and terorism which are results of missing or inadequate utilization of dedicated deradicalization programs, as well as inefficient evaluation of risks of recidivism and the needs of convicts. We are going to examine cases of terrorist attacks and related activities which point at the problem being treated and the needs to find specific solutions. Despite the role of penitentiary institutions as an essential partner and subject within the

security system and in relation to deradicalization and violence repelance among convicted terrorists, it can be asserted that it is exactly prisons which in many cases had a key role in effectuating the goals of many extremist organizations. Namely, an inadequate treatment within these institutions is enabling progression of violent extremism, gaining new followers, networking between terrorists and other criminals, exchange of experiences, recruitment of potential attackers etc. The penitentiary institutions are a double-edged sword, since on one hand they enable resocialization of convicts but on the other hand they serve as a safe haven for terrorists and a school of extremism. The responsibility of what aspect ends up dominating remains within the political players and respective penitentiary institutions.

**Key words**: terrorism, extremism, deradicalization, resocialization, treatment

## Вовед

Сведоци сме на низа стравотни терористички напади кои изминативе неколку години се случија во повеќе градови во Европа. Најчести цели на терористите беа таканаречените „меки цели“, односно  напади на невооружени цивили на фреквентни локации во урбаните средини на европските метрополи без предупредување. Во споредба со минатото каде најчесто се користеле експлозиви како средство за напад, во последните случаи биле користени лесно достапни „оружја“[75] во остварување на нивните цели. Генерално, сите акти на тероризам во

[75] Карактеристично за терористичките напади што се случија во Европа во изминатите 5 години е тоа што напаѓачите користеле лесно достапни „оружја“ како што се патнички и товарни моторни возила со кои влетувале во поголема толпа народ, како и ладно, полуавтоматско и автоматско оружје.

Европа биле организирани, потекнувале или произлегувале од актерите и поддржувачите на идеалите на „Исламската Држава“, односно лица повратници од Сирија и Ирак или лица кои биле во непосреден контакт со нив.

Голем број „странски борци“ - терористи од паравоената „Исламска Држава“ веднаш по враќањето во земјите на потекло биле осудени и затворени за нивните дела. Оттаму, безбедносните, а во тој контекст и пенитенцијарните системи на современите општества, се соочија со нов предизвик во однос на сузбивање на радикализацијата во затворите, превенција од насилен екстремизам и тероризам, а сето тоа преку процес на ресоцијализација на една релативно нова и специфична категорија на осудени лица.

Процесот на ресоцијализација кај овие лица, во суштина, претставува процес на дерадикализација (промена на ставови) и исклучување на насилството како метод за остварување на нивните идеолошки цели. Дерадикализацијата во теорија претставува когнитивен процес насочен кон отстранување на екстремните ставови на личноста, а во исто време замена со поумерени ставови.[76]

Третманот на осудените лица во пенитенцијарните установи е сложен, тежок и долготраен процес, а навистина е предизвик кога станува збор за третман на осудено лице-терорист чија идеолошка матрица е силно вкоренета насилно-екстремистичка идеологија. Имено, комплексноста на третманот кај овој профил на осудени лица произлегува од специфичноста на мотивот за извршување на кривичното дело тероризам. Идеологијата на терористите е екстремно силна и уверлива, а при конфронтација на таа тема тие ја бранат со голем

[76] Jeswal, R., Treatment of offenders, with focus on terrorists in prison.

емоционален интензитет. Причина за тоа е самиот факт дека сѐ што е научено во состојба на силна емоционална состојба на умот се вкоренува во мозокот, па дури ја менува и когнитивната сфера, буквално, на невронско ниво.[77] Осудените терористи најчесто не се сметаат себеси за криминалци. Тие веруваат дека се затворени неправедно, заради нивната идеологија и кауза. Дури и по затворањето, тие не ги оставаат зад себе криминалното однесување и нивната идеологија, напротив, по правило, продолжуваат да дејствуваат и во нови специфични затворски услови каде ја зајакнуваат својата идеологија, вршат влијание и се вмрежуваат со останатите осудени лица.

Казненопоправните установи се единствените институции кои условно нудат директна можност за организиран и контролиран третман насочен кон дерадикализација на терористи. Во многу земји се применуваат и специјални програми за таа намена и во практика во повеќе случаи се покажале како успешни[78]. Покрај програмите за дерадикализација, а во нивна функција, пенитенцијарните установи неопходно треба да превенираат и од понатамошна радикализација во затворите, како и превенција од терористички активности координирани или организирани од затвор.[79] Во контекст на овој труд, радикализацијата би ја дефинирале како процес во кој индивидуи или групи прифаќаат екстремни политички, социјални и религиозни идеи и аспирации, вклучувајќи и употреба на насилство за постигнување на политички промени. Во таа насока, во согласност со голем број

[77] Jeswal, R., Treatment of offenders, with focus on terrorists in prison.

[78] Успехот во однос на спроведувањето на програми за дерадикализација е релативен. Сепак, може да се истакнат и успешно применети програми во Саудиска Арабија, Бангладеш и Индонезија.

[79] Global Counterterrorism Forum: Rome Memorandum on Good Practices for Rehabilitation and Reintegration of Violent Extremist Offenders.

„затворски случаи“, казнененопоправните установи со право се именуваат како „универзитети за терористи“[80].

Оттука, а за да се постигнат резултати во процесот на ресоцијализација, неопходна алатка во приемниот, но и во понатамошниот третмански период на осудените лица, е конструирање и примена на посебен инструмент за ризик и потреби на осуденото лице. Најбитни параметри на овој инструмент, а од аспект на ефикасна ресоцијализација, превенција од насилен екстремизам и тероризам, се утврдувањето на ризикот од рецидивизам и влијанието (двонасочно) кое би можело да се оствари кон останатите осудени лица, како и детектирањето на евентуална подводливост на осудените лица во однос на таканаречените радикални „лидери-идеолози“. Воедно, инструментот треба да ги детектира и потребите на осудените лица, а со цел креирање и спроведување на индивидуален третман во процесот на рехабилитација и реинтеграција.

Индивидуите најчесто се подводливи на верската радикална идеологија во околности на нарушен идентитет, а затворската средина ги стимулира осудените лица во потрага по нов идентитет, доверба и надеж. Радикалните лидери прилично ефикасно ја користат ранливоста и маргинализацијата која преовладува во затворите. Тие ги слушаат нивните проблеми од социоекономска, расна, етничка и друга основа, и преку користење на фундаменталистичка реторика лесно ги придобиваат и искористуваат осудените лица.[81]

[80] Rushchenko J., Terrorist recruitment and prison radicalization: Assessing the UK experiment of ‘separation centres’ (European Journal of Criminology)

[81] Rushchenko J., Terrorist recruitment and prison radicalization: Assessing the UK experiment of ‘separation centres’ (European Journal of Criminology).

Реалноста и практиката во однос на примената на индивидуален и специјален третман на терористи во казненопоправните установи, за жал, не само што некаде воопшто не се применува, туку и во земји каде се користи, не секогаш дава добри резултати.[82]

Оттука, се отвораат повеќе прашања поврзани со актуелниот ризик од потенцијални терористички напади како последица од несоодветен пенален третман на лица осудени за кривични дела поврзани со воениот конфликт во Сирија и Ирак. Во таа насока останува нејасно дали казненопоправните установи се центри за ресоцијализација, односно дерадикализација или тие во практика се таканаречени „терористички академии“, каде несвесно и несовесно се остава простор во нив да се одвива радикализација и регрутација на нови терористи. Дали таму терористите се дерадикализираат или, пак, во отсуство на соодветни рехабилитациски програми тие се реорганизираат, ја зацврстуваат својата идеологија, создаваат нови врски и контакти и нови „знаења“? И последно, дали „обичниот“ криминалец кој издржува затворска казна, наместо да се рехабилитира, може да се претвори во екстремист, а екстремистот во терорист?

## Терористички акти во Европа

Во изминатите 6 години, во споредба со претходниот период, е забележан значителен пораст на терористички напади извршени во земјите на Европската Унија. Имено, од почетокот на 2014 година до денес, во многу европски центри беа извршени повеќе од 50

[82] Преземено од INSIDER: „The Vienna shooter was released from a deradicalization program by duping his mentors into believing he had renounced jihadism, Austria says“, https://www.insider.com/vienna-attack-gunman-conned-way-out-deradicalization-program-austria-says-2020-11, пристапено на ден 9.11.2020.

„исламистички“[83] терористички напади, со што, несомнено, во континуитет се остварува целта на терористите, создавање страв, паника и немир кај целокупната популација на овие простори. Терористичките напади сѐ уште се актуелни во Европа, опасноста и ризикот сѐ уште постојат, а немилосрдноста на извршителите во изминатиот период ја држи будна безбедносно-разузнавачката заедница.

Според јавно достапните информации, терористичките напади во Европа најчесто биле надоврзани на екстремистичката идеологија на „Исламска Држава“, а преку истите, во континуитет се демонстрира дека нивната политичко-идеолошка идеја сѐ уште е жива.

Табела бр. 1. Терористички (џихадистички) напади во земји на Европската Унија според евиденции на ЕВРОПОЛ[84]

| Година | Терористички напади | Број на жртви (не се вклучени напаѓачи) | Неуспешни или спречени терористички напади |
|---|---|---|---|
| 2014 | 4 | 4 | / |
| 2015 | 17 | 150 | / |
| 2016 | 10 | 133 | 13 |
| 2017 | 10 | 62 | 33 |
| 2018 | 7 | 13 | 24 |
| 2019 | 3 | 10 | 18 |
| 2020 | 5 | 9 | 5 |

[83] Терористички напади извршени од страна на приврзаници на „Исламска Држава“ или „Ал Каеда“, како и самојстојни извршители т.н. „Lone wolves“.

[84] Преземено од Wikipedia: „Islamic terrorism in Europe“, https://en.wikipedia.org/wiki/Islamic_terrorism_in_Europe, пристапено на ден 10.11.2020.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 56 | 381 | 93 |

Паралелно со војната на Блискиот Исток, во многу земји далеку од центарот на конфликтот се одвиваше организирана пропаганда преку која „во името на исламот“ беа поттикнувани и регрутирани голем број „странски борци“ да се приклучат во политичкоидеолошката борба на „Исламската Држава“.

За време на конфликтот, но во најголем дел по неговото стивнување, „странските борци“ се враќаа назад во своите земји, каде во согласност со националните закони најчесто биле осудени на затворски казни за учество во странска војска, тероризам итн. Имено, казненопоправните установи биле пополнети со нови осудени лица коишто суштински се разликуваат од сите останати во установите. Во практика, за време на издржувањето на затворските казни се покажало дека активностите на „странските борци“ од позиција на насилен екстремизам и тероризам не губат на интензитет дури и по нивното затворање. Несоодветниот третман во затворите остава простор, посочените осудени лица да продолжат со активности со исто па дури и со посилно темпо, а во насока на остварување на нивните политичкоидеолошки цели.

Во насока на гореспоменатото, може да се забележи дека како директни или индиректни учесници во терористички напади се идентификувани и лица кои се радикализирале за време на издржување на затворска казна за друго дело кое не е поврзано со тероризам, или преку остварени посети на екстремисти и терористи, повратници од Сирија и Ирак кои издржуваат затворска казна. Многу од терористите кои извршиле напади во Европа во изминативе неколку години, издржувале кратки затворски казни за дрога и друг криминал.

Забележано е дека често во затвор истите ја прифаќале екстремистичката идеологија. [85] Воедно, евидентни се и случаи каде осудени лица за тероризам или учество во странска војска, дури и по издржувањето на затворската казна, каде условно поминале низ процес на дерадикализација, повторно го извршиле истото дело.

Влијанието на затворската средина и пеналниот третман во развој на насилниот екстремизам и тероризам

Се истакнуваат повеќе примери на несоодветен пенален третман во казненопоправните установи, каде е евидентна појавата на радикализација, активностите од позиции на насилен екстремизам, како и извршувањето на акти на тероризам од страна на поранешни осудени лица или лица кои биле во непосредна комуникација со осудени терористи.

Во таа насока, како конкретен пример може да се издвои случајот со Јорданецот Абу Мусаб Ал Закрави (Abu Musab Al Zarqawi). Имено, за него е познато дека започнал како обичен криминалец (сексуален престапник и дилер на дрога) кој издржувал затворска казна во Јордан, каде бил радикализиран, а подоцна станал лидер на терористичката организација Ал Каеда во Ирак.[86]

**Нападот на Еврејскиот музеј во Брисел на 24 мај 2014 година, бил извршен од страна на** Мехди Немуш (Mehdi Nemmouche), 29-годишен француски исламист со алжирско потекло. Тој користел автоматско оружје „калашников“ и убил 4 лица во Еврејскиот музеј. Набрзо потоа бил уапсен. Преку истрагата која следела, добиени се сознанија дека истиот издржувал петгодишна затворска казна во Франција, за сторено кривично дело кражба, а

[85] Преземено од „The New York: Times: Prison May Have Made Belgian Attacker a Radical, Officials Say“, https://www.nytimes.com/2018/05/30/world/europe/belgium-liege-gunman-radicalized.html, пристапено на ден 1.7.2018.

[86] Anne Speckhard (USA), Deradicalization/Disengagment strategies: challenging terrorist ideologies and militant jihadis.

бил ослободен во декември 2012 година. Додека бил во затвор, Мехди најчесто бил во друштво на верски екстремисти, преку кои најверојатно и самиот се радикализирал. Веднаш по напуштањето на затворот, во јануари 2013 година, заминал и се борел во Сирија, каде поминал околу една година. Набрзо по неговото враќање во Европа, Мехди го извршил терористичкиот напад.[87]

Нападот со камион во Ница, Франција, на 14 јули 2016 година, бил извршен од страна на вооружен следбеник на „Исламска Држава“ кој влетал со камион меѓу луѓе за време на државен празник, при што загинале 85 лица, а биле повредени повеќе од 300 лица. Извршител бил 31-годишниот Мохамед Лауеж Булел (Mohamed Lahouai Bulel), роден во Тунис, кој живеел во Ница, работел како возач-доставувач, женет и татко на три деца. Истиот претходно издржувал затворска казна, но дотогаш не бил познат на безбедносните служби како радикален исламист. Во врска со нападот, подоцна се јавила терористичката организација „Исламска Држава“ која ја презела одговорноста и го посочила сторителот како нивен следбеник.[88]

Извршителите на терористичкиот напад во Барселона, 2017 година, биле радикализирани и поттикнати од страна на лицето Абделбаки Ес Сати (Abdelbaki Es Satty), марокански имам во Рипол-џамијата во Каталонија. Тој претходно издржувал затворска казна за трговија со дрога. Во затворот остварувал комуникација со неколку членови на Ал Каеда, меѓу кои и Рашид Аглиф (Rachid Aglif), кој, пак, издржувал 18-годишна затворска казна за негово учество во терористичкиот напад во Мадрид, 2014 година. Конекцијата со наведените терористи, се верува дека била клучен фактор во

[87] Преземено од „BBC: Brussels Jewish Museum killings: Suspect 'admitted attack“, http://www.bbc.com/news/world-europe-27654505, пристапено на 10.11.2020.
[88] Преземено од „BBC News, Nice attack: What we know about the Bastille Day killings“, http://www.bbc.com/news/world-europe-36801671, пристапено на 9.11.2020.

радикализацијата на мароканскиот имам Абделбаки Ес Сати (Abdelbaki Es Satty), (Данливи, 2017).

Во експлозијата во Манчестер-арена, на 22 мај 2017 година, најмалку 22 лица загинале, а близу 250 биле повредени во нападот со импровизирана експлозивна направа во концертната сала во британскиот град. Експлозијата одекнала пред самиот крај на концертот на американската пејачка Аријана Гранде. Самоубиствениот бомбашки напад го извршил 22-годишниот британски државјанин со либиско потекло Салман Абеди (Salman Abedi)[89] Истиот, според официјални изјави, имал докажани линкови со „Исламска Држава", а во периодот пред извршување на нападот, се верува дека имал неколкунеделен престој во Сирија и Либија, а потоа остварувал и посети на припадник на „Исламска Држава" кој издржувал затворска казна во Ливерпул. Салман Абеди бил во блиски пријателски односи со Мохамед Абдалах кој во 2014 година, заедно со уште двајца британски државјани отпатувал во Сирија каде се приклучил кон „Исламска Држава". Целокупната организација на наведеното патување било изведено од помалиот брат на Мохамед Абдалах, 24-годишниот Абдалрауф Абдалах, за кој е познато дека имал цврсти линкови со „Исламска Држава", а, исто така, бил пријател со извршителот на нападот во Манчестер, Салман Абеди. Во 2016 година, Абдалрауф Абдалах бил осуден поради помагање на група за учество во странска војска и бил упатен на издржување на затворска казна во затворот Алткорс во Ливерпул. Интересно е да се напомни дека извршителот на терористичкиот напад остварувал посети

[89] Преземено од „The Telegraph: Everything we know about Manchester suicide bomber Salman Abedi", http://www.telegraph.co.uk/news/2017/05/26/everything-know-manchester-suicide-bomber-salman-abedi/ пристапено на 10.11.2020.

на Абдалрауф Абдалах во затворот, а последната посета била неколку недели пред нападот.[90]

Терористичкиот напад во Белгија во мај 2018 година, во кој загинаа 3 лица, бил извршен од 35-годишен Белгиец, кој според официјалните белгиски власти, се претпоставува дека е радикализиран во затвор. Тој, за време на нападот, на арапски јазик извикувал „Алах е голем". Извршителот, најверојатно, бил конвертиран во ислам преку контакти со екстремисти во затворот, но иако не се потврдени негови конекции со „Исламска Држава", терористичката организација преку медиуми ја презела одговорноста за нападот, нарекувајќи го извршителот „Војник на Исламска Држава".[91]

Понатаму би истакнале и три „македонски" актуелни случаи, кои во контекст на овој труд опишуваат три различни карактеристики на неефикасен третман во казненопоправните установи во земјава, но и во странство. Во таа насока, во продолжение се дава опис на лице кое е конвертирано и радикализирано во затвор, друг случај на рецидивизам поради отсуство на соодветна дерадикализациска програма, како и случај на лице, кое, иако поминало низ процес на дерадикализација во затвор, по напуштање на установата, го повторува делото, односно извршува терористички напад.

Неодамна јавноста беше запознаена со случајот на Филан Митрев, лице со македонско потекло со постојано место на живеење во СР Германија, кој во ноември 2019 година, заедно со уште 2 лица бил

[90] Преземено од „The Guardian: Jihadist with links to Manchester bomber is guilty of fighting for Isis", https://www.theguardian.com/uk-news/2017/dec/07/british-jihadist-mohammed-abdallah-isis-membership пристапено на 7.11.2020.
[91] Преземено од „The Washington Post: 3 killed in Belgium in suspected terrorist attack", https://www.washingtonpost.com/world/man-kills-3-in-belgian-shooting-authorities-are-investigating-as-terrorism/2018/05/29/93428996-6344-11e8-b166-fea8410bcded_story.html пристапено на ден 8.11.2020.

приведен, а подоцна и обвинет за подготовка на самоубиствен терористички напад врз ресторан во Заксенхаузен во близина на Франкфурт. „Салафистот“, како што го нарекува „Франкфуртер Рундшау“, за таа цел набавил повеќе продукти за изработка на импровизирана експлозивна направа. За среќа нападот не успеал, затоа што Филан Митрев се пофалил на социјалните мрежи пред да ја спроведе својата цел. Притоа, тој се обидувал на интернет да набави и автоматско оружје и муниција. Но и тој обид не успеал, затоа што при купувањето биткоини за кеш по очаен курс, Филан Митрев, всушност, налетал на измамничка фирма.

Во врска со наведеното лице, карактеристично е тоа што тој потекнува од високо ситуирано христијанско семејство. За време на неговиот постојан престој во СР Германија, во 2016 година издржувал 2,5-годишна затворска казна за изнуда и физички напади. Токму во казненопоправната установа, затворот во Франкфурт, Филан Митрев го пронашол „патот до верата“, односно преминал во ислам, се радикализирал и, воедно, станал поборник на „Исламска Држава“. Радикализацијата била придружена со создавање на омраза кон државата и „Западот“, а меѓу другото тоа било проследено и со негово постојано гледање на интернет-содржини со воени дејствија на Блискиот Исток. Оттука, по напуштањето на затворот во 2019 година, тој се решил во знак на протест да изврши самоубиствен терористички напад.[92]

Случајот со Филан Митрев е еклатантен пример на радикализација во затвор. Имено, таму, токму пред очите на вработените во установата тој „преминал во ислам и станал голем поборник на Исламска Држава“. По ослободувањето, наместо ресоцијализиран и

[92] Преземено од Вечер: „Филан Митрев: имав среќно детство, но бев наивен“, https://vecer.mk/node/523787 пристапено на ден 10.11.2020 година.

рехабилитиран, тој повторно бил приведен и обвинет, но овој пат за подготвување на самоубиствен бомбашки напад во името на „Исламска Држава“.

Во септември, 2020 година, македонските правосудни и безбедносни органи во Скопје и Куманово приведоа трочлена терористичка група која дејствувала на територијата на државата. Имено, на почетокот на 2019 година, еден од нив, лице со иницијали А.Б. создал терористичка/злосторничка организација во која членуваат В.А., Е.Љ. и уште неколку лица, и заедно формирале злосторничка организација „Ќелија“ со основи на идеолошката матрица на познатата терористичка организација ИСИС, со намера на изведување на терористички акти на цели на територија на државата. За остварување на таа намера, членовите на групата обезбедувале финансиски средства и набавиле поголема количина оружје, муниција и воена опрема меѓу кои пет автоматски пушки, пушкомитралез, три гранати за рачен фрлач, знаме со испишани арапски букви (ИСИС), марама со испишани арапски букви. Исто така, во претресите биле пронајдени и одземени два појаса рачно изработени, исполнети со прашеста материја (експлозив), метални кугли (лагери) монтирани на картонска подлога и две запалки од рачна бомба за активирање на појасите, две направи со жици од разна дебелина. Горенаведените предмети јасно укажуваат на опасноста и намерата на напаѓачите.

Поради наведените дејствија, поднесени се кривични пријави против Б.А. (28) од Куманово, а кој престојувал во Скопје, за сторено кривично дело „терористичка организација“ предвидено и казниво по членот 394-а став 1 и „тероризам“ по членот 394-б став 6 в.в. став 1, како и против В.А. (22) и Е.Љ. (25), двајцата од Куманово, за сторени кривични дела „терористичка организација“ по членот 394-а став 2 и „тероризам“ по членот 394-б став 6 в.в став 1 од Кривичниот законик.[93]

[93] Преземено од интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи: „Сузбиена терористичка група: тројца членови приведени, а оружјето и опремата запленети“,https://mvr.gov.mk/vest/12711 пристапено на ден 9.11.2020 година.

За разлика од случајот со Филан Митрев, лицата Б.А., В.А. и Е.Љ. се рецидивисти, кои претходно за сторено кривично дело „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ од членот 322-а од Кривичниот законик биле правосилно осудени и издржале казна затвор. Поточно, тие биле приведени во Република Турција при обид за заминување во Сирија и приклучување кон паравоената „Исламска Држава“. Карактеристично за овој случај е тоа што за време на издржувањето на затворската казна, при употребата на инструмент за ризик и потреби на осуденото лице, односно процена за ризик од рецидивизам, која била дел од целокупниот третман во казнено-поправната установа, за едно од овие лица дала резултат „МНОГУ НИЗОК РИЗИК“.[94] Судејќи според кривичното дело за кое истите се осомничени, несомнено, станува збор за погрешна процена. Очигледно е дека непосредно по завршувањето на затворската казна, лицето со процена „многу низок ризик“, повторно извршува кривично дело поврзано со претходното за кое веќе бил осуден. Воедно, се истакнува и дека трите осудени лица, затворската казна ја издржувале во иста казнено-поправна установа, што, секако, остава простор за понатамошна нивна комуникација на штета на пеналниот третман.

Во однос на третманот во казнено-поправните установи во земјава, според истражувањата на авторот[95], како и според најновите неофицијални информации, сè уште не се применува посебен третман за осудени лица – терористи. Имено, иако се работи на креирање на посебна програма за рехабилитација (дерадикализација) на терористи, во практика таква програма во македонските затвори не постои и сè уште не се применува.[96]

---

[94] Христовки, Б., „Дерадикализација на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во казнено поправните установи во Република Македонија“, во насока на превенција од тероризам“, магистерски труд одбранет на Факултетот за безбедност - Скопје, 2019, стр.147.

[95] Тврдењето се темели на истражување и спроведено интервју со официјален претставник на националната Управа за извршување на санкции во земјава, како дел од магистерски труд на авторот на тема „Дерадикализација на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во казненопоправните установи во Република Македонија“, во насока на превенција од тероризам“ од 2019 година.

[96] Христовки, Б., „Дерадикализација на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во казнено поправните установи во Република Македонија, во насока на

Несоодветниот пенален третман, а во случајов отсуство на специјална програма за дерадикализација и исклучување на насилство, може да продуцира ризик од извршување на терористички напади. Во наведениов случај за трите лица, произлегува дека тие не биле ресоцијализирани и дерадикализирани, напротив, за групата овој пат постои основано сомневање дека подготвувала самоубиствени терористички акти, што во суштина е дури и потешко дело за разлика од претходното за кое веќе биле осудени.

На почетокот на ноември 2020 година, во центарот на Виена се случија серија терористички напади во кои животот го загубија 4 цивили. Како главен извршител, од страна на австриските власти беше посочен дваесетгодишниот Австриец со македонско/албанско потекло, Кујтим Фејзулаи кој по извршувањето на терористичкиот напад бил убиен од страна на полицијата. Во нападот, младиот „исламски“ терорист користел автоматска пушка, пиштол и мачета.[97]

Пред извршувањето на нападот, на неговиот личен интернет-профил бил истакнат арапскиот збор „Baqiyah“, кој е дел од фразата „Исламската држава останува и се шири“, со што јасно се отсликува мотивот за извршување на кривичното дело.

Терористот кој го извршил нападот, од претходно ѝ бил познат на Австриската федерална служба за борба против тероризмот (БВТ). Имено, во април 2019 година, тој бил осуден на 22 месеца затвор за терористичко здружување, поточно, поради обид да отпатува во Сирија каде планирал да се приклучи кон „Исламска Држава“. Во обид да ја премине турско-сириската

---

превенција од тероризам“, магистерски труд одбранет на Факултетот за безбедност - Скопје, 2019, стр.173.

[97] Преземено од „The Guardian“: „Vienna shooting: fourth victim dies as police make several arrests - as it happened“, https://www.theguardian.com/world/live/2020/nov/03/vienna-austria-synagogue-terror-attack-police-live-updates
пристапено на ден 11.11.2020.

граница бил приведен, по што бил депортиран во Австрија. Заслуга за спречениот обид за приклучување кон паравоената организација имала неговата мајка која го пријавила синот за исчезнат.

Според засега познатите информации, во минатото многумина го препознавале Кујтим како мирно момче и талентиран спортист, воспитуван во чесно, работничко, културно и традиционално муслиманско семејство. Судејќи според изјавите на неговиот адвокат, мајката на Кујтим, во очај и покајание, во целост ги осудувала постапките на својот син.

Кујтим не издржал ниту половина од казната, односно предвреме бил ослободен на 5.12.2019 година, врз основа на законска регулатива предвидена за помлади престапници. Во тоа време, австриските власти оцениле дека тој не е способен да изврши напад и дека повеќе не се смета за опасен. Оваа одлука била донесена откако Кујтим поминал низ процес на дерадикализација за време на неговиот престој во затвор, за што било задолжено специјализираното здружение „Дерад“. Според министерот за внатрешни работи на Австрија, Кујтим „совршено“ ја измамил програмата за реинтеграција на џихадистите во општеството.

Во овој случај се истакнува една карактеристична несреќна коинциденција. Во нападот на Австриецот со албанско потекло Кујтим Фејзулаи, една од жртвите било лицето Неџип Вренези од струшкото село Велешта, со албанско потекло и исламска вероисповед, како и извршителот на терористичкиот напад. Реакциите за смртта на ова младо невино момче, покрај неговото пошироко семејство, ја шокираше и вознемири и целата албанска јавност. Според изјави на блиски роднини на жртвата, „Куранот не кажува да убиваш луѓе. Бог вели да ги сакаш луѓето, да бидеш добар со нив, овие се убијци и треба да се казнат. Како што се зборуваше низ медиумите, тој бил во затвор. Тука е виновна и државата што го пуштила порано, треба да има безбедност,

како може Албанец да пука во Албанец“.[98] Реакциите за грозоморниот чин на Кујтим Фејзулаи одат дотаму, што дури и управата на муслиманските гробишта во Виена не дозволува погреб на загинатиот напаѓач, за што добиле и поддршка од исламската заедница. Причината за нивната одлука се темели на ставот дека „тој е убиец кој убил невини луѓе и со тоа им нанел штета на сите муслимани“.[99]

Конкретната несреќна коинциденција во случајот на Кујтим Фејзулаи, односно ставовите и реакциите на семејствата на жртвата и напаѓачот, како и Албанската и Исламската заедница, спонтано изврши влијание во јавноста, а можеби тоа допрело и до осудените лица -терористи, нивните семејства, пријатели итн.

Во согласност со повеќе меѓународни теоретски пристапи но и практичното искуство во спроведување на програми за рехабилитација и реинтеграција на терористи, наведениот случај создава поволни услови и реални можности за сузбивање на екстремистичката идеологија и насилството кај одредени профили на лица. Имено, овој случај продуцира можност за креирање на конкретни рехабилитациски програми, кои преку организиран пристап и канализирање на изјави и ставови во насока на поткопување на насилниот екстремизам, би биле употребени во функција на третманот во казненопоправните установи.

---

98 Преземено од „Спектра“: „Неџип излегол да го прослави вработувањето – Кујтим заминал, па се вратил повторно да пука кон него“, https://spektra.com.mk/nedhip-izlegol-da-go-proslavi-vrabotuvaneto-kujtim-zaminal-pa-se-vratil-povtorno-da-puka-kon-nego/ пристапено на ден 11.11.2020 година.

99 Преземено од „Вечер“: „Муслиманските гробишта во Виена не дозволуваат погреб за Кујтим Фејзулаи, дали ќе биде погребан во Македонија?“, https://www.vecer.press/%d0%bc%d1%83%d1%81%d0%bb%d0%b8%d0%bc%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b3%d1%80%d0%be%d0%b1%d0%b8%d1%88%d1%82%d0%b0-%d0%b2%d0%be-%d0%b2%d0%b8%d0%b5%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%b5-%d0%b4%d0%be/ пристапено на ден 13.11.2020.

## Заклучок

Несоодветниот третман во пенитенцијарните установи може да продуцира ризик од терористички напади, а како последица од неконтролирани активности на радикализација и насилен екстремизам. Отсуството на примена или неефикасна примена на специјални програми за рехабилитација на терористи во затворите, може да се одрази на штета на целокупниот процес на ресоцијализација. Имено, неопходно е засегнатите земји и нивните пенитенцијарни системи, во континуитет да работат на креирање и примена на соодветни програми за рехабилитација (дерадикализација) и реинтеграција на осудени лица - терористи, а за ефикасен и функционален третман потребно е создавање на сите неопходни кадровски, организациски и технички услови во затворите.

Рехабилитацијата и реинтеграцијата на осудените лица – терористи содржат низа предизвици на лично и институционално ниво, а тоа се должи на активностите во минатото што индивидуите ги поминале, лично или како дел од терористичка организација. Имено, нивните социоопштествени односи најчесто биле ограничени во рамките на групата или организацијата, а нивниот личен идентитет го граделе во согласност со колективот. Според тоа, градењето на нов идентитет, повторното менување на перцепцијата кон светот, реинтеграцијата кон поранешни социјални друштва или потрагата кон нови, се сериозни предизвици со кои осудените лица не би можеле да успеат без стручна помош и поддршка од општеството.

Потребно е програмите за дерадикализација да вклучуваат мерки и активности преку кои ќе се спротивставуваме на екстремистичката идеологија, а преку разобличување на погрешни и општествено-штетни политичкоидеолошки вредности. Во процесот на рехабилитација кај осудените лица – терористи потребно е да се идентификуваат и создаваат можности и околности кои предизвикуваат сомневања за нивните дела и ставови. Треба да се детектираат, посочуваат и истакнуваат идеолошки контрадикторности,

двојни стандарди на лидери во однос на следбеници, можности за подобар социоекономски стандард и слично.

Особено внимание треба да се посвети на пристапот и конфронтацијата со осудените терористи, што претставува исклучително тешка и комплексна активност и затоа е неопходно да се изврши адекватен избор на програма, личност, тема, динамика итн. Мерките за стимулација во рехабилитационите програми, преку ефикасно организирање на издржувањето казна затвор, треба да содржат поволности како што се овозможување на квалитетна здравствена заштита, општо и верско образование, стекнување вештини, спорт и рекреација, евентуално склучување брак и слично.

Воедно, во програмите, од исклучително значење се организираните активности во кои би биле вклучени членови на семејствата на осуденото лице, семејства на жртвите од тероризам, почитувани и кредибилни верски лица, теолози, влијателни личности од општествено-политичкиот и културниот живот, а во некои случаи и поранешни рехабилитирани терористи.

Во согласност со дадените услови и можности, треба да се користи секоја прилика за креирање и спроведување на организирани, насочени и плански активности за дерадикализација и исклучување на насилство кај екстремни структури во казненопоправните установи, но и надвор од нив. Имено, програмите за рехабилитација на терористи, неопходно треба да ги третираат осудените лица и во постпеналниот период, каде, всушност, тие се соочуваат со нови пречки и предизвици. Реинтеграцијата на поранешните терористи во општеството е потешка во однос на останатите поранешни осудени лица. По издржувањето на затворската казна тие често се соочуваат со двојна стигматизација во општеството, како поранешни осудени лица, а воедно и како поранешни терористи. Оваа тема заслужува посебно внимание.

Рехабилитацијата и реинтеграцијата на осудените лица – терористи налага потреба од колективна акција на сите општествени фактори. Имено, покрај казненопоправните установи, за успешна реинтеграција на осудените лица – терористи, неопходно е и учеството на други фактори меѓу кои би ги истакнале безбедносните органи, локалната самоуправа и микрозаедниците,

образовните институции, Исламската верска заедница, цивилното општество и, секако, семејството и пријателите.

Опасноста од насилен екстремизам и тероризам е реалност која постои и понатаму ќе опстојува паралелно со сите останати општествени појави. Сузбивањето на екстремистичката идеологија и превенцијата од тероризмот е голем предизвик дури и за најразвиените држави. Успехот за дерадикализација на терористи и спречување на потенцијални терористички напади останува неизвесен, но и покрај тоа, засегнатите држави треба постојано да работат во насока на изнаоѓање на нови идеи и решенија за подобрување на капацитетите на пенитенцијарните системи, а со единствена цел - побезбедно општество за сите.

## Користена литература


Ashour, O., „The de-radicalization of Jihadists: Transforming armed Islamist movements“, London and New York: Routledge, 2011.

Bjørgo, T., & Horgan, J. (Eds.), „Leaving terrorism behind: Individual and collective disengagement“. Abingdon: Routledge, 2009.

Demant, F., Slootman, M., Buijs, F., & Tillie, J, „Decline and disengagement. An analysis of processes of deradicalisation“. Amsterdam: IMES, 2008.

International Peace Institut (IPI), „Countering Violent Extremism: Learning from Deradicalization Programs in Some Muslim-Majority States“, Conference, March 16-17, 2010.

International Crisis Group in 2007 published an excellent report on prison deradicalization in that country: Crisis Group, „Deradicalization and Indonesian Prisons“, Asia Briefing No. 142, Jakarta, November 19, 2007.

Workshop on Counterterrorism Prison intelligence, Valletta, Malta, Juli, 2017 (Organized by IIJ, with the support of the Department of States, within the ICITAP program).

Global Counterterrorism Forum: Rome Memorandum on Good Practices for Rehabilitation and Reintegration of Violent Extremist Offenders.
Jeswal, R., Treatment of offenders, with focus on terrorists in prison.
Global Counterterrorism Forum: Rome Memorandum on Good Practices for Rehabilitation and Reintegration of Violent Extremist Offenders.
Speckhard, A., (USA), Deradicalization/Disengagment strategies: challenging terrorist ideologies and militant jihadis.
Rushchenko J., Terrorist recruitment and prison radicalization: Assessing the UK experiment of ‘separation centres’ (European Journal of Criminology).
Б. Христовски, „Дерадикализација на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во казненопоправните установи во Република Северна Македонија, во насока на превенција од тероризам“, магистерски труд, Скопје, 2019.

## Интернет-извори

INSIDER: „The Vienna shooter was released from a deradicalization program by duping his mentors into believing he had renounced jihadism, Austria says“, https://www.insider.com/vienna-attack-gunman-conned-way-out-deradicalization-program-austria-says-2020-11.
Wikipedia: „Islamic terrorism in Europe“, https://en.wikipedia.org/wiki/Islamic_terrorism_in_Europe.
The New York: Times: „Prison May Have Made Belgian Attacker a Radical, Officials Say“, https://www.nytimes.com/2018/05/30/world/europe/belgium-liege-gunman-radicalized.html.
BBC: Brussels Jewish Museum killings: „Suspect 'admitted attack“, http://www.bbc.com/news/world-europe-27654505.
BBC News, Nice attack: „What we know about the Bastille Day killings“, http://www.bbc.com/news/world-europe-36801671.
The Telegraph: „Everything we know about Manchester suicide bomber Salman Abedi“,

http://www.telegraph.co.uk/news/2017/05/26/everything-know-manchester-suicide-bomber-salman-abedi/.

The Guardian: „Jihadist with links to Manchester bomber is guilty of fighting for Isis“, https://www.theguardian.com/uk-news/2017/dec/07/british-jihadist-mohammed-abdallah-isis-membership.

The Washington Post: „3 killed in Belgium in suspected terrorist attack“, https://www.washingtonpost.com/world/man-kills-3-in-belgian-shooting-authorities-are-investigating-as-terrorism/2018/05/29/93428996-6344-11e8-b166-fea8410bcded_story.html.

Вечер: „Филан Митрев: имав среќно детство, но бев наивен“, https://vecer.mk/node/523787.

Министерство за внатрешни работи: „Сузбиена терористичка група: тројца членови приведени, а оружјето и опремата запленети“, https://mvr.gov.mk/vest/12711.

The Guardian: „Vienna shooting: fourth victim dies as police make several arrests - as it happened“, https://www.theguardian.com/world/live/2020/nov/03/vienna-austria-synagogue-terror-attack-police-live-updates.

Спектра: „Неџип излегол да го прослави вработувањето – Кујтим заминал, па се вратил повторно да пука кон него“, https://spektra.com.mk/nedhip-izlegol-da-go-proslavi-vrabotuvaneto-kujtim-zaminal-pa-se-vratil-povtorno-da-puka-kon-nego/.

